СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 137

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од првото продолжение на Триесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 април 1992 година

Скопје, април 1992 година

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од првото продолжение на Триесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 април 1992 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собраниеот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да почнеме со работа.

Морам да ви се обратам пред да минеме на наредната точка, прво да констатираме пратениците Драги Гроздановски, Благоја Чкатровкси, Михаил Пановски и Наум Симјановски ме известија дека од одредени причини односно од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата мнозинството пратеници на Сообранието се присутни и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа.

Пред да минеме на точката 3, морам да ви се обратам и да ве замолам да им дозволиме на пратениците од Радовиш да кажат за тамошната состојба. За вчерашниот настан околу состојбата во Радовиш и тоа е само информативно и тоа е прва информација на пра-тениците кои беа таму.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Јас би предложил, бидејќи знам дека расправата за буџетот ќе трае малку подолго, а актуелната состојба во Радовиш и бидејќи имаме ставено точка за состојбата што беше Куклиш да ја расправаме како точка 1, да се изенесат податоци и сознанија од Радовиш, а потоа да се премине на разгледување на буџетот. Во ред, информативно јас морам да кажам, но да се постави точката за веднаш малку иритирана не малку туку повеќе иритирана јавноста во Радовиш и сигурно заслужува да расправаме за ова како најнова актуелност, а потоа да поминеме на буџетот. Да се изјасни Парламентот дали ќе го прифати тој предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам вака да постапиме. Сега да почниме со буџетот да расправаме, а во текот на расправите и паузите кој ќе ги даваме и кога ќе биде и министерот за внатрешни работи овде, тогаш да побараме негова прва информација за настаните во Радовиш, а истовремено да минеме на онаа точка да ја апсолвираме точката за формираше на една група која ќе добие задача да ја испита состојбата во Куклиш и во Радовиш. Таа иста група да биде задолжена за двете работи. Ние неможеме да водиме расправа денес, бидејќи немаме никаков пишан материјал и немаме пропрецизни податоци. За тоа не ќе можеме да водиме расправа.

Дали е можно така да се договориме? (може)

Продолжуваме со работа.

Минуваме на точката 3.

Предлог за донесување на закон за учество на Република Македонија во финансирањето на изградбата на Хидросистемот "Лисиче" Титов Велес со Предлог на закон.

Го молам известителот да го изнесе ставот на Комисијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, овој предлог на закон го добивме, меѓутоа ставот на Комисијата во изградба на правниот систем неможе да се донесе закон за одредена материја или за одредена личност, дали тоа ќе се работи за правно лице или за физичко лице. Законот ќе има општо значење и ќе се однесува за сите правни лица на државата како и сите физички лица. Ваква работа по мислење на Законодавно правната комисија неможе да се прифати и ваков закон неможе да се донесе бидејќи не се оди на подобрување на системот и слично. Поради ова ако во буџетот има средства, Владата при спроведување на буџетот за потребите кој се јавуваат од една или друга предност во цела Република ќе може да врши и интервенции. Меѓутоа, другите дел што е најбитен Владата неможе да учествува во инвестициони изградби сега со решавање на пооделни закони. Затоа сметаме дека овој закон нема законска и уставна основа.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека со поднесување на законот за системот "Лисиче" и амандманот за буџетот должен сум да дадам едно пошироко објаснување пред Парламентот и пошироко пред јавноста што претставува системот "Лисиче" За градот Титов Велес и поширок интерес во цела Република. Системот "Лисиче" претставува хидросистем за двојна намена. За добивање на ладна вода за пиење на градот Титов Велес и пошироко и наводнување на преку 4.000 хектари земјиште со можност на дополнување на езерото Младост од каде што ќе се дистрибуира вода за наводнвување и на дел спрема Џумајлија и на дел од Светиниколската Општина. Овој проект веќе се работи повеќе од 5 години и досега во изградбата на проектот учествуваа граганите на општината Титов Велес. Тоа го прават преку месен самопридонес и преку придонес од доходот на работни организации на Титов Велес. Никој досега овде не учествувал во финансирањето на ова. Само за информација, треба да кажеме дека целиот објект чини некаде околу 50 милиони долари. Досега од финансиите кои што беа обезбедувани и ефектуирани за овие години направен е цевовод од 20 км. за вода, направена е филтер станица и почетни работи на браната на системот "Лисиче", каде што сега се некаде околу 15% веќе извршени. Така, во тој дел извршен е при крај оточниот тунел кој што е 500 метри долг, почнато е да се работи контролната кула за дистрибуирање на ладна вода за пиење и топла, површинска вода за наводнување и подготовка на теренот на браната со расчистување веќе со пробивањето на тунелот кој што треба да биде барем според информациите некаде до месец јуни да почне и најважниот дел на браната, тоа е дијафрагмата на браната, а после останува само овој насип мислам земјен насип на браната.

Општината како општина Велес досега ги обебзедуваше овие средства и понатаму ќе обезбедува средства сигурно, само приднесот продолжува се распишува нов самопридонес за водоснабдување и хидро мелиорација односно навуднување, но не ќе може сама да го изгради овој систем заради тоа што ако вака продолжи да го изградува ќе треба најмалку 10 години од овие извори сегашни што ги обезбедува само општината да се гради

оваа брана. Тоа е еден период за кој што Велес како град е загрозен, еколошки загрозен заради состојбите еколошки кој што се во градот односно опасноста која што се наложува над населението кое живее овде. Еве зошто. Заради тоа што паѓањето на тешките метали, а неможноста испирање на улиците од тешките метали, затоа што нема вода, се повеќе и повеќе ќе ја загрозува средината во овој град.

Второ, за да се подобри еколошката средина на градот потербно е пошумување. Без вода пошумување исто така нема, а знаете каде се наоѓа Велес и какви се падавините во тој дел. Значи, неопходно е да има вода и за наводнување, за пошумуваше на околината со цел за подобрување на еколошката средина во градот.

Понатаму, поливањето на земјоделските и градинарските култури кои што се засадуваат во околината на Велес неможе да се врши од реката Вардар заради тоа што реката Вардар е од преку 4 на загаденост, што значи дека таа вода не е употреблива за миење на раце, а камо ли за наводнување на градинарски култури или вода за пиење или за кување или како сакате кажете. Ситемот на бунарите од која што користеше општината односно градот денес вода за пиење, се непосредно до Вардар. Овие бунари се вон употреба. Освен за тешнолошка вода таа вода несмее да се употребува, санитетски не смее да се употребува. Заради тоа што употребата на таа вода само може да го наруши здравјето на луѓето кои што ке ја употребуваат. Тоа значи системот "Лисиче" е живот за граѓаните на Титов Велес и пошироко. Мислам дека треба да разбере и овој парламент и Владата и пошироко целото општество во Република Македонија дека на овие луѓе треба на некој начин да им се помогне. Ако досега не им се помогнувало барем сега да им се помогне. Општината врши напори да најде извор на средства за кредитирање на овој систем. Но, во овие услови на локална самоуправа Собранието нема лигитимитет да бара гаранции за кредити. Уште повеќе ја усложнува состојбата со градбата на хидросистемот "Лисиче" . Барани се гаранции на кредити преку други работни организации. Ке го спомнам "Макметал", сигурно Владата знае за тоа. Тие гаранции неможат да се обезбедат, затоа што состојбите какви ни се ги знаеме. Граѓаните на Велес, не лично јас како пратеник го молам овој Парламент да помогне да не престане изградбата на хидросистемот "Лисиче". Зашто, ако Републиката не помогне овие пари кои се собираат и понатаму од самопридонесот и самопридонесот од работните организации не се доволни. кажав зошто не се доволни да се доврши овој систем.

Дали овој Парламент, дали Владата е кадарна да каже не за штета на тоа население кое што живее таму. Мислам дека овде треба да постои разум, не лични амбиции, но разум за заштита на еден народ кој што живее таму во тие продрачја. Сигурано, Законодавно правната комисија не најде законска основа да се прифати Законот за финансирање на овој систем. Знам, сигурно, но знам и тоа дека Владата даде средства на приватна организација за продажби и набавка на лекови. Владата исто така без закон финансира систем во универзитетот, па се финансираат најразлични совети итн. и незнам ако направивме паралела која е важноста и на едните и на другите, секој си има своја важност во сегментот на живеењето во оваа Република но треба да видиме што е тоа што значи живот и дали треба вака едноставно, летимично да го отфрлиме, избегаме од еден проблем без ни малку да имаме совест на одговорност. Ке кажам и тврдам со анализи, тука е министерот за здравство дека меѓу граѓаните на Титов Велес веќе се повеќе и повеќе се зголемуваат опструктивните респираторни инфекции. Се повеќе и повеќе се анемиите на видело, се повеќе и повеќе се масовните крварења без причини на улцерации на дигестивниот тракт. Сега зборувам како здравствен работни. Се повеќе и повеќе има оштетување на забниот систем и на коските и на младината и на децата и награѓаните а да не зборувам за инцидентата на малигните

заболувања. Мислам дека треба малку да имаме и разум и едно разбирање, затоа што и законот и амандманот е поднесен од нужда, од потреба, а не заради некои лични амбиции. Мислам дека треба сите да сносиме одговорност дали еден систем кој што веќе 40% е изграден треба да престане да се гради. Тој е граден само од потта налуѓето од таса општина без никаква надворешна помош.

**БЕКИР ЖУТА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, преку материјалите кои ви се дадени на располагање за седницата го знаете ставот на Владата дека нетреба да се прифати овие амандмани, а следствено на тоа и предлогот на законот кој се предлага. Јас би сакал неколку збора да кажам во врска со суштината на проблемот кој вие во тоа наше мислење не успеавте, затоа што ние не се ширевме многу да ги кажеме мотивите поради кои не ја прифаќаме иницијативата овој пат да се усвојува на оваа седница. Неспорно е дека овој водостопански систем е актуелен за подрачјето за кое станува збор. Меѓутоа, исто така неспорно е и фактот дека проблеми на водоснабдувањето во Републиката актуелни се во доста подрачја. Цениме и ви предлагаме Владата во целина да го проучува проблемот на водоснабдувањето во Републиката, да изгради свој систем на односи за решавање на тие проблеми, предлага и критериуми за редоследот на изградбата на тие водостопански системи за кои вие во ова Собрание ќе се поризнесувате и ќе почнат да се реализираат работите. Методот на работа поради тоа што притискаат определените проблеми на секоја седница по пат на амандмани да се изнуда решенија не ќе не водат на прав пат да утврдуваме систем на односи во определени свери и ќе се најдеме во позиција секогаш со вакви образложенија дека ќе се огреши Парламентот ви за ви населението од една општина до колку не прифати иницијатива, а тоа ќе не води во другата крајност што никогаш не ќе имаме односи и состојби да неможеме да ги држиме во свои раце и да градиме систем на односи за изградување на тие системи. Молам, не е практика парламентарна и не би била препорачлива изнудување на решенија на смите седници за инвестициони проекти закои стручните служби немаат дадено ни оценка дали се тие проекти тие што треба да бидат и поддржувани со средства или не се тие. Дали ние имаме сознанија, но тоа не е факт, не е мотив за оспорување на потребата, меѓутоа, дали инвестициониот проект е тој што треба да биде како најефикасно решение и дали е нај рационалното решение со тој инвестиционене проект или има поинакви, порационални и поефикасни решенија. Сето тоа нам ни говори во прилог на тоа да се поризнесување не на оваа седница, ваков предлог, меѓутоа да го проучуваме и овој особено важен проблем, но во тој контекст и за сите оние подрачја каде што е актуелен проблемот на водоснабдувањето и да излегување со едне материјал, со една програма, со едни критериуми за редоследот, па да пристапиме кон реализација на таа програма. Молам, ова имајте го предвид, а не со ваков метод ние секогаш ќе најдеме, секое подрачје да најде специфична тежина на одреден сопствен проблем и да настапи пред Собранието со мотиви вакви и онакви за да го убедува Парламентот дека треба да се произнесува за тој и таквиот предлог, но мислам дека не ќе биде метод тогаш на работа ниту на Парламентот, а уште помалку за Влалдата на Републиката. Молам, ова имајте го предвид, не негирајќи го значењето на објектот, но ве молам со една обврска да се проучуваат состојбите во Републиката од овој аспект, да се предлагаат критериуми за редослед, па тогаш да се предлага пред овој парламент да почне по фази да ги реализираме, зашто економски не сме во состојба и сите проблеми во најкризната година да ги регистрираме како задачи кои треба да ги реализираме со овој буџет и со овие проблеми што ги има овој буџет.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници за ова што зборуваме свесни сме дека постојат финансиски проблеми, но треба да бидеме на чисто дека се работи за вода за пиење. Овој објект не е од денес, Владата за тоа знае, а и старата Влада за тоа знаеше. Овој објект се гради 5 години. Велешани веќе направиле нешто (филтер станица, инсталации и друго) и сега 200 милиони динари бараат зада го решат проблемот со вода, да го продлжат. Во законските процедури не сакам да навлегувам но поставувам едно прашање. Ако старата Влада дозволи да ја развива обоената металургија и да гради фабрика во Велес, која фабрика направи вакви проблеми знаеме што се случува во Велес во однос на здравствената положба, какви оболувања има во Велес? Дали е тоа точно или не? Кога англичаните ја граделе и ја изградиле фабриката, прашале каде градот ќе го селат. Ние сме свесни дека таа фабрика нанесе многу големи проблеми на Велес и сега тука да се пазариме за 200 милиони динари за да го решат Велешани проблемот со вода мене ми се чини дека треба да се најде некоја солуција. Каде да се најде таа солуција? Ако го разгледате буџетот ќе видите какви средства се расфрлани каде што можеме да скратиме одредени работи, за што дури и на комисиите имаме одредени несогласувања бидејќи не знаеме зошто се давани толкави средства. Сметам дека ние како Парламент треба да ги сватиме велешани дека се работи за вода за пиење, за здрава вода и да не дозволиме да се прекрати објектот што е отпочнат со сопствени средства.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Велес кубури за вода, кубурел за вода уште од бивша Југославија. Бил на обични чешми. Направен е еден мал водовод кој не бил доволен. Во наше време се правени обиди со рели бунари итн. Тие бунари се покрај Вардар, кои црпат вода од Вардар филтрирани преку обалата, а вардарската вода е позната работа на сите бидејќи е тотално загадена, неупотреблива ни за наводнување ни за поење на стока. Со сите елементи што отпаѓаат и од водовните испусти од Скопје па надолу се. Не само што е загадена со елементи што се невидливи, туку и со елементи кои се видливи. Вардарската вода е хемиски тотално неисправна, полна со манган. Манган има над дозволената количина. Дозволена количина по стандардите е 50 милиграми на литар, а овде се од 200 до 500 милиграми во литар. Кога ќе се стави во чаша таа е матна и изгледа како кока-кола. Тој манган е опасен по здравје и за дегистивниот и за нервниот систем. Правени се обиди досега со неколку самопридонеси, меѓутоа дојдена е работата на половина како што истакна колегата Николов и е застанато затоа што градот не е во состојба да земе кредит. Ова што се бара е само како основа да можат да се добијат кредити за да може да се продолжи градбата на браната која е во тек на градба, бидејќи главните делови (филтер-станицата и цевоводот) од Лисиче до Велес се направени. Останува самата брана која треба за година, годинаипол да се изгради. Мислам дека е ред, како што било досега за такви слични објекти да се дотира со одредени средства од Републиката. Ние сме биле тие кои сме дотирале па мислам дека е ред ова Собрание да излезе во пресрет на молбата на Велес на некој начин да се помогне и тој систем да биде завршен, затоа што хемиски и бактериолошки неисправна вода се замени со потполно исправна вода за да може населението да пие исправна вода од една страна и од друга страна да биде систем за наводнување предвиден за 4-5 илјади хектари во течението на реката Тополка.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ:**

Почитувани пратеници, малку сум револтиран од односот на нашата власт спрема ваквите проблеми бидејќи доаѓам од крај, од Прилеп каде што е присутен истиот проблем година station наназад, како граѓаните од Велес. Тоа го знам бидејќи често сум во Велес, сум го почувствувал, а знаеме со климатските фактори како ќе биде и во Велес и во Прилеп. За гаранција, за почеток на работите, колку што слушнав потребни се околу 200 милиони динари. Дали ќе бидат од буџет или од некој црн фонд, ќе си реши Владата и оваа држава бидејќи е животна потреба ...

(уфрлување од место)

Има,има. Јас неколку пати спомнав во овој Парламент за некоја разлика од 2.500.000.000 динари што се додели за два ипол лични доходи пред два месеци, за кои двеипол милијарди Парламентот ниту беше прашан, ниту известен. Сега ќе се каже дека тоа било рачунато 23 посто вака, така или онака. Тоа е десет пати разлика, отколку потребите на граѓаните на Велес. Јас би го замолил премиерот бидејќи се работи за голема сума пари, дали треба сега овој Парламент со месеци да се расправа за потребата од Велес и да ни каже како се најдени тие двеипол милијарди динари и зошто не можат да се најдат 200 милиони динари за еден град каде што знаеме каква е реката Вардар, какви се врнежите и какви се распоредите на врнежите во годината и во кој триаголник спаѓа со врнежи во годината. Разликата е 12 пати. Може Владата уште еден преседан да направи така, да реши за 200 милиони дин.

**ЗОРАН КИТЕВ:**

Дами и господа, во потполност го поддржувам господинот Јован Николов во барањето за донесување на закон за изградба на хидросистемот Лисиче. Разочаран сум од дискусијата на господинот потпретседател на Владата Беќир Жута кој истакна дека господинот Јован Николов истапи овде емотивно за да го убеди Парламентот да го прифати тој закон. Тоа не е емотивно, тоа е вистината што ја кажа господиниот Николов. Сите знаеме дека градот Велес е најзагаден во Македонија, се гуши од тополницата, а единствен извор што го користат граѓаните е реката Вардар. Таму се влева тополницата и маслодајна. Потоа, да ги земеме нагоре сите градови Скопје, Тетово и Гостивар....

Сакам да ве замолам во името на граѓаните од Велес да го прифатиме овој Закон.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници, и јас се согласувам со дискусијата на потпретседателот, затоа што не може сега водоснабдувањето во општините да го решаваме одеднаш со буџет, кога досега се решаваше со самопридонес. Велешани имаат право. Имаат право во Штип, во Виница, секаде каде што има филтер станици. Петнаесет години се дискутира за Злетовица и секогаш на Собранието таа програма е одбиена. Ова ќе биде еден прекршок што ке направиме прв пат од буџетот да се финансира едно водоснабдување.

Да има проблеми во цела Македонија, има. Тука е тоа непобитно. Ние мора да направиме една програма и затоа предлагам еден работен заклучок на Собранието по оваа точка со кој ќе се обврзе да се направи една програма и

приоритет за решавање на водоснабдувањето во целата Република.

Јас ве убедувам дека наредната седница ќе имаме Закон за водоснабдување на осум општини во Источна Македонија, кои имаат филтер-станици исто како Велес. Не сум против решавањето на водоснабдувањето ни во Велес, ниту никаде, но мора да се гледа на ниво на Републиката. Да се финансира од буџетот ќе се гледа на ниво на Републиката. Ние дојдовме за еден пат од 2 км., па баравме оправдувања и тристапедесет работи, а сега да се финансира едно водоснабдување без програма на ниво на Републиката. Сепак Велес има индустрија, но 70 посто од индустријата во Штип зема минимален личен доход, а Велес не може со тоа да се пофали. Сепак треба индустријата и заштитата на околината да ја спроведува. Таа топилница мора да го реши тоа со филтри. Со чистење на улиците со вода, не се решава, туку се решава со филтрирање на отпадните материјали, за да се намали тоа.

Значи, јас предлагам Собранието да донесе еден работен заклучок за решавање на водоснабдувањето на ниво на цела Република. Не сум против решавањето на овој проблем во Велес. Јас сум да се реши овој проблем и во Велес и во Прилеп и во Штип и секаде, каде што се чувствува овој проблем.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Јас се извинувам пред Парламентот и пред Владата, но дозволете ми да кажам уште неколку збора.

Не се работи за работа која треба да почне сега и Велес да бара нешто надвор од можностите на Републиката. Се работи за еден систем кој што е во фаза на извршување, не е систем само за вода за пиење, туку и систем за наводнување. Значи не се решава само проблемот со вода за пиење господине Давчев, а исто така и господин Жута, заради тоа што ако овој закон или овој амандман што треба во буџетот да се обезбедат овие средства повлече една таква реакција во Републиката и сите ќе бараат вода за пиење, тогаш ја молам Владата да обезбеди гаранции за кредити. Ако Велешката општина досега сама финансирала, ќе финансира и понатаму сама, но да ни гарантира овде дека ќе обезбеди гаранции за кредити и Владата да каже дека дел од Велешкото стопанство кое што треба со своите даноци да учествува во буџетот на Републиката да ги издвои за системот Лисиче, тогаш да не финансира Републиката.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани пратеници, исто така се придружувам по барањата на колегите од Велес да се поддржи донесувањето на еден ваков закон за водоснабдување на Велес, мегутоа по се изгледа ако почнеме да ги изнесуваме сите проблемите за водоснабдувањето во Македонија, во градови и села, мислам дека ќе треба да дебатираме цел ден и утре само за ова. Меѓутоа, ова треба да се поддржи.

Јас како пратеник ако не за друго од сожалување кон тие луѓе. Се работи за вода за пиење. Тоа е животна потреба. Ако Република Македонија нема пари, нема средства, тогаш јас предлагам ако треба да побараме средства, еден поголем кредит, некаде кај богатите земји или од УНЕСКО верувајте ми дека тие ќе не сожалуваат и каков кредит ќе ни дадат затоа што се работи за една животна потреба. Меѓутоа, што треба ние да направиме. Еден проект за цела Република Македонија каде што имаме проблеми за

водоснабдувањето, затоа што во тој проект тогаш кога ќе се направи проектот да се бараат средства, а јас мислам дека за оваа животна потреба секој ќе не поддржи и со средства. Еднаш веќе овој проблем да го симнеме од дневен ред, затоа што ова е животна потреба, а тоа што е животна потреба да не се поддржи, тогаш кои сме ние и дали ние можеме, во овој случај јас не можам, верувајте ми, како пратеник да кренам рака против тие луѓе што бараат вода, односно нешто што е животна потреба.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Слушајќи ги дискусиите, а исто така и учествувајќи во расправата на ЗПК синојка по Предлогот на законот за обезбедување на дополнителни средства за изградба на системот Лисиче-Велес сакам да кажам како прво дека пратениците земаа уден приод на овој случај да му даден една маркетиншка димензија повеќе, отколку да ја видат суштината на проблемот. И писменото мислење од Владата, а и образложението на потпретседателот Беќир Жута до крај консеквентно мислам дека не го зачнува јадрото на проблемот што е според она јас како го разбирам.

Се работи за објект кој е во фаза на изградба, според она што е презентирано од предлагачите и она што го знаеме од јавните информативни средства. Некаде 50-60 или 70 отсто тој систем е во тек на градба. Тоа значи и претпоставувам дека претходно се поминати сите можни фази за тој систем почнувајќи од идејни проекти, главно изведбени проекти, инвеститори, договори, финансиска конструкција, договори со изградувачи и сега сме во една таква фаза. Ако предлагачите навистина, и целиот тој механизам што го гради тој систем, инвеститорите , гарантите и другите субјекти се дојдени во таа фаза да се обратат до оваа Македонска држава дека им се нужни 200 милиони динари за да тој проект не се затре и до крај да се изгради, нужно е дека оваа држава треба да најде решение. Друго е прашањето дали со ваков начин на предлагање, сега со поединечен закон, што е иманентен на еден друг систем на решавање на проблемите, или со друг механизам врз основа на претходно утврдени потреби што имплицираше излагањето на потпретседателот Беќир Жута ... Треба тој проблем да не застане и да се реши понатаму.. Но мислам дека тоа најмногу недостасува кај предлагачите и синоќа слушајќи на расправата на Законодавно-правната комисија, а и денес овде од пратениците што некои се приклонуваат вака, некои онака итн. Ако евидентно се утврди навистина дека тој механизам на градба е толку стопиран и зависи од тие нужни 200 милиони динари, јас мислам дека не постои власт или субјект во Македонија што нема да го почитува и да се најдат можности и средства по еден нормален пат. Лично сметам на вака волутаристички начин да се поднесуваат предлози, да се врши нужен притисок кога се носи Буџетот денес пошто пото да се носи проект мислам дека самиот приод не е в ред и не зборува дека прашањето на ваков начин ќе биде задоволено, а и да го донесеме Буџетот денес на Република Македонија без овој проект тоа не значи дека проблемот ќе остане нерешен во Велес и Лисиче и ќе остане отворен дефинитивно за оваа година или за векови. Ако е тој отворен проблемот ќе го актуелизираат надлежните субјекти и со адекватна потреба да го докажат пред органите, па ние сме тука, тука е и Буџетот, тука е и ребалансот, а и други механизми кои би биле иманентни на овој систем што треба да го градиме, новиот, на зафаќање во односи во кои ќе влезат, ние дури и не знаеме каква е положбата помеѓу инвеститерот и тие друштва што се таму, што го градат системот.

Овде се предлага некој однос да речеме во Законот Републиката да издвои средства и со тие средства учествува во јавното претпријатие Комуналец, а од излагањата на Законодавно-правната комисија слушнавме дека Комуналец е фирма формирана од Собранието на општината Велес и дека односи помеѓу основач и фирма можат да се создаваат помеѓу Собранието на општината Титов Велес и Комуналец како инвеститор на соодветниот објект за кој се бараат средства и дека по некоја логика и согласно уставните определби и законските определби оваа Република кога би ја утврдила на соодветен начин потребата би требало Собранието на општина Велес да се обрати до Републиката да добие некои средства согласно потребите и таа внесува капитал во таа јавна фирма која е инвеститор. Тоа е едната димензија што сакав да ја кажам.

Другата димензија што потребите за водоснабдување и она што го кажа потпретседателот Веќир Жута и состојбите во Македонија навистина до крај не се согледани, само се појавуваат од време на време во форма во која може тоа јавните гласила и луѓето кои реагираат на теренот да го изнесат. До сега не сме имале бар во овој состав на Парламентот некоја соодветна квалификувана анализа за вкупните состојби на водоснабдувашето во Републиката, пред се, за вода за пиење. Јас можам да кажам дека кога во оваа иста сала долго расправаше минатиот состав на старото Собрание и цела јавност во Република Македонија беше упатена околу системот Студенчица, Демир Хисар имаше само 2 литри вода во секунда за снабдување и тоа никој не го разбра и граѓаните тој проблем го решаваа на свој начин тивко и полека, со сопствени напори и со помош се разбира од Републикава, па изгради и соодветна фаза. И тој проблем не е до крај решен и понатаму втората фаза тече и третата фаза итн. се додека чекајќи на консеквентен начин таа проблематика приоритетно да дојде на овој Парламент, а јас мислам нужно ќе ни се наметне дека ние благовремено треба да ја пресретнеме со расправа во оваа сала и да донесеме соодветни решенија.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас веднаш да ја кажам првата реченица во врска со ова прашање, а таа реченица е дека сакам да го поддржам барањето. Јас знам дека ќе дискутираме и во врска со Буџетот и ќе кажеме дека тоа е голема бројка од 75, 76 милијарди итн. и дека тие нема да стигнат и дека има барање уште барем како што ме извести министерот за 5, 6 милијарди динари итн. се е тоа вистина меѓутоа едноставно за ова барање не можам да не гласам и да бидам против тоа затоа што ние знаеме, имаме евидентни податоци, информирани сме и тие се допрени до нашата совест дека населението во Велес едноставно го зафаќаат болести се пошироки токму заради ситуацијата во која се наоѓа, локацијата на таа топилница, со загаденоста на Вардар за кое што не е водено сметка многу време итн. и можат почитуваните пратеници, доктори од Велес да изнесат алармантни податоци за болестите кои што се шират на тоа подрачје, алармантни податоци слушаме за загаденоста на Вардар која што е од 4-ти степен и тоа го соопштуваме ние овде јавно, без да преземаме нешто, а знаеме од Вардар се што се наводнува и што се сакаме да продадеме од нашите производи на југословенскиот, на светскиот пазар итн. Особено сега кога знам какви болести има за граѓаните, за децата за родилките, за дегенеричните појави што почнуваат да се јавуваат таму едноставно не можам да не гласам за такво барање иако стои прашањето дали е тоа сега баш со некои сегашни уставни норми и може ли државата директно вака да интервенира, не може ли, треба ли посебен закон за тоа, не треба ли, можеби не треба посебен закон но дај да најдеме друго решение во врска со тоа. Ако не може такво барање да легне на Буџетот на Републиката може ли безброј други ставки што се легнати на Буџетот на Републиката да останат да го преиспитаме комплетно сето тоа.

Од друга страна сакам да кажам дека во политичките програми на сите овие партии што се овде и оние што не се имеме сите напишано големи ставки за екологијата, за заштитата на жи-вотната средина, за решавањето на проблемот за вода, вода за пиење пред се, основен услов за живот, и храна итн. Не може ли тоа да биде еден од приоритетите во решавањето на проблемите и во вакви најтешки услови. Ако сите политички партии запишавме во програмите екологија и тоа го трубевме на сите митинзи, трибини итн. и сега како такви политички партии кои што добивме доверба па читаме во Буџетот што ни се предлага дека за програмата за заштита на водите на реките и вештачките езера да се предвидени 5500 динари за 1990 година, иако онаа ставка друга во Буџетот изнесува 17 милиони динари за заштита на езерата, се мисли за заштита на Охридското Езеро па расправавме на Комисијата за финансии и буџет дека треба да бидат зафатени сите па со предлог ја зголемивме таа ставка на 40 милиони, а сите тие сите тие 40 и плус овие пет ипол кога ќе ги додадеме не можат да се купат ни два, три стана за живеење према тој начин велиме дека екологијата е во нашите политички програми заштитата, здравјето на луѓето итн. Има ли тоа едно со друго вреска, звучи ли тоа демагошки, не звучи ли итн.

Е, сега, Буџетот не треба да се зголемува, тоа исто така знаеме. Меѓутоа, можеме да ја погледнеме структурата на Буџетот и ќе видиме дека таму има 31% од вкупната сума на Буџетот се интервенции во Стопанството. На пр. од аспект на концептот што го градиме за економијата што ја сакаме, добро ли е тоа, не е ли добро. Треба ли да легнат сите тие барања на Буџетот така или не. Иако јас како економист сум пред се за форсирање на стопанскиот развој па преку стопанскиот развој ќе има доход за сите животни прашања. Тоа стои. Или има за одбраната и за милицијата вкупно преку 20% во Буџетот. Знам дека и тоа ни треба сега. Но, таму се работи за илјадници милијарди, а овде се работи за една интервенција минимална која што бара да премости едно прашање кое што е започнато, некој дал согласност за таква инвестиција која што чини некаде оклу 50 милони долари според Информацијата што ја имаме за која што се веќе потрошени 25 милиони долари, а ние знаеме колку споменици имаме започнати недовршени. За хидросистемот на пр. во Стрежево беа вложени доста пари. Затоа што не се заврши како што треба тоа или има некои грешки во планирањето, наместо 24 илјади ха да се наводнуваат ние знаеме дека одвај се наводнуваат 4, 5 илјади ха. Ние знаеме што направивме со ФЕНИ, го завршивме, не го завршивме, сега има нови работи започнати.

Првото прашање зошто е допуштено една инвестиција над економските можности на една општина, па потоа кога ќе се направи ќе се видат економските можности послаби од можностите на целата општина потоа се разбира ќе легне притисокот врз Републиката. Кога јас предлагав еден амандман во уставот да има општина да не може да донесе одлука која што е над нејзините можности бидејќи во тој случај треба да друго ниво да се донесе таква одлука тој амандман не беше прифатен. Сега е донесена една таква одлука над можностите на овие. Што да се прави. Основното прашање вода за пиење и не само ова, се разбира дека и другите општини и Прилеп и други, може ли една минимална рационална програма да се направи на кои што рамноправно ќе претендираат по приоритети итн. Може ли тоа прашање заедно со Министерството за водостопанство, сите министерства и сите ресори што гравитираат околу овие проблеми тоа да го направат. Од тие причини не можам да гласам против овој амандман иако знам за оскудноста на средствата, за големината на Буџетот за која ќе зборуваме, можеби ќе ја критикуваме итн. и ќе ја критикува и опозицијата и парламентарна и вонпарламентарна ако ја има, значи сето тоа го разбирам но овде не се работи за големи средства.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници, јас вклопувајќи се во досегашната дискусија заклучувам дека целата вина Велес и неговите граѓани не ја сносат загаденоста на водата, а и од другото се гледа дека не ќе биде само за пиење туку се опфатени околу 4 ха за наводнување и да не ја префрламе топката од старата влада на оваа Влада туку да се зафатиме за решавање на проблемите, инаку такви префрлувања има. Јас го предлагам следното. За да не дискутираме многу, да не се оди со закони ова со Закон да се направи во Велес, ова да се направи со закон во Прилеп, ова да не стане вообичаено туку јас го предлагам следното. Имајќи ја во вид важноста на објектот и Буџетот на Собранието сум за тоа да не се оптоварува ни динар повеќе туку ова да биде со одлука, а не со закон да се изврши еден преглед во Буџетот со тоа што 1% од сите корисници на Буџетот да се намали би се добило некаде 80 до 100 милиони динари,а потоа со првиот ребаланс или со вториот ребаланс, секако ќе има неколку ребаланси на Буџетот можеби ќе се набаваат овие пари за изградба на овој систем.

**РИСТО КЕЛЕШОВ:**

Почитувани пратеници, слични проблеми од типот на проблемите на системот Лисиче веројатно има во најголем број во општините во Македонија. Почнувам од мојот град Куманово и сите тие можат да се бранат како витални, како егзистенционални како еколошко катастрофални со показатели и статистики не помалку драстични од наведените статистики биолошко-медицински, еколошки показатели кои ги изнесе почитуваниот колега Николов. И сите тие па и кумановските се заканувaат како епидемиолошки потентни жаришта, како извори кои го загрозуваат процентот односно го зголемуваат процентот на малигни заболувања, процентот на малформациите и процентот на нездрава млада популација и сите тие прават револт во општините и сите сметаат дека се најважни, најакутни, најактуелни. Ние во нашите контакти со граѓаните ги добиваме сите тие заканувања, сите тие најважни работи од таа област со најразлични дури и заканувања на еден дел од граѓаните кои што се наоѓаат во таква положба од витални интереси како што се нерешени дренажи, водоснабдување, вода за пиење, еколошки максимуми на загадување, на микроклима, на почва, со проценти епидемиошки анкети за хепатити во одредени популации итн. итн. Меѓутоа, за вакви витални, егзистенционални состојби не можам да не сочувствувам со граѓаните од Титов Велес и со нивните претставници, но сум убеден дека овој амандман ќе предизвика верижна реакција, а во исто време знаејќи ги позициите на Буџетот не гледам систем на финансиско амортизирање на овие проблеми.

Уште еднаш, на крајот сакам да кажам дека не можам да не го опддржам амандманот бидејќи би се коселo со многу хуманитарни принципи, меѓутоа се плашам и би побарал од Владата мислење односно можности за амортизирање на проблемите кои што ќе предизвикаат верижна реакција со усвојување на овој амандман во кој што сум сигурен.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, воглавно јас се согласувам да најдеме решение за вакви објекти, меѓутоа сметам дека во амандманите во кои се предвидува средства за изградба на оваа брана Лисиче се предлага 200 милиони да се одземат од програмата за поттикнувањето на развојот на земјоделството. Ако ова се прифати вака тогаш програмата која е вкупно од 500 милиони динари треба програмата да ја бришеме, значи повеќе од 40% од програмата треба да ја одземеме и заради тоа предлагам ако се најдат

други средства за нова изградба и јас ќе гласам за тоа, меѓутоа ако се одземат од програмата со амандманите тогаш мислам дека не треба да ја прифатиме.

**НИКОЛА АПОСТОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, се јавувам за збор се со цел ако може нешто да се помогне. По оваа точка доста дискутиравме и вака ако продолжиме со дискусија сигурно ќе не одвлече далеку. Испаѓа како сите овде да се јавуваме како на филмска лента, секој ги изнесува своите проблеми, а сигурно е дека ги има такви. Ако може да се скрати оваа дискусија, јас имам едн конкретен предлог што претходно спомна и господинот Давчев, проблемите се секаде присутни, имајќи ја предвид хидролошката година 1991, еве сега и 1992 година, проблеми вакви не само во Источна и Западна Македонија туку ги има на секаде иако ние сега конкретно постапиме према амандманот што претходно го изнесоа господата од Велес тоа ќе дојде како еден вид пожарникари да гасneме оган денес во Велес утре во Прилеп итн. Најдобро би било да се направи една програма за водоснабдување и по таа програма да му се даде приоритет таму каде што е најмногу загрозено.

Јас само да спомнам не само како пратеник од Прилеп, меѓутоа овој проблем со Прилеп, Крушево, Македонски Брод, сепак тука се три општини кои што моментално и ден денес кубурат со вода иако постои некој систем на вода и тој проблем се наметнува и тој проблем го решававме во претходниот состав еве се га и оваа Влада меѓутоа сеуште е присутен.

Затоа предлагам, иако сме свесни дека такви проблеми постојат и во Велес и јас најдобро можам да ги сфатам господата од Велес затоа што на некој начин тој проблем го чувствувам и во Прилеп и затоа предлагам програма за цела Република и да се даде приоритет онаму каде што најмногу треба. Инаку да зафаќаме од средствата за развој на земјоделието, а сите се согласуваме дека тие се малку навистина би било грев. Ако едно добиеме друго ќе изгубиме. И сега треба да се води сметка. Што е тоа што добиваме, а што е тоа што го губиме. Тоа да се стави на вага за да не направиме две грешки и таму да недостасуваат пари па ни со средствата кои ќе се добијат да не може да се изгради некој нов објект.

**ЗОРАН КИТЕВ:**

Да нема забуна. Некои велат дека се амандмани, други велат дека е предлог на закон. Ова е предлог на закон. Господинот Марин Миленковски вели дека со овие амандмани се повлекуваат 200 милиони динари од предлог програмата за поттикнување на земјоделието. Додека ова е предлог за донесување на закон. Да нема забуна.

**АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ:**

Секако на прашањето треба да се приидe доста сериозно. Прво јас ќе кажам нешто за Охрид, малку чудно ќе звучи, подрачје што лежи на вода, меѓутоа и тоа има свои проблеми, но сепак проблемот ќе го истакнам од еден друг контекст, во однос на тоа како беа поставени работите и каква е ситуацијата сега. Само ќе кажам проблемот што го тишти градот Охрид во подрачјето на селата во оска каде што имаме едно ненормално загадување од стран ана отпадни води кои одат во Езерото, а исто така подрачјето во повеќе села на Долна Дебарца, тоа се селата Горенци, Подмоље, Оровник, Требеништа, Волино. За тие села и во оваа населба предходно спомнав беше распишан

самопридонес по однос на решавањето на проблемите со водоснабдување, односно со отстранување на загадувањето на отпадните води. Меѓутоа, како што се реализираа работите во таа смисла што беа истите поделени од страна на надлежното собрание во фази, така што средствата кои ги даваше ова население беа пренасочени во некоја фаза друга приоритетна, на друг реон од градот, така што сега се појави проблемот со средствата. Граѓаните ги дадоа средствата, меѓутоа парите се потрошија на друго место и сега остана еден вакум што се вели проблемот како да се реши. Сметам дека навистина треба да се подготви една студиозна програма, сигурно која ќе се доградува натаму, ако ја сватиме Македонија целосно територијата на Република Македонија како едно урбанизирано подрачје каде што живее население, сигурно таа програма редовно ќе се надградува, меѓутоа сепак да се води сметка на приоритети, она што е приоритетно таму да се обезбедат средства и да се финансира од проста причина што кажав еве сега општините во однос на финансирањето и локалната самоуправа знаеме што значи, колку можат истите да влечат средства, а веќе имаме луѓе кои издвоиле средства, односно население кое издвоило средства, меѓутоа нивните пари ги нема. Ќе се јави проблемот навистина помеѓу луѓето, правно ќе се постави преку судови, преку штрајкови, бунтови и т.н. Да се има во предвид ова што го кажав во однос на натамошното финансирање, затоа што тоа одеше преку местен самопридонес, одеше преку јавните претпријатија кои изведуваа работи особено тука да се води сметка поготово што спрема искажувањата на населението и овие што ги даваат официјалните податоци доста монополски се однесуваат исто така јавните претпријатија во смисла на тоа што се набиваат некои ненормални цени. Да се води сметка оние средства кои ќе се определат за определена намена како истите да се користат понатаму.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сметам дека треба да ја приврошуваме расправата по конкретниот предлог кој што беше даден од пратениците од Титов Велес и неспорно е она што беше изнесено од страна на пратениците од Велес како предлагачи на законот за потребата од изградбата на водоводот, односно сега веќе проширена негова дејност не само за обезбедување на вода за пиење, туку и за наводнување на 4 илјади хектари. Во принцип сметам дека треба да ги почитуваме и мислењата на нашите тела во Собранието кои што расправаа по овој проблем и Законодавно-правната комисија има веќе конкретно свое мислење со кое што не го прифаќа законот, а јас го поддржувам таквото мислење во принцип да не решаваме одредени прашања од локален интерес со закони, затоа што еве и во досегашната расправа се укажа на тоа дека  потребите се далеку поголеми од можностите. Сметам дека овој проблем треба да најде свој приоритет во програмата што беше предложена, а доколку предлагачите организирано настапат заедно со Владата, мислам дека средствата од 200 милиони динари можат да се обезбедат по друг пат во делот на структурата на средствата на финансирањето, во делот на обезбедувањето на изворите на финансирањето во евентуалните поповолни средства за кредитирање на еден веќе не само комунален објект, туку и по мене веќе стопански објект, бидејќи за 4 илјади хектари површина треба да обезбеди наводнување овој објект, а преку тоа и економски да се валоризира. Од тука предлагам ние да се изјасниме по предлогот кој што е конкретен од страна на пред-лагачите и расправата веќе да ја приврошуваме.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, долго време се мислев дали да излезам со оглед на тоа што ми се чини дека апсолутно нема

разлика во оценките на потребата и дека сите кои што учествуваа во расправата ценат колку е сложен проблемот, ако станува збор за градот Велес, а сите заправо меѓу редови во своите настапи укажаа и на тоа колку е сложена состојбата во Републиката. Знам дека е проблем откога ќе биде веќе готов предлогот на Буџетот во него да се интервенира заради тоа што е сосема јасно дека една ваква интервенција со ново искажани побарувања ќе мора да значи и редукција во другите раздели, или конта. Меѓутоа, ми се чини дека од се она што денеска беше кажано на расправата треба на сите да ни биде јасно дека станува збор за основен егзистенционален проблем, дека ние подолго време тонеме по стандард независно од тоа кој на каков слој припаѓа и т.н., нешто од внатрешни проблеми, но претежно од надворешни проблеми и т.н. Меѓутоа, каде и да одиме не смееме да стигнеме пониско од тоа што значи обезбедување на вода и на леб на граѓаните на Македонија. Според тоа, ако се слагаме дека тие основни егзистенционални потребштини мора да им ги обезбедиме на граѓаните, тогаш нема дилема дека мора да се најде решение на проблемот. Дали е сега решението на проблемот во Републиката. Тоа што е изберено по пат на ваков закон со кој што сакаме да го решиме проблемот на Велес е најправилното и дали тоа како што рекоа некои ќе предизвика сега ланец на реакции, побарувања и т.н. и дали како што рече господинот Давчев тоа ќе биде преседан и прекршок со таков закон заради тоа што 15 години се зборува за системот Злетовица, па еве Владата апсолутно не одговорила на тие побарувања и т.н. Тоа се прашања кои што можеме да ги дискутираме во некоја поакадемска расправа заради тоа што такви прашања се дискутираат во многу поблаго пријатни услови, не тогаш кога проблемот со сета своја тежина ни виси над главата, не само во Велес, не во Прилеп, не во осум источни града на Македонија и т.н. Оттука, прво со оглед на тоа што е извонредно горлив проблемот во Велес, предлагам да го поддржиме ова решение сега за да се решава проблемот во Велес со таа напомена што не сметам дека 200 милиони динари ќе го пореметат Буџетот од 80 милијарди, со таа напомена дека очекуваме да дојдат 3,4, или незнам колку ребаланси понатаму, па тој буџет може да стане и 200 и 300 милијарди динари и дека тие 200 милиони динари што моментално се нови побарувања не мора сега да се решаваат со промена на ставките по разни конта, раздели и т.н. во Буџетот, туку може сега да се интервенира за тие потреби, а понатаму со ребалансот некои други потреби кои што ќе бидат со тие 200 милиони динари да се намират. Поддржувајќи го ова решение, сметам дека денеска Парламентот мора да донесе заклучок да ја обврзе Владата во најкраток можен рок да подготви програма за целосно разрешување на проблемот со водата за пиење во сите загрозени населби, не само градските, туку имаме бројни селски населби кои што имаат некакви водоводи па не се заштитени, па исто така доаѓа до загадување и т.н., целосна програма за решавање на проблемот со вода со динамика, рокови, средства, заради тоа што без решавањето на овој проблем нема понатаму зошто да се претставуваме како претставници на граѓаните на Македонија ако тој основен и најосновен повторувам, не знам по кој пат проблем не го решиме и не му дадеме пред се приоритет пред се друго што не очекува. Мислам дека таа задача треба да ја испоставиме на ресорните министерства преку Владата, можеби уште за наредната седница и да укажеме уште денеска дека за тие потреби Републиката мора да најде средства и тие потреби мора да се решаваат во текот на периодот кој што не е дојден до оној момент кога и да сакаме да се спремаме да го решаваме проблемот ќе остане нерешен и ќе се изостри заради тоа што гледаме дека не ни се наклонети ниту боговите и може да чекаме долга и сушна година и само проблемот понатаму да се изострува, а не сам по себе да се разрешува.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, барањето на средства за хидросистемот Лисиче заслужува внимание и подршка бидејќи се работи за две цели: наводнување на земјоделски површини и обезбедување на вода за пиење толку потребна за градот Велес. Меѓутоа начинот како се бара решението не е најадекватен. Во Македонија како што со право беше истакнато и од претходните дискутанти проблемот на вода за пиење е актуелен во повеќе населени места. На пример, таков е случајот и со северниот дел на градот Кичево, кој сериозно се судрува со проблемот на вода за пиење. Затоа предлагам овој проблем за цела Македонија да се решава со еден единствен закон по претходно изготвена програма во смисла на она како што предложи господинот Беќир Жута.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ:**

Почитувани пратеници, јас се вклучувам во оваа дискусија некаде при крајот. Не бев присутен тука. Сакам да дадам некој мал, скромен придонес пред вие да се одлучите во врска со ова прашање.

Прво, водните ресурси на нашата Република се нерамномерно распределени. Имаме места каде што имаме многу вода, имаме места каде што имаме страшен дефицит на вода и т.н. Проблемот од година во година на сите тоа ние јасно ќе се поставува со сета своја острина. За да се решаваат тие проблеми, потребни се огромни инвестиции. Тие инвестиции ќе бидат и изворни од оние субјекти на кои што водата им треба. Притоа државата може да влезе во нив во еден ограничен обем пред се, во оној обем каде што треба целата политика за распределбата на водните ресурси биде инкорпорирана во еден конзистентен модел. Бидејќи водата е национално богатство, јавно добро, тука се јавуваат перманентно постојани проблеми. Вие сте сведоци на еден еклатантен пример како што е случајот со Студенчица кој што и понатаму се одвива по утврдените шеми и т.н. Дури таму каде што има вода таа не се плаќа. Тој систем треба да се одржува, неговата експлоатација треба да се одржува, а ќе дојдеме со една таква неконзистентна политика да и таквите системи што веќе ги имаме да пропаднат. Според тоа, на оваа држава и треба еден конзистентен модел за политика во врска со користењето на водите. Таа работа не може да се направи за наредната, или некоја од наредните седници и т.н. како што предложија некои пратеници. Потребни се подлабоки студии ако сакаме да имаме една конзистентна програма на база на таа студија во која што етапно и фазно ќе биде решаван во долг рок најмалку во еден рок од 10 години проблемите кои што го тиштат населението. Притоа имаме некоја ранг листа на приоритет што ќе треба да биде инкорпориран таму, а тоа е вода за пиење, вода за индустријата, вода за наводнување, вода за енергетиката и т.н. Бидејќи постоечкиот систем кој што егзистира, кој што е поставен така како што е поставен, прави не само подлога за некој развој, туку напротив го дерогира развојот и целата филозофија во врска со користењето на водните ресурси на оваа Република. Следствено на тоа, потребна е примена на нова филозофија каде што локалните диспозиции ќе бидат аплицирани врз правото на секој човек за вода за пиење, врз правото на индустријата за користењето на одредени ресурси кои што се на друга локација, а треба да се преточат таму каде што ќе има најголема економска валоризација. Според тоа, овој проблем е многу тежок за решавање и дека со ваквите мерки какви што до сега фактички ја аплицираме старата логика и старата филозофија ние од година во година ќе се наоѓаме пред непремостиви тешкотии, затоа што нашиот ум е навикнат државата да биде таа која што ќе биде покровител на гро на масата на инвестициите. Работите треба малку да ги сепарираме.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:**

Каде треба државата да издејствува, тоа е водата за пиење, кој е оној дел што стопанството треба да го преземе, тоа е она комунална индустриска вода и водата за електро-енергијата како и оној сектор за земјоделието, водата за наводнување. Според тоа тој модел не е така прост. Мора да се диференцираат крајните корисници, а сето тоа треба да биде анимирано на целата територија на Републиката. Јас тврдам и убеден сум во тоа дека во наредниве 10 години ние ќе имаме многу регионални водоводи, каде што самите општини, барајќи излез единствената врата за тој излез, за решавањето на тој проблем е интеграцијата на жителите. За решавање на тој проблем не треба да учествува само локалното население туку поврзувањето на интересите на повеќе општини итн. Таа појава веќе ја имаме во Источна Македонија. Меѓутоа сега таму има еден проблем. Заради наследените односи, и заради наследената филозофија што ние ја имавме а и некои наследени мини конструкции со кои што сме влегле во некои инвестици и сме застанале, се бара спас од државата. Како што гледате Буџетот на оваа држава е апсолутно тесен, апсолутно ограничен. Значи можеби во ова време на некаков преод од една во друга филозофија во користењето на тој ресурс треба државата да се уфрли во оние проекти во кои што веќе станува апсолутно економско неисплатливо да се стопираат тие проекти. Меѓутоа, прашањето е на партиципацијата и натамошното учество било од индустријата или од месното население кое што распишува 1,2 или 3 самопридонеси  и до која мерка е моќта за една натамошна на тој начин акумулација на средства визави моќта на државата во која што исто така треба да го продолжи тој циклус на изградба.

Според тоа го предлагам следното: прво, оваа Република да направи спецификација на онеи објекти кои што се во тек на изградба Да се видат потребните инвестиции  за нивно конечно извршување, а со краен рок од 2 години. Второ, во еден преоден период да се подготви нова филозофија за користење на водните ресурси која што ќе даде и одговор за управувањето и за системот за користењето на водите како и економската валоризација на водите со ранг на приоритети за решавањето на комуналните води, водите за пиење, индустриските води итн. Тоа се двата елемента што ги предлагам.  Значи не откажување на започнатите инвестиции туку задолжување, нивно преиспитување, поставување во една ранг листа за приоритет за наредните две-три години изградба на конзистентна системска политика во врска со експлоатацијата на водите во Републиката. Друг приод во овој момент не гледам. Затоа ќе биде потребно преиспитување на постојното законодавство зашто имаме мешање  во овој законодавен систем во смисла на управувањето. Знаете дека  и СИЗ-ови за водостопанство се уништени, но сега постојат претпријатија за стопанисување со водите, од кои едните се како претпријатија а другите како јавни претпријатија. Така тука имаме и мешање на ингеренциите како што беше случајот со водовото "Студенчица" односно акумулациите кои што користат електрична енергија. Така има дури три субјекта на еден воден ресурс. Тоа е нонсенс, тоа е недопуштиво. Токму од тоа мешање на тие компетенции едниот вели јас ќе финансирам проект, друг вика незнам што  итн., во фаза на градежно извршување едниот субјект излегува како што е тоа во случајот во Злетово. Таму финансиската конструкција беше и електростопанството а тоа сега вика ние не сме заинтересирани за тоа и инвеститорот се наоѓа во една непремостлива тешкотија . Тоа е мојот предлог:

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. На второ јавување ме поттикна расправата на господинот министер Лепавцов. Вака може да се расправа како евентуално со здрави анализи сме покажале дека 1998, 1999 година моеж да се јави проблем со вода во Велес, Штип, Струмица итн. Ние имаме горлив проблем за решавање. Никогаш не сум бил за брзоплето решавање. Почитувам конзистентност, политики нови и филозофии. Меѓутоа ако тие донесат вода тогаш кога ќе снема. Со оглед на тоа што проблемот во Велес е вчерашен, проблемот во Штип, во Прилеп, проблемот во други 6-7 општини во Источна Македонија, со оглед на тоа што не е тоа нова филозофија која што се бара заради тоа што сите знаеме дека со државни средства, со кредити на кои што државата беше гарант итн., се градени досегашните системи Стрежево, Мантово, Водоча, Турија, Студенчица итн. Нас ни треба конкретна програма, конкретно решение за проблемите што се вчерашни за проблемите кои што ќе станат наши проблеми, сеопшти проблеми, во декември до година во февруари и до идната година итн. Овде честопати продолжуваме да се залажуваме како што се лажевме од деца дека ние сме најбогата земја, дека сме најубави, најмудри итн.. и сега во оваа прилика беше кажано дека водата е наше национално најголемо богатство. Со ваквата политика и со таквите долготрајни конзистентни политики кои што чекаме да ги заокружиме па дури тогаш да ги решаваме проблемите, водата за Македонија стана национална сиромаштија и болест. И ние не можеме да ги чекаме да се заокружат тие нови филозофии, да се заокружат новите сложени модели, модалитети итн., и дури тогаш да го решаваме проблемот. Ви се молам ако не сме способни да го решиме тој основен проблем, да обезбедиме, ја се слагам во етапи, се слагам постепено, меѓутоа, се знае кој е најгорливиот проблем Велес, Прилеп, Штип итн. Ако ние не сме спремни летоска кога ке загорат устите и чешми и патишта и да не кажувам се друго што е проблем на недостатокот на вода, ако ние не сме способни тоа прашање да го решиме, ние мора да си одиме, да дојдат други и сигурно ќе направат за кратко време програми, сигурно ќе најдат средства и сигурно ќе го решат трој проблем. Најгорливиот проблем, јас сум убеден, еве гледам колегата Бранко реагира, ќе направат итн., Ако Македонија навистина нема луѓе кои што тој најгорлив проблем може да го решават, тогаш треба да увеземе од надвор и ние да си одиме од овдека од каде што сме и да ги оставиме тие задачи што сме ги препуштиле, ако навистина шириме таков дефетизам дека ние не можеме да го решиме, дека проблемот е тежок, дека проблемот е сложен и нека трпат луѓето и понатаму нека чекаат ова лето и идното лето без вода, нека се шират болести, хепатити, не ги знам се кои се меѓутоа за хепатитот знам по нешто итн., и нека луѓето не разберат дека проблемот е сложен дека тешко се решава и дека треба за тоа да трпат и да се стрпат. За такво решение не можам да се заложам. Мислам дека имаме сили, мислам дека имаме можности тие најгорливи проблеми е еден по еден да почнеме да ги решаваме. И никој не смее да бега од тие одговорности. јас не сум тој што ќе го предложам решението. Јас предлагам ресорното министерство на наредната седница да излезат со тоа што моежем и што не можеме. Па да видиме. Белким како претставници на народот знаеме да оцениме што можеме а што не можеме. А знам да оценам дека 200 милиони на 80 милијарди буџет не се ништо ако со тие 200 милиони динари се решава проблемот на Велес. И со нивна совест дали имало законска основа или немало, не се разбирам, ниту ме интересира, со мирна совест ќе гласам во ваој буџет да се оптовари со 200

милиони за проблемот на Велес на вкупно 80 милијарди зашто знам дека за еден месец ќе го измениме тој буџет за 10,20 или 30 милијарди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа, се придружувам кон сите говорници кои ете се залагаат за разрешување на проблемот на водоснабдувањето во Велес. Значи давам поддршка. Меѓутоа, моето излегување на говорницата беше мотив излагањето на министерот Лепавцов и залагањата на сите говорници дека за глобалното разрешување на проблемот со водоснабдувањето на сите населени места во Република Македонија. Со оглед на тоа дека Министерството веќе има изградено една филозофија за разрешувањето на овој проблем, ја ко-ристам оваа прилика да го потсетам министерот за еден проблем кој исот така е доста актуелен и можеби може да се споредува со оние показатели што ги изнесоа пратениците за Велес, а се работи за селата во општина Карпош с.Рашче, Копаница, Бојане, Ласкаци,Чајлане, Вуковиќ, Арнакија, значи едно подрачје дрста големо со над 10 до 20 илјади жители кое исто така се судрува со проблемот на водоснабдувањето. Меѓутоа, за разлика до проблемот Велес каде што се судруваат со финансики неможности за решавање на проблемот, овде ние се судруваме со еден проблем од формален карактер, зошто не можеме да добидеме дозвола за да се вклучиме во регионалниот водовод Рашче. Замислете селото Рашче го снабдува целово подрачје на Скопје и сите подрачни населени места со вода за пиење, а самото Рашче не може да земе вода од својот извор. Ние се обративме до Министерството за урбанизам, кај заменикот Шумковски, кој што не упати за проблемот во општината. Во општината не префрлија во подрачната единица на Министерството за урбанизам за општина Карпош. Така што топката се фрла до една страна на друга, а проблемот секој ден е се поизразит. Само ќе ве потсетам на анализите на инспекциските служби од санитарната инспекција во с.Бојане ситуацијата е катастрофална. Водата и таа што е малку загадена тотално а години со ред, последниве 4-5 години селото Бојане и селото Арнакија и други се снабдуваат со вода за пиење од претпријатиетo КОмуналец со цистерни. Затоа ја користам оваа прилика министерот во оваа насока да ни помогне во смисла на добивање на дозвола за приклучување на системот а за средствата, граѓаните, верувајте, се во можност дури целиот проблем сами со свои фианнсиски средства преку придонеси но само заради овие формални причини проблемот остана како што изнесов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Алил Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, изгледа тој што не може, односно не знае да се занимава со поголеми проблеми, со нивното решавање, тој се сопнува на ситни проблеми. Верувајте, ако излеземе било кој од нас надвор од оваа сала и да гледаме како сето ова тече, а барем стопати досега имаме кренато рака за многу неважни работи и аз средства кои се потрошени, а сега за 200 милиони цел ден го изгубивме дали треба или не треба. Дали ќе решаваме проблеми или нема да решаваме? Како не ќе решаваме локални проблеми? Кој ќе

ги решава и кој ќе го решава проблемот со водата за пиење? ОПштините ги разоружавме, прво, им ги зедовме изворите на буџетот, на финан-сирањето. И сега сакаме да ја префрлиме топката во општините поточно во општина Велес, за проблем односно за објект, кој што е во завршна фаза. Овој не почнува утре да се гради, па дајте финансиска конструкција. Ова е објект што е во завршна фаза. Потребни се уште 200 милиони за да се заврши работата, односно како кредит или 200 милиони партиципација за Републиката за да се заврши работата. Веројатно повеќе Републиката нема да учествува во изградбата на овој објект. Сметам дека што господинот Ханџиски го предложи да не се чепка во средствата од развојот за поттикнување на земјоделието да се усвои Законот, Предлогот на господинто Николов, а Владата односно Комисијата за финансирање и буџет со министерот за финансии во меѓувреме да седнат и да видат од кои други позиции 200 милиони да се издвојат за спроведување на овој Закон.

И би сакал да кажам уште две реченици околу она што министерот Лепавцов го кажа. Сето тоа е добро како замисла но проблемот со регионалниот водовод Студенчица, доколку има правна држава тој нема да биде проблем, туку толку колку што има вода ќе се користи согласно водостоапнската дозвола и нормите што се воведени. А дали ќе се јавуваат пет или 10 газди тоа зависи дали сме или не сме правна држава. Ако сме ќе биде така како што е со законот регулирано.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, од оваа иста говорница јас пред година дена зборував за водата. Меѓутоа, слабо беше сватена мојата дискусија, слабо беше проблемот решен, заради тоа што така бедно се помина, а знаеме многу ние дека претходното собрание овде за таа Студенчица со денови седеше и со денови расправаше во однос на проблемот што треба да биде решен. Меѓутоа, сега излезе еден друг проблем. Проблем што водоснабдувањето на Тиов Велес. Утре ке испадне проблем било каде во Република Македонија. Јас уште тогаш кажав дека Студен чица е пример за да се застане веке на здрави нозе за оваа држава еднаш за секогаш да го реши проблемот со водоснабдувањето во Македонија. Јас уште тогаш кажав дека во времето кога се решаваше проблемот со Студенчица, Студенчица ја дадоа на три општини со немање вода. И утре ова Собрание ке се расправа за тој проблем.

Господинот Оломан кажа дека во тој регион требаше да влезе и северниот регион на Кичево, меѓутоа, не влезе.

Јас пред година дена предложив еден предлог. За Студенчица се формира едно јавно претпријатие, наводно за да го реши проблемот. Тоа јавно претприајтие не го реши проблемот само создаде проблеми за кои јас имав овде поставено неколку прашања, а одговорите сеуште ги немам добиено, а тоа беше минатата година. Колкави средства се потрошени во однос на тие проблеми што се решаваат со "Студенчица". Мегутоа, реков и тогаш и сега предлагам да не се формира јавно претпријатие за Студенчица, Злетовица, туку да биде јавно претпријатие за сите води во Македонија и тоа јавно претпријатие да ги решава проблемите вакви какви што се.

Јас се согласувам сега со бараето што го бара Титов Велес, но не значи дека само Титов Велес ке биде. Ке бидат сите оние кои што ке бараат и ке бидат жедни утре за вода. Заота повторувам. Предлагам да се формира јавно претпријатие како што е Електростопанство, Железницата итн. да се грижи за водата што ке му треба на овој народ Македонски. - сполајму-

**ИВАН ИВАНОВ:**

Јас мислам дека сите овде имаат големо разбирање за состојбите околу водоснабдувањето тука нема никакви разлики и во партиите и тн., меѓутоа, се поставува едно прашање кое треба да се решава на еден поширок план отколку што поединечно треба да се решава.

Јас доаѓам од еден крај кој имал исключително тешки состојби со водоснадувањето и знам сето тоа како се решава. Тоа го решававме околу 60 до 70% сопствено учество, огромни пари вложивме, со задолжување кај банките, со самопридонеси, интервенираше и државата со одреден износ на средства. Ние мораме да работиме и низ некои компромиси. Би предложил едно решение. Ако предложам било каде на друго место н ешто да се чачка, веднашп ке настанат реакции. Ако се тоа општествени дејности, веднаш е тоа рекации на општествени дејности. Ако е тоа во програмите кои се предложени за финансирање веднаш реакции на тие носители, на тие програми, затоа би предложил по оној дел кој зборува за интервенции во стопанството, освен делот штос е однесува за земјоделие некаде да се зафати 5% од средствата и тоа би било некаде преку 1 милијарда и на делот под број 19 интервенции на водоводите во општините тоа да се додаде и сега самата општина Велес, да направиме еден работен заклучок, каде би се дало предимство за разрешување на прашањето на водите, колку чини целокупната ивнестиција, колку обезбедува сопствени средства, колку учестуваат со самопридонес, колку и учестуваат работните ораганизации со придонес од доход, од личен доход итн., колку учестуваат со средства на банки, бидејки овој водовод има и економска категорија, наводнување, создава материајлна база, и колку ќе учествува Републиката многу помалку, вероајтно нешто повеке од овие средства да се заокружи таа инвестиција и да се симне од дневен ред, а исто така отвораме можност да се решаваат и некои други проблеми.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувано претседателоство, почитувани членови на на влада, почитувани пратеници, проблемот на обезбедувањ е на вода е животен проблем и мислам со право сите му посветуваме внимание и барем од она што слушнав тука, од никого не чув дека не е така. Заправо , поагајки од тоа, сакам да предложам две решенија, како да излеземе од ситуација.

Прво, знам дека веднаш од стопанството ке мис е спротивстават со тоа што ке предложам едно решение.

Имено, предлагам дел од средствата што се предлагаат со Законот да се обезбедат од стимулациите за извоз. Знам дека е тоа пречка, знам состојбата каква е , мегутоа, мислам дека во рпво време така треба да пристапиме, да ги обезбедиме овие средства, бидејки што ни се случува. Ке се случи објектот наместо 200 милиони и 1 милијарда нема да бидат доволно, ако за 5 - 6 месеци одлучуваме. Веднаш да кажам во никој случај не се согласувам од програмата за земјдоелство и така и програмата скастрена, затоа тука не доага предвид тие средства да ги обезбедиме. Ако ова не мине, овој предлог што го давам, конкретно би рекол разделот 43 реден број 124 конто 433 овие средства да се обезбедат. Меѓутоа, доколку ова не минува предлагам, решението треба под итно, бидејќи времето бега, а состојбите ги знаеме, иако се искажаа многу убави зборови во врска со обезбедувањето на вода, со какви ресурсии располагаме меѓутоа, тоа е посебна историја, вие полно работи ги знаете поубаво од мене, но би рекол дека можеби добор е да дадеме еден работен заклучок, ако првото не се усвои, работниот заклучок би бил да ја

задолжиме Владата на првата наредна седница по можност да ни предложи решение како да го решиме овој проблем, бидејќи сметам дека проблемот е многу акутен. Да додадам и тоа дека проблемот на обезбедување на вода за пиење е проблем кои што во сите места во Републиката интервенирала државата да кажам Републиката, односно Федерацијата. Но воглавно Републиката инетевенирала. Сите сме сведоци на такви работи и мислам во воој случај да помогниме. Ќе кажам едно мое сомневање само во однос на податоците, можеби ке ме побиваат оние што ги направиле програмите, но ке кажам само едно сомневање во однос на наводнвуањето.

Поучен од искуството во сите системи за наводнување, мислам дека со водата која се обезбедува тука треба да имаме одредена резерва, по мене само 50% може да служи за наводнување.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Јас нема нешто ново да кажам, меѓутоа, само сакам да укажам на проблемот дека водите во Македонија навистина претставуваат природен ресурс, велиме сме богати со води, но со загадени води. Квалитет на вода за пиење имаме сосема малку. Затоа сметам дека навистина проблемот што се покренува за системот Лисиче треба да се поддржува, од причина што тоа е навистина локален проблем и акутен проблем и сметам дека Парламентот треба да прифати таков заклучок, целосно да се види тој проблем за цела Македонија, затоа што навистина Македонија е мошне проблематично подрачје во однос на снабдување на квалитетна вода за пиење. Да не зборувам еза Источна Македонија. Тоа е една зона без оди, а ако немаме ние долгорочна програма за решавање на овој проблем, навистина секоја година ке се јавуваат вакви екцесни локални проблеми, што тешко ке можеме да ги решиме Затоа предлагам Владата и другите институции да размислуваат за овој проблем и да донесеме конечна програма за цела Македонија.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:**

Постоечките ресурции, популацијата, потребите на индустријата, едните се фиксни, другите се во постојан пораст. При една таква ситуација, може ли една држава да си дозволи да нема визија, една филозофија за искористувањето на водите. Тоа не може. Према тоа таа точка 2 што јас ја кажав, која што е на долгорочен план, но никако повеке да се протега на временска дистанца од 10 години, бидејќи работите толку се менуваат дека што таа временска дистанца илузорно е да се прават илузии и ние треба тоа да го преточиме во другите акти за системот на планирањето.

Основен проблем е тоа што целата таа работа го одмогнува и нашето еколошко однесување и тн. Посебно е тоа што климатските, хидрогеолошките услови истот ака одмогнуваат во последно време на одредени континенти итн. Но, тука што проблемот за решавање, односно за една стратегија која ние ке ја усвоиме за наредните 10 години, а за таа работа треба да биде ангажирана науката и применетата наука. Сега тоа не е тема за дискусија, но апелирам Собранието да го акцептива ова и да даде виза во врска со решавањето на овој проблем. Оттука ке излезе и системот на управување итн.

Ние сега се наоѓаме во една преодна фаза од една насочена економиија, самоурпавно насочена економија, поминуваме во пазарно

стопанство. Бидејќи водата во тоа пазарно стопанство се третира како стока, значи ние треба и тој проблем така да го гледаме. Тоа значи дека државата ке има свои ингеренции во делот на визијата, во делот на глобалната распредлеба на водните ресурси, по сектори за кои што зборував. Но таа нема да се меша во економската вредност, локацијата итн. на исткористувањето на водата. Тоа ке биде во глобалните рамки на просторот, ке се меша, но директно во врска со процесот на ивнестицитие таа ке биде следена визави одреден апомош, во проектирањето, во студиите итн. И тоа на помалите населени места. Индустријата,големите градови, треба да го решаваат тој проблем на ниво на комунална самоурпава бидејки и комуналанта самоуправа ке си има свои линии на приходи итн. и преку цената на тој производ ке мора да обезбеди елемент на проширена репродукција, а камо ли одржувањето итн.

Сега да се вратиме на точка 1 од мојот предлог. Јас реков дека за оние инвестиции кои што се влезени во пазарно извршвуање и кои што апсолутно е нерационално и неразумно е дека ке се создаде и сосем логичен револт на она население кое треба да биде сервисиорано од тие системи итн., државата треба не да го скрши стапот, туку да го извитка за да се добие некаков преод. А кажав да се направи една ранг листа на приоритети, во кои што можат и овие 200 милиона адхог може, бидејќи тие 200 милиона визави градежните трошоци на системот навистина е една мала сума. Меѓутоа, дајте да направиме план да видиме кои се тие објекти, да ставиме ранг листа на приоритет, исклучувајки го овој проблем кој што навистина со таа бедна сума ако сметат Велешани дека ке го решат во ред, јас мислам дека нема да го решат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дали уште некој бара збор? (никој)

Да се обидеме да заклучиме. По повод на Предлогот на законот овде се водеше една сериозна рапсрава и исцрпна расправа која даде слика на најголем дел на проблемите на водоснабдувањето на нашите населби и пдорачја. Очигледно е дека тука треба н ешто да се зафати посериозно, дали ке го наречеме филозоф или не знам што, меѓутоа, сигурно ед ека билансите на водите и билансите на динамичктие потреби за вода треба добор да се обработат, да се направи некоја студија и да се направи некоја програма, инаку Собранието ке биде со поединечни прашња заситено и ниту ке може да ги реашва, ниту пак ке може да ги одлага, и ниту има осноа за нивно решавање. Нека се искористи целата документација која сигурно е доста обработено ги имаме тие билански сигурно, проценките за потрошувачката, дали ке бидат доволно согледани и евентуално начинот како ќе се решава тој проблем. Затоа оваа втора точка што ја предлага господинот Лепавцов, а и од повеке луѓе предложена да заклучиме. Мене ме загрижува што инцидентно по повод на еден закон доаѓаат такви рпедлози. Тоа треба да биде цврсто определување на Владата и Владата требаше да не ивзести за тие работи со една таква програма, за една таква широка водостопанска осноа за решавње на проблемтие на потребите за вода итн. Предлагам тој заклучок да го усвоиме.

Што се однесува за законот овде како е даден, на вчерашната расправа ја минавме првата фаза и кажавме дека има потреба да се донесе тој закон. Меѓутоа, ве потсетувам дека во премногу проекции и премногу амандамни кои се сега дадени, изгледа дека не ние гледа од страна на ЗПК. Мислам дека ЗПК, укажувањата не треба да се земаат предвид , само во исклучителни случаи, ако зема-њето на предвид на тие укажвуања би нанеле големи штети.

Инаку треба да држиме до тоа да укажвуањеата на ЗПК се од таков карактер, ако не ги уважиме, можат да ни отовара еден простор во градење на закони и прописи кои ке бидат диви во однос на Уставот и во однос на основите на ситемот кој сакаме да го изградиме.

Затоа предлагам да се договориме оној заклуок да го поништиме, да не го донесеме сега, меѓутоа да ја задолжиме Владата овој проблем на Велес без оглед ние сите имаме секакви проблеми, сепак е специфичен проблем, веројатно покрај сите други тешкоти кои ги имаме, очитледно е дека од здравствен аспект, најмногу кроисниците на сегашната вода во Велес се изложени на опасности кои можат да бидат долгорочни со промената, со влијанието на генетсктие особини, на наследството итн., јас не сум стучнак по медицина но знам дека водата со оние елементи што ги носи може да ги промени генетските пораки и тоа може да биде опасна работа и тука не треба многу одлагање. Мислам дека е потребно Владата да ја задолжиме да помогне во соработка во општина Велес и инвеститорот да видат кои се можности се даваат за забрзување на изградбата на таа акумулација, заедно со изградбата на мрежата која е потребна.

Јас тука би кажал вака. Не би давал јас особени предности на наводнувањето, туку основно е што Велес е загрозен во снабдувањето, населението пред се и би рекол ако може да ја задолжиме Владата ова прашање да го реши во ток од 2 недели, да направи некој потез, да видиме што може, дали може да одвои 200 милиони или не може, дали може да се наменат некои кредити од банките за оваа потреба, дали може да се издадат некои гаранции и што може, воглавно, да ја задолжиме Владата да биде со една активност да овозможи да тече реализацијата на овој проект, со динамика која е потребна да се решат овие проблеми. Тоа би бил заклучокот што би го рекле од онаа основан студија би произлегол односот по редоследот на другите проекти во водостопанството, а овде ке направиме еден исклучок и вака ќе го поставиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние сега навистина минуваме на нов систем, пазарен систем, но не се нашите субјекти сите до крај оспособени да минат на тој систем, а ако за тоа време треба да се направат огромни штети ан населението на здравствената состојба на населението во еден крај, државата мора на некој начин да биде свесна за тоа тоа да се избегне и да се направи некој обид за ова. Јас колку што ја знам ситуацијата, ние не сме богати, ние не сме богати со вода. Општо земено сме сиромашни со вода. Ние имаме околу 300 кубика во секунда што истекува во Републиката, така што тоа не е некое богатство со вода. За тоа треба доста инвестиции да се распореди рационално итн. Предлагам овие заклучоци да ги донесеме.

Дали се согласувате?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Слушнавме и од образложението на потпретседателот Бекир Жута што е мотивот Владата што не го прифаќа ова решение. Меѓутоа, таа не се противи на потребата. Ако Собранието дефинира ваков заклучок денес би било добро, бидејќи тој проблем уште утре ќе се мултиплицира и пред Собранието и пред

Владата да се дополни со една содржина која од прилика значи дека со ова се прејудицира приоритет во идната програма која ја очекува Собранието од Владата во врска со водостопанските зафати, за да се знае дека во таа програма со оваа задача се почнува. Ова е прифатливо за Собранието, ние можеме да обезбедиме на Владата да се најде решение за овој заклучок што претседателот Андов го предлага.

-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, предлогот е ова или издвоено да се реши или ако таа програма дојде брзо да се даде приоритет на ова прашање. Јас така разбрав една спремност на повеќето дискутанти и тоа во рамките на овие средства, пред се, на овие средства кои сега овде беа барани со закон. Така разбрав дека е тоа.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Ги почитувам сите мислења и дискусии што беа во врска со овој проблем, но сепак би кажал два збора. Се работи за минимални средства на пари кои што треба да го продолжат градењето за да не запре градежната оператива, за што покренувањето на градежната оператива ако, не се обезбедат средства е многу поскапо, отколку да продолжи да работи. Ако ова го одложиме, би се сложил, а ако се одложи подолго, тоа значи кревање на цела градежна оператива, а тоа значи престанувањето на градењето се до добивањето на гаранции за кредити. Затоа што Велес знае Републиката нема да го гради тој систем. Ќе оди преку гаранции и кредити и ќе го гради тоа, таа мора да го гради, затоа што таков е проблемот. Но, додека се створат услови за гаранции и за добивање кредити да не запре оваа градежна оператива треба да се обезбедат барем овие минимални пари што се бараат од Буџетот. Еве тука има стручњаци што значи прекинување на работата и повлекување на градежна оператива. Тоа чини поскапо, отколку еден месец да работи таа градежна оператива. Јас не сум стручњак, но тука има стручњаци и мислам дека тоа е така. За тоа се бара една интервенција да не престанат градежните работи додека да се обезбедат нови средства низ кредити,  а знае министерот дека се бараат такви кредити. Општината бара такви кредити не од сега, туку од поодамна, но нема гаранција за тие кредити кои што ќе ни ги даде, затоа што општината не е таа што може да даде гаранција сега за тие кредити. Но тоа е проблемот. Така треба да го сфатиме проблемот. Јас се сложувам по заклучокот, но тој заклучок, сепак, да ги обезбеди овие средства во текот на ковој месец, да не престане таа градежна оператива. За што, ако престане ние сме готови, тоа е поголем трошок, тоа е поголем трошок што го правиме. Тоа треба да го сфатиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа да се води сметка, во тоа е суштината.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака.

Заклучокот е јасен. Значи, заклучуваме вака, прво, да се поништи

заклучокот што вчера го донесовме да се донесе посебен закон сега за ова. Ние утврдивме потреба да се донесе закон. СЕга нема потреба од донесување закон.

Второ, да го ставиме како втор заклучок, Собранието со сегашниот став во овој заклучок утврдува приоритет на овој проект "Лисиче" во рамките на овие средства на овие двеста милиони кои ги барав, значи за тоа се дава приоритет, во Програмата што Владата треба да ја направи за изведување и помагање на изведување на проекти во водостопанство.

Трето, во рамките на тоа временски овие средства да се ставаат на располагање за да се избегне повлекувањето на градежната оператива од проектот таму. Посебен заклучок е на Владата и се сугерира да се забрза изработката на една долгорочна програма каде ќе се согледаат сите биланси на водите и најрационални решенија на водоснабдувањето во Републиката. Тоа е долгорочна работа.

Дали се согласувате со овој заклучок? Молам, кој е
за нека крене рака?

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Мислам дека покрај заклучокот, затоа што покрај Законот има и предложен амандман на Буџетот нека се прифати амандманот, а изворите на средствата нека ги распореди Владата. За што, ние не знаеме кога овој заклучок ќе се оствари и дали ќе се оствари вака како што е донесен. За што, заклучок е едно, амандман е друго, закон е трето. Не сум правник, но мислам дека има разграничување тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот министер треба да го каже рокот.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Во оваа смисла заклучокот има иста снага ако е од Собранието и ако има рок. Според тоа, не треба да има резерва во извршувањето на заклучокот на Собранието од страна на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој рок да го ставиме и што вие мислите дека е остварливо?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Остварливо е прва седница на Влада, најрано. А за да се подготви таа Одлука веројатно првата седница на Владата е утре, не ќе може

за утрешната седница, значи за 10 дена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што се однесува на амандманот тоа ќе биде во расправата по Буџетот и по оној закон.

Молам, кој е за овој заклучок, нека крене рака? Дали некој е против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не) Констатирам дека заклучокот што го предложивме овде е усвоен.

Молам, со оглед на тоа што сега треба да расправаме за Буџетот, а стигнаа неколку нови амандмани со доста крупни промени кои овде се предлагаат, предлагам пауза од 1 час, а комисиите да ги разгледаат амандманите и да подготват извештај за да може тој овде да биде поделен.

(По паузата)

Да продолжиме со работа.

Минуваме на точката 4. Предлог на Републичкиот буџет за 1992 година.

Предлогот на Републичкиот буџет и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени. Отворам претрес во начело. Дали некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Мојата интервенција и да кажам овој предлог не е во врска со Буџетот, едноставно се јавив поради тоа што познато е на сите што се случи додека е она што го гледавме на вестите и денес исто така пратеникот од Радовиш се заложи за некоја информација за настанот и употребата на сила, репресија од страна на Министерството за внатрешни работи. Беше кажано дека не е тука министерот за внатрешни работи и според тоа не може да се обезбеди квалитетна информација. Ние сметаме дека во овој момент прашањето на употреба на сила постојано ќе биде присутно и во загрижувачки размери ќе се применува во Републиката, бидејќи свесни сме дека пред неколку дена имавме употреба на сила во селото Куклиш сега во уште поголем обем и со поголема жестокост има исто така употреба на сила во Радовиш. Сметам дека кога се покрена прашањето од пратеникот од Радовиш требаше и имаше доволно време и простор да се обезбеди претставник на Министерството за внатрешни работи кој што ќе дадеше една званична информација, навистина, што се случило во синоќешната пресметка меѓутоа граѓани од тој дел на Македонија и органите за внатрешни работи. Мислам дека треба во овој меѓупростор да се обезбеди претставник од министерството кој што ќе ги информира пратениците во овој Парламент, а едновремено и преку неговото истапување од оваа говорница и на јавноста, бидејќи оние податоци што кружат низ граѓаните, навистина треба да го загрижуваат секого.

Оттука, јас апелирам до претседателот на Собранието да се обезбеди претставник на Министерството за внатрешни работи до колку тоа не може да се случи, тогаш најверојатно претседателот на Владата е информирана личност и таа би требало да даде една информација за она што се случувало вчера во Радовиш. Да не заборавиме: дека милицијата веќе интервенира во случај каде што навистина не би имало место. Милицијата треба да има по мене исти аршин на однесување спрема сите настани кои што се случуваат во Републиката. Оттука, информацијата што ја баравме мислам дека ќе биде корисна за сите нас овде и еднаш за секогаш ќе можеме и ние донесувајќи го граѓанскиот устав да кажеме во кој степен ние ги штитиме правата на нашите граѓани кои се загарантирани со Уставот, а и тоа, и правата на слободно собирање и изразување на одредени протести. Оттука, јас уште еднаш ќе го замолам претседателот да обезбеди претставник и во текот на траењето на седницата, а не како точка 33 да расправаме за овие два настани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како што и самите знаете кога Тиме Андонов го покрена пратеникот од Радовиш ова прашање, овде се договоривме не да чекаме точка 33 кога ќе биде туку да дојде овде Фрчковски или негов претставник на Министерството и тогаш ние било која расправа ќе ја прекинеме и ќе расправаме по таа точка 33 и ќе добиеме информација, како и ќе формираме група. Затоа, ве молам од Владата да проверите во што е работата и зошто уште го нема. Владата е овде, слуша што заклучуваме и треба да си постапи во склад со тоа. Таа има претставници и тие одговараат за сето тоа.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Можеби ќе бев постриплив ова прашање да го поставам во присуство на минситерот за внатрешни работи, меѓутоа ме поттикна пратеникот, претходниот дискутант за случајот во Источна Маке-донија. Нешто слично се случи вчера и во Скопје. Како што знаете имаше најавен по пропис најавен протестен мирен митинг на ПДП на Плоштадот во Скопје и од властите добивме гаранција дека ако насобраните се придржуваат на прописите за одржување на јавниот ред и мир, нема да има екцеси, ниту малтретирања. Меѓутоа, на одење една група од 40-тина граѓани учесници на митингот од Струга и неколку учесници од Тетово и Гостивар на враќање се запрени и доста малтретирани од група од 30-тина до 40-тина работници од Министерството за внатрешни работи, инспектори во работна и цивилна униформа. Бес оправдување дел од нив се приведени, задржани во милициската станица после нашата интервенција тие беа пуштени. Тоа не е битно, но битен е односот на тие работници на милицијата, кон тие луѓе. Ова сакав само да го кажам, зашто меѓу нив г-дине претседателе јас оваа говорница ја користам многу ретко и многу рационално. Меѓутоа, работите така некако се расплинуваат и можат да добијат несакани димензии. Мала опомена вака е добронамерна. Меѓу нив е виден и еден 70-шен учесник на НОБ. Ми ги остави трите медали синојќа и рече тресни ги таму во парламентот веќе не ги сакам. Наречен е магаре, и навреден е со други зборови. Сакаме детален извештај односно детална информација од министерството за внатрешни работи зошто е направен овој екцес и зошто е таков односот кон мирните граѓани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, присутните претставници од Владата да ги обезбедат сите оние кои не се присутни а се потребни овде.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Тука сме Македонија како Република суверена за прв пат донесува буџет, а премиерот на Владата не е присутен. Мислам дека и за оваа точка и по овој повод треба да побараме премиерот на Владата да биде присутен при донесувањето односно усвојувањето на првиот буџет на Република Македонија. Не сакам да спорам дека Министерот за финансии е тука, но мислам дека сепак и премиерот треба да биде на оваа седница, бидејќи за прв пат Република Македонија како суверена држава го усвојува првиот свој буџет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нека го повикаат премиерот, а нека почне со излагањето г-динот Методија Тошевски.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Прво, во врска со претседателот на Владата, тој беше во текот на седницата, но во моментов држи еден состанок со претставници на Универзитетот и на студентите во врска со некои проблеми во стандардот на студентите и штом заврши тој состанок, тој ќе дојде на седницата. Веројатно, повикот сега што е и што ќе биде направен тој ќе го забрза и завршувањето на тој разговор.

Владата на Република Македонија врз основа на насоките што ги утврди Собранието на Република Македонија по повод утврдувањето на Нацртот на Републичкиот буџет за 1992 година, го подготви И го дава за донесување Предлогот на Републичкиот буџет за 1992 година едновремено поднесувајќи покрај образложение на Предлгот и Извештај за постапувањето по искажаните мислења, забелешки, сугестии и укажувања од расправата по Нацртот на Републичкиот буџет за 1992 година во Собранието,на Република Македонија.

Појдовна основа за изготвување на Предлогот на Буџетот, покрај уставните определби, преставува и Програмата за макро-економската политка на Владата за 1992 година, во која Билансот на приходите за финансирање на јавната потрошувачка во Република Македонија во 1992 година, ја определува рамката за утврдување на можните приходи за финансирање на буџетската потрошувачка, за пензиското и здравственото осигурување и за вработување со учество до нивото од 38% од оценетиот општествен производ на вкупното стопанство во 1992 година, вклучувајќи ги тука и новите функции на суверената држава.

Настанатите општествено-политички и економски промени во Републиката како резултат на уставните решенија со кои таа се конституира како суверена и независна држава наложија потреба за изготвување на системски закони и акти на економската и развојната политика за 1992 година, во функција на оживотворување на основите на сувереноста и независноста на

Република Македонија. Процесот на нормативно регулирање на економската сфера е во тек, а некои законски проекти се на дневен ред и на денешната седница на Собранието.

Од овие причини Предлогот на Републичкиот буџет за 1992 година се предлага паралелно со дефинирањето на некои сегменти на стопанскиот систем и економскиот инструментариум на општествено-економскиот развој за 1992 година и паралелно со утврдувањето на некои од прописите што ги регулираат обврските и новите функции на држават што се финансираат од Буџетот.

(1) Економската состојба во стопанството, движењето на индустриското производство, одразот на мерките во сферата на трговската размена, стеснувањето и затворањето на меѓурепубличкиот промет, и покрај тоа што со некои нови држави од поранешниот стопански простор се потпишаа и меѓудржавни спогодби за стопанска соработка и платни спогодби (Словенија и Босна и Херцеговина), пред потпишување се таквите спогодби со Хрватска, а во тек се преговори со Србија, се уште не може да се очекува дека со тоа се надминати тешкотиите за слободна размена и проток на економски добра. Од друга страна, поради незавршениот процес на уредувањето на односите меѓу ново формираните држави од просторот на поранешната СФРЈ, се уште не се создадени претпоставки за заокружување на монетарно-кредитниот систем на Република Македонија.

Од овие причини при изготвувањето на Предлогот на Буџетот за 1992 година е појдено од претпоставка (сметано по тековни цени дека:

- општествениот производ во вкупното стопанство и националниот доход ќе бележи реално опаѓање од 8%; цените на мало ќе бележат пораст од 270%,а личните доходи во стопанството пораст од 217,2%;

Битно е сепак да се знае дека:

- фактичките движења на овие индикатори се цени дека ќе бидат повисоки и понегативни од проецираните поради што во континуитет Владата на Собранието ќе му предлага и соодветни мерки.

На ваков начин се обезбедува буџетската потрошувачка, иако номинално многу повисока од потрошувачката во 1991 година сепак да делува стабилизационо, бидејќи со инструментариумот на даночното регулирање се задржува нивото на оптоварување на нивото од 1991 година (без јавниот долг).

(2) Врз ваква проекција на макро-економските индикатори и другите претпоставки, конципирањето на Предлогот на буџетот за 1992 година е направено со тоа што:

1) Билансот на приходите на Буџетот е димензиониран врз основа на постојните закони од фискалната област и законите и прописите кои се во

постапка на изменување и донесување.

Во Буџетот се билансирани и делот на приходите од основниот данок на промет и приходите од царини и други увозни давачки.

Во Буџетот се вклучени и средствата од посебните сметки од надоместоците од нафтените деривати (само до крајот на мај 1992 година).

Во Билансот на Буџетот по принципот на бруто-буџет се вклучени и другите приходи.

Функциите на државата се финансираат преку Буџетот утврден на бруто принцип, односно приходите од издвоените сметки се вклучуваат Буџетот на Рспубликата.

2) Во 1992 година Рсѕпублика Македонија функционира како суверена и независна држава поради што се планираат средства и за трошоци за работа на дипломатско конзуларни претставништва, финансирањето на организирањето на одбраната, царинска служба, востановување на државни стоковни резерви, нови интервентни и поттикнувачки мерки во земјоделството и во други одделни сегменти во стопанството, како и за обврските за интервентни и поттикнувачки мерки во социјалната сфера.

3) Во текот на годината Република Македонија ќе дефинира царински граници, инструменти на кредитно-монетарна политика и девизен биланс во согласност со приликите и откако ќе се оцени дека се создадени околности и минимум услови за тоа.

4) Постојниот основен данок на промет ќе се трансформира во републички данок на промет со интегрирање на стапката на постојниот посебен републички данок на промет и на стапките на основниот данок на промет.

5) Средствата за лични доходи на сите корисници, во отсуство на Законот за платите и соодветна уредба, се утврдени според висината на- бруто личниот доход по условно неквалификуван работник оценет за месец јануари 1992 година, односно без усогласувањата што се направени или ќе се прават во меѓувреме. Лични доходи се превидени за бројот на вработените утврден со новите правилници за организација и систематизација на републичките органи и организации.

6) Средствата за материјални и функционални расходи се утврдени по тековни цени од месец декември 1991 година, значи нереално и по сила на околностите рационализирани.

7. Функциите на локалната самоуправа се финансираат во општините, а во рамките на изворните приходи на општините утврдени со законот, вклучувајќи ги тука и амадманите на Законот за финансирање на општите општествени потреби за отстапување на 0,70% од наплатениот-посебен данок на промет на производи и услуги на подрачјето секоја општина, како и за дополнителни средства за некои од општините од Републичкиот буџет. Во општината се финансираат сите други функции, потреби и намени кои пред пренесувањето на управните надлежности на републичките органи се финансираа во општината од средствата на општинските буџети (освен за сојузот на борците).

- 8) Во Предлогот на буџетот за 1992 година се утврдуваат средства за преодно решение за поттикнување на развојот на недоволно развиените подрачја во Републиката, единствена постапка за интервенција на државата вр трошоците на информативните гласила врз утврдени критериуми, како и решенија приходите на органите и организациите да се користат за самофинансирање на дел од опремувањето.

(3) Врз основа на ваквите параметри обемот на Предлогот на Буџетот за 1992 година изнесува 75,9 милијарди динари, или за 12,0 милијарди динари повеќе во однос на износот утврден во Нацртот.

Треба да се има предвид директната неспоредливост на податоците поради измените во системот на финансирањето на општите општествени и на заедничките потреби кои настанаа од 1 јули 1991 година, како и поради вклучување на посебната пресметка за приходите од основниот данок на промет и царините и расходите по тие основи во Предлогот на Републичкиот буџет за 1992 година.

Врз овие основи во 1992 година ќе се обезбеди учеството на јавната потрошувачка во општествениот производ да изнесува до 38,0% што е во рамките на утврдената политика со Програмата за макро економската политика на Владата за 1992 година.

(4) При утврдувањето на можниот обем на приходите за јавната потрошувачка во 1992 година е појдено од претпоставка да продолжи примената на прописите за даноците и придонесите и

стапките на зафаќања од 1991 година со предложените усогласувања што се на дневен ред на денешната седница на Собранието (освен на стапката за ПИО-зголемено од 16,5% на 18,0%).

Структурата на приходите во вкупните буџетски приходи во својот најзначаен дел ја претставуваат приходи од:

| | во % |
|---|---|
| - данок од личен доход на работниците | 27,4 |
| - данок на промет на стоки и услуги | 41,2 |
| - основен данок на промет | 29,9 |
| - посебен данок на промет | 11,3 |
| - царини и увозни давачки | 12,7 |
| - надоместоци од нафтени деривати | 10,4 |
| - сите други приходи | 8,3 |

но повеќе средства за интервенции и поттикнувачки мерки во одделни сегменти на стопанската активност. Во Буџетот на ЕЕЗ за 1990 година преку 90% се средства кои се однесуваат на разна структура на интервенции.

Релативно е и учеството на вкупните буџетски расходи во проценетиот општествениот производ за 1992 година до 38%. Постојат држави и економии кои имаат многу повисоки рамки, Шведска 55,3%, Данска 52,1%, Холандија 48,2%, Словенија 60%, како и такви кои имаат и релативно помало учество од Република Македонија (Турција 23%, Шпанија 32% и сл.) се разбира при различни стопански ситуации.

Земјите членки на ОЕЦД во 1988 година во просек имаа учество од 38,4% на вкупните даночни приходи од општествениот производ (ГДП), а земјите членки на ЕЕЗ, исто во 1988 година 40,8% учество на вкупните даночни приходи во општествениот производ.

Меѓутоа, во расправата на комисиите веќе се дадени амандмани (и покрај оценката за обемноста на буџетот) кои би го зголемиле обемот на буџетот за околу 5,0 милијарди динари.

- регреси во земјоделието 2,0

- пензии за пензионери земјоделци

- 1,7здравството 1,0

- други 1,0

Владата не можеше да го прифати ова зголемување ако притоа во принцип не се заземе став дали ќе се пробива рамката од 38 отсто учество во ОП и утврденото ниво на оптоварување на потрошувачката, стопанството и граѓаните со зголемени даночни обврски. Владата не ја спори потребата, но динамиката и структурата на решавање на потребите треба да биде во согласност со макроекономската политика и со степенот на издржливост на фискалниот потенцијал.

Притоа треба да се знае дека зголемувањето на обемот на буџетот за 1 милијарда динари бара во просек зголемување на постојните стапки на сите даноци и придонеси за околу 0,75% или селективно со различен процент на пораст на одделните основи односно за продолженото зголемување на обемот со стапка на пораст од околу 7,5 отсто од сегашното ниво.

Зафаќањата по основа на данок од добивка од стопанството изнесува само 4,5% во структурата на приходите.

Произлегува дека уште сега, во структурата на приходите, апсолутно доминантни се приходите од потрошувачката што е ориентација на пазарните економии.

(5) Во Предлогот, на Буџетот е карактеристична и структурата на расходите. Иако привидно се цени дека Предлогот на Буџетот е непазарен, нестабилизационен (значи инфлаторен) и нерестриктивен, значи не селективен, сепак, анализата наструктурата на расходите зборува дека со оглед на реално очекуваните движења тој ги содржи сите три компоненти во позитивна конотација.

Прво, околу една третина (31,6%) од износот на расходите се однесува на расходи за интервентни поттикнувачки или регресни мерки во стопанството, посебно во сферата на земјоделството;

Второ, преку една третина (33,5%) од износот на расходите се однесува на расходи за финансирање на општествените дејности и други општи потреби;

Трето, само 15,9% од расходите на Буџетот (без расходите за организирање на одбраната како нова државна функција)се однесува на расходи сврзани со државната управа;

Четврто, за одбраната се обезбедуваат 8,7% од расходната страна на Буџетот што претставува само 2,3% од потребните минимум 6,0% од општествениот производ што може да ги покрие минималните потреби за оваа намена.

Петто, сите други намени носат околу 10,3%.

Можно е формирање на многу порестгчктивен буџет. За тоа, покрај рационализација (натамошна рационализација во државната управа и посебно во општествените дејности) ако се откажеме од нужните интервенции во стопанството. Дали е тоа пазарно. Секако, не. И најпазарните економии на запад, и посебно ЕЕЗ, во своите буџети обезбедуваат значително.

б. Сепак, се поставува едно многу сериозно прашање. На каков начин, и дали, со оглед на нестабилните движења на цените и вкупните нарушувања во стопанските и економските параметри ќе се усогласува обемот на буџетот во текот на годината.

Ако се применуваат прописите од оваа област, а тие додека не се изменат мора да се применуваат тоа значи дека, расходите независно од приходите треба да се усогласуваат со порастот на инфлацијата, а тоа натаму значи дека, поради недостигот на приходи, во текот на годината или ќе треба да се врши ребаланс за редукција на расходите за да се усогласат тие расходи со приходите, или пак односно да се зголемуваат стапките односно да се воведуваат нови даноци за да се следи усогласувањето ( на личните доходи, на пензиите, на надоместоците во социјалната сфера и сл.).

Секако дека тука е централното прашање од кое зависи карактерот на буџетот. Затоа, и Владата и Собранието стојат

пред сериозна задача, утврдувајќи ги параметрите на глобалниот економски систем и економска политика за 1992 година да уредат односи кои нема да предизвикуваат дополнителни растројства во стопанството.

При вакви состојби основна задача на буџетската политика е да го одржи степенот на учеството на општата и заедничката потрошувачка, во вкупната структура на буџетските намени. Подобрувањето на макро-економските индикатори ќе создава услови и за порационален однос во распределбата, но и за подобрување на развојот.

7. Отворено е прашањето за разграничување на правата и обврските по однос на билансот на Народната банка на Југославија (сврзано со утврдувањето на учеството на републиките во билансот на Народната банка на Југославија, и со делбениот биланс на Федерацијата за поделба на имотот, правата и обврските на Федерацијата и посебно на девизните резерви на НБЈ), што е битно прашање за буџетот.

Во наредните: активности на Владата и Собранието актуелни
се отворените прашања од оваа сфера.

Така, отворено е за разрешување прашањето на каматата и курсните разлики по девизните штедни влогови на граѓаните кај банките по кои, според досегашните прописи, гарант е Федерацијата. Република Македонија треба да го санкционира долгот по таа основа кон граѓаните што е можно побрзо, за да се отстрани неизвесноста и вознемиреноста на граѓаните за своите заштеди во банките. Во тој контекст Републиката треба да дефинира гаранција обем и динамика за повлекуваше, односно исплата на долгот (со оглед на висината на вкупниот долг од околу 950 милиони долари) и да ги утврди формите, условите и погодностите за нивно продуктивно ангажирање. Дотогаш, банките низ сопствени можности и одлуки треба да создаваат и отвораат услови за користење на дел од штедните влогови на граѓаните, посебно за граѓаните од групацијата која штедните влогови ги користат за егистенциојални потреби, а треба да се создадат услови и за идно инвестиционо ангажирање во динари по курс на Народната банка на Македонија. Исто така, и со акти треба да се утврдат можните осознаени намени во кои би требало да се

пласираат дел од штедните влогови со нивна продажба на банките (за купување на станбен и деловен простор, купување на акции во процесот на приватизацијата на претпријатијата и банките, патување во прекуморските земји, набавка на опрема за развој на стопански активности, обезбедување на задолжителен откуп од страна на банките по барање на штедачите заради обезбедување на егзистенцијални потреби и сл. Сите откупи треба да се пресметуваат по курс на НБМ а Републиката да утврди политика на курсот и да обезбеди средства за задолжителниот откуп на девизите.

Републиката треба да присзтапи кон разрешување на проблемот за санација на банките и земање во јавен долг на обврските за инвестиции во стопанството по гаранции што во минатото ги издавала Републиката спрема странство, пред се за обврските на ФЕНИ, водостопанството на Македонија за малите хидрозафати во општините (Кичево, Гостивар, Свети Николе, Берово и Стрежево) како и дел на пласманите во земјоделието.

8. Во Предлогот на РЕпубличкиот буџет за 1992 година направен е опширен опфат на буџетските намени за управата, општествените дејности и интервенциите и поттикнувачките мерки во стопанството. Меѓутоа, остануваат отворени прашања во неколку области од општествениот и стопанскиот живот за кои во текот на годината треба да се изгради норматива врз основа на која би се разрешувале прашањата.

Меѓу прашањата што имаат пресудно значење за остварување на опшетствено-економскиот развој на Републиката на прво место е дефинирањето на системот за обезбедување средства за поттикнување на стопанскиот развој во Републиката и за изградба на електро-енергетски и водостопански објекти. Двегодишната пауза во примената на поттикнувачки мерки во развојот на Републиката и во реализација на програмите за електроенергетски и повеќегодишен застој во изградбата на водостопански објекти остави и ќе остава сериозно заостанување во следењето на динамиката на технолошкиот развој, во остварувањето на политиката на преструктуирање на стопанството и во остварувањето на политиката на порамномерен регионален развој. Преодното решение за Републичкиот фонд за недоволно развиените општини што е присутно во Буџетот претставуваа маргинална величина во однос на потребите што системот за поттикнување ги има во развојот на стопанството во Републиката, поради што системското и програмирано уредување, овие содржини

треба да биде значајна активност во 1992 година.

Дефинирањето на монетарно-кредитниот систем на Републиката не може да се оствари ако паралелно се разрешува прашањето на делбениот биланс на НБЈ и создавањето на девизни резерви потребни да се обезбеди нужното ниво на девизна ликвидност во плаќањето на обврските на Републиката и на стопанството кон странство, на потребите на стопанството за увозни суровини и на граѓаните по основа на исплатите од штедните влогови на населението во согласност со регулативата што ќе ја утврди Собранието.

Значјно за Буџетот е и прашањето на финансирање на локалната самоуправа и посебно функциите на одделните асоцијации на општините (месните заедници, работничките универзитети, Сојузот на резервните старешини, други професионални сојузи и здруженија, локалните информативни гласила и сл.). По преземањето на управните функции во републичките органи, во некои од општините намените што ги финансираа општинските буџети до крајот на 1991 година претрпеа измени и се создадоа сериозни проблеми.

Упатствата и толкувањата што на одделни општини ги правеше Владата по тој повод не ги разрешија сите прашања и во општините треба да се остварат билансни позиции за финансирање на ваквите функции доколку се тие потреба на општината, или согласно прописите да се повлече основачкото право и учество во финансирањето на одделни институции, а со тоа да се разрешат и статусните односи кон таквите институции и работниците во нив.

Амандманите што обезбедуваат решенија за отстапување дел од 0,70% од посебниот данок на промет на стоки и услуги на општините ќе разрешат дел од овие проблеми.

9. Расправајќи по Предлогот на Републичкиот буџет за 1992 година и предложените закони како придружни акти на буџетот во името на Владата, ве молам, критички да ги преоцените и предложените амандмани на овој значаен акт на макро-економската политика на Републиката за 1992 година, и во рамки на оценката да го

утврдите
републичкиот буџет за 1992 година како и законите кои се сврзани
со правата што се уредуваат со буџетот.

Благодарам за вниманието и за довербата.

Значајно за Буџетот е и прашањето на финансирање на локалната самоуправа и посебно функциите на одделните асоцијации на општината.

Расправајќи по Републичкиот буџет за 1992 година и предложените закони како придружни акти на Буџетот во името на Владата Ве молам критички да ги преоцените предложените амандмани по овој значаен акт на макроекономската политика на Републиката за 1992 година и во рамките на оценката да го утврдите Републичкиот буџет за 1992 година како и законите кои се сврзани со правата што се уредуваат со него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, можеби е најдобро да ја сослушаме господине Арсовски бидејќи вие баравте збор, госпоѓата Славјанка Стојанова, која е претседател на Комисијата за буџет, а потоа ќе одиме со дискусија. (Бранко Арсовски се согласи).

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, во подготовката на оваа седница Комисијата за финансирање и буџет континуирано заседаваше и меѓу другите точки од дневниот ред го разгледа и Предлогот на Републичкиот буџет за 1992 година и мноштвото амандмани по истиот. Во мошне исцрпна расправа околу концепирањето на Буџетот и неговото утврдување Комисијата особено во глобала се задржа на појдовните индикатори за развојот во 1992 година. Особено беше потенцирано утврдувањето на обемот на Буџетот на релација реално движење на општествениот производ и исто така реално движење во истите рамки на буџетот. Во расправата посебен нагласок беше ставен и на прашањето дали Буџетот е инфлационен или антиинфалционен и кој е механизмот за заштита на Буџетот во тоа да тој не е поттикнувач на инфлацијата бидејќи дефлаторот од 270% е применет на личните доходи и на материјалните трошоци, а останатите функции се билансирани доста рестриктивна точка.

Комисијата во оценувањето на обемот на Буџетот за 1992 година и неговата споредба со ребалансот од 1991 година укажува дека не е адекватна споредбата со која зголемувањето изнесува 6,5 пати од следните причини: Во ребалансот на Буџетот не се вкалкулирани средствата за финансирање на општествените дејности, тоа се образованието, културата, детската заштита, физичката култура кои се финансира преку СИЗ-овите до 30.06. 1991 година, а исто така не се внесени и подрачните единици на министерствата кои исто така не беа вклучени до 30.06.1991 година, а се финансираа од општинските буџети, а исто така во ребалансот не се вклучени и сите посебни сметки за интервенциите во стопанството кои беа утврдени со сојузни закони, а беа исплаќани надвор од Буџетот. Тука се сигурно и средствата за финансирање на стоковите резерви, па оттука откако сето тоа ќе се има предвид произлегува дека порастот на Буџетот изнесува 262%.

Во расправата Комисијата укажува на потребата од донесуваше на реален буџет и со самото тоа неопходно е донесување на антиинфлациона програма. Покренато беше и прашањето околу воведување на сопствена парична единица и одразот на висината и структурата на Буџетот за 1992 година и беше констатирано дека Буџетот не е експлицитно врзан со воведувањето на сопствената парична единица и дека е потребно сигурно пошироко да се разрешат прашањата пред се, околу приватизацијата на општествениот капитал, долговите на банките во однос на девизите и другите штедни влогови и прашањето на вкупните долгови на стопанството. Имајќи ги во предвид можностите за димензионирање на Буџетот Комисијата не поднесе свои амандмани сметајќи дека секое зголемување на одделни раздели и позиции повлекува или зголемување на обемот на даноците, тоа е зголемување на стапките на даноците, или намалување на соодветни други позиции, но сепак Комисијата укажува на потребата од согледување од страна на Владата при донесување на ребалансите кои што сметаме сигурно ќе следат во овие услови на следните намени: на регресот на дел од каматите на кредитите што се користат за извоз на опрема и донесување на истиот закон, на средствата за пензиско-инвалидско осигурување во висина од 688 милиони динари, бидејќи Собранието на својата 34-та седница донесе заклучок овие средства, оваа висина на средствата биде покриена од Буџетот, таму имаше рок до 30.04.

Комисијата на разделот 23 позиција 253 и 256, тоа се средствата за детскиот додаток и материјалните средства во детската заштита кои на ова ниво се доста ниски и не ги покриваат ни минималните потреби, а исто така на

непредвидувањето на средства за тековно инвестиционо одржување во оваа област.

Тргнувајќи од амандманот што денеска беше доставен Комисијата укажува и на потребата за подобро согледување на состојбите во основното образование со тоа да средствата за подобрување на материјалната состојба во образованието како во основното, средното и насоченото така и во физичката култура.

Врз основа на расправата Комисијата заклучи да му предложи на Собранието да го разгледа и донесе Републичкиот буџет за 1992 година и предложи свој работен заклучок кој што гласи: Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија при изготвувањето на ребалансите на Републичкиот буџет да го следи реалното движење на општествениот производ. Значи, висината на средствата и обемот на средствата на Буџетот преку ребалансите што треба да следат во 1992 година треба да го следи реалното движење на општествениот производ, а исто така во што пократок рок да се донесат и законите за приватизација, законите за штед-ните девизни влогови и за долговите во стопанството.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, на почетокот сакам да кажам дека Предлогот на Републичкиот буџет и на текстот на образложението кон Предлогот на Републичкиот буџет со полно внимание и време го проучив се во граници на моите стручни сознанија и морам веднаш да изразам посебна почит кон авторот на овој буџет. Мојата почит произлегува и се базира на неколку барем за мене многу важни елементи.

Прво, што овој Буџет се прави во време кога се нарушени сите економски, политички, социјални односи во бившата Југославија, а со голема импликација и на македонските услови и односи.

Второ, што не постои некоја поквалитетна и реална основа односно базна година врз која би можело да се утврдува порастот на општествениот производ доходот, личниот доход итн. што значи немаме базно индустриско производство во кои релации тоа треба да се однесува, а се однесува и на социјалниот

раздел.

Трето, што сеуште не е во низа суштествено потребни позитивни законски прописи, утврден правниот и економскиот систем на Република Македонија освен Уставот и Уставниот закон и уште неколку закони кои се во фаза на постапка за разгледување и донесување.

Четврто, што барем во овој момент сеуште немаме изградено стратегија и цели и во економската и во социјалната политика за оваа година па и за наредните неколку години.

Петто, што и покрај некои ветувања за симболични преземања не се утврдени најрационалните решенија за поставеноста на јавната потрошувачка посебно за нејзината поставеност во вертикална и хоризонтална положба. Тука мислам на субјектите кои што спаѓаат во оваа потрошувачка вклучувајќи го во целина и севкупниот социјален развој.

Шесто, што барем според моето убедување сеуште не се утврдени критериумите за нормативите и стандардите во општествените дејности. Тука мислам на правата што треба да се користат од граѓаните и на услугите што треба да ги обезбедуваат и пружат вработените во општествените дејности.

Седмо, ако кон ова се додаде и дека барем стопанските субјекти во целина зборувам немаат визија за нивниот развој поради низа објективни, но и субјективни причини тогаш мојата теза може да се потврди дека сега во овие услови МИнистерството за финансии и Владата успеале да направат барем за мене еден доста реален и квалитетен буџет за 1992 година, што не значи дека нема место за негово делумно менување, дополнување или пренамена на дел  од предвидените средства посебно во расходите.

Исто така, во понатамошното мое размислување сакам да потенцирам неколку мои видувања односно забелешки што ги согледав преку обработката на текстот на Буџетот и образложението. Мислам дека текстот што е поместен во образложението по Предлогот   на Републичкиот буџет за 1992 година и приходите по извори и видови на приходи и расходи по основни намени избалансирани за 1992 година се така стручно обработени што во себе имаат и практична вредност. Заради тоа што во прв ред овозможуваат да се запознае секој пртеник, меѓутоа и да се пронајде секој субјект и учесник во приходите па и во расходите, посебно што низа апсолутниирелативни бројки

се поместени во низа табели и графикони индексно и процентуално прикажани, што овозможува нивно практично и едноставно следење, споредување и сл. Сигурно дека вкупниот износ од 75,9 милиони на Буџетот за 1992 година претставува голем проблем за стопанството и за секој граѓанин ако се гледа само како обврска. Меѓутоа, ако во овој износ се постапи од аспект на обврските на државата кон сите субјекти кои се корисници на овој буџет како затечени права и права што се создадени со новиот устав и кои допрва треба да се создадат, тогаш има место за негово оправдување бар во овој преоден период кога сеуште не се донесени низа системски закони во областа на социјалната и економската политика.

Во контекс на ова претходно сакам да спомнам само неколку показатели. Оваа држава, а пред се оваа Влада и овој Парламент имаат наследено низа обврски кои преку ден односно ноќ односно само за неколку месеци не ќе можат така лесно да се надминат.

Прво,што Државата според постојниот системски закон има наследено обврска да обезбедува одредени облици кои во себе го содржат принципот на солидарност, хуманост, заемност, а да не речам и принципот наградување не само според резултатите од трудот туку и според можностите. Еве да спомнам во областа на детската заштита дека Владата, Државата и ние Парламентот треба да обезбедуваме детски додаток за 171 илјада деца односно младинци во кој дел може да влегува односно да се додаде и последниот додаток за 1700 лица како и личниот доход за 4352 лица каде не се претставени тековното одржување и материјалните средства како и партиципација за децата кои што се сместуваат во детските градинки.

Втората област социјалната заштита која предвидува 15 илјади лица и личниот доход за 432 лица кои обезбедуваат услуга на стручна и социјална работа во рамките на Законот за социјална заштита.

Во рамките на Законот за здравство во поодделни дејности се обезбедуваат над преку 40 илјади лица здравствена заштита на име партиципација од државата.

Во рамките на ПИО можам да потенцирам дека преку 32,8% од пензионерите коиристат дел од својата пензија на име на солидарност заради тоа што не вложиле доволно средства за остварување на нивната пензија. И не случајно Државата предвидува буџетски средства од 414 односно потребни средства за да се подмират сите потреби на овој фонд за пензиско и

инвалидско осигурување изнесува 1.723.00 динари како потреба.

Потоа право споре Законот за вработувањето што исто така го наследивме и тоа се веќе права на одредени граѓани кои користат преку 20.000 лица. Права на субвенција на станарината итн. влегува еден голем број и тука.

Потоа, разни дотации кои се јавуваат во подобрување на ученичкиот и студентскиот стандард, обезбедување на постојните права на учесниците во НОБ, средствата за остварување на популационата политика, па ако сакате поконкретно и обезбедување на личните доходи на вработените во управата чиј број изнесува 12.334. Вработените во основно образование каде имаме бесплатно образование на 18.561 лице, средно образование 7.080, културата 3.237, високото образование исто толку и т.н. што на некој начин оваа бројка изнесува околу 46.521 лице без трошоците за народна одбрана, внатрешните работи и да не кажам вработените во здравствената заштита. Згора на ова ако додадат и средствата од 4 милијарди за социјална програма која треба да ја користат околу 50 илјади семејства, или околу 250 илјади лица, тогаш не е тешко да се оцени дека и приходите и расходите се во голема корелација. Тоа значи помалку обврска и права, помалку и средства кои треба да се зафаќаат од даноците и т.н. Така што ако се направи една мала рекапитулација, тогаш државата на име на солидарност, хуманост и взаемност обезбедува некои од облиците на повеќе од 500 илјади граѓани во нашата Република, или секој четврти, односно петти граѓанин е корисник на некој од облиците, или за обезбедување на права и други услуги се ангажирани преку 100 илјади вработени лица. Значи една огромна бројка која и ние сме ја наследиле како права и т.н. Според мене потребно е овој квантитет да се замени со квалитет од една единствена причина. Социјалната политика да се смета како интегрален дел на економската политика, а тоа сметам и на социјалниот развој во вкупниот економски развој и обратно, а да не дозволиме истата да биде, мислам на социјалната политика демотивирачка, односно да создава услови за индивидуална пасивност, без мотивација за работа и зголемување на производството. Граганите така да ги учиме.

На крајот предлагам Владата да обрне посебно внимание на истражувачката работа. Мислам дека истражувачката работа која за мене е еден од основните предуслови за градеше на квалитетни развојни програми и квалитетни системски закони со целосно вклучување на постојните институции, факултети, поединци и т.н. Во оваа смисла мора да се направи

диференцијација меѓу квази стручни лица и институтции и оние што се објективно стручни и оспособени и спремни за иновации во било која сфера на општественото живеење.

Сметам за потребно да сугерирам до Владата и ресорното министерство уште еднаш да ги преиспита средствата предвидени за Министерството за внатрешни работи, што сметам, барем за мене дека се многу високи и средствата од 31% што се предвидени за поттикнување на стопанството. Постои едно убедување кај мене барем за последното дека пак се враќаме на старото за одземање средства на подобро стоечките организации и ги доделуваме на оние кои долго време непродуктивно работат и секогаш биле на товар на државата, односно на другите организации кои го користат принципот на взаемност и солидарност. И ако е можно во рамките на Буџетот Министерството да предвиди и средства на Сојузот на борците на Македонија како организација на воените ветерани што е пракса и во целиот свет.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господо, ценето претседателство, поаѓајќи од реалната состојба на нашето стопанство и анализата и анализирај ќи ги индикаторите за развојот во 1992 година каде општествениот производ ќе бележи реално опаѓање од 8% и пораст на личните доходи од 217,2%, тогаш јасно е дека приходите на Републичкиот буџет за 1992 година се од фискалната анестезија и прогресија на даночните зафати. Приходите се утврдени од постојниот фискален систем, а се планира пораст на прометот на мало за 225%. Прашувам каде е улогата на овој буџет за активното регулирање и стабилизација на стопанските токови? Буџетот нема инвестициона улога. Во разделот 43 се планирани 23 милијарди и 975 милиони динари средства за поттикнување на развојот, за интервенции во стопанството и поттикнување на побрзиот развој за стопански недоволно развиени подрачја е само фразологија. Овие средства ќе се користат само за интервенции кога ја знаеме вредноста на новчаницата, нивото на цените, развиеноста и националното богатство. Анализирајќи ја општата потрошувачка овој буџет не е антиинфлаторен, исто така не е и рестриктивен. Така што планираните средства за општинските судови во Републиката, општинските јавни обвинителства на Републиката и општинските судови за прекршоци на Републиката изнесуваат 987 милијарди динари, а за реализација на програмата за поттикнување на развојот на земјоделството се предлага да се обезбедат 500 милиони динари. Ова зборува дека повеќе градиме полициска држава, отколку што градиме демократска држава.

Надоместокот на камати по кредит и други работи кои се одредени во билансот, а економскат алогика кој ги користи кредитите треба а ги сноси и каматите, тоа е дека Буџетот не е ориентиран на пазарно стопанство. Предлог-буџетот е дискриминаторски во однос на одредените средства за развитокот на институциите од национален карактер на Албанците во Македонија. Предлагам во разделот 40 да се додаде нов раздел 40-а, така што глава II Институтот за национална историја да се отвори глава 11-а институт за историја на Албанците во Македонија и тоа од планираните средства 19 милиони 196 милиони за овој институт да се одреди 5 милиони 760 илјади динари. Во главата III на истиот раздел каде е институтот за фолклор, да се отвори нова глава 111-а институт за фолклор на Албанците. Од вкупните средства од 10 милиони 887 илјади од овие средства за новата глава се 3 милиони и 266. Главата IV институт за македонски јазик, да се додаде нова глава 1У-а, нов раздел институт за албански јазик, а средствата се предвидени од 14.245 за овој институт да изнесуваат 4 милиони 274 илјади динари. За новата глава V институт за старословенечка култура, во новиот раздел да се додаде глава У-а институт за илирска култура од вкупните средства од 16 милиони 753 илјади динари да изнесува за овој институт 5 милиони и 025 илјади динари. Може да се партиципира и постојните глави на билансот процентуално колку плаќаат данок Албанците. Ова го барам од конкретните фактори.

Прво, досега ниту еден од албанската националност од стручен и научен профил не учествувал во планирањето на стопанскиот развој во Републиката, бидејќи ниту еден не е вработен, ниту пак ниту еден не е раководи со стопанските проблеми во Републиката.

Второ, сите директори, заменици се од редот на Македонците, а нема од Албанците, случајно ако некој залутал. Албанскиот народ освен плаќањето на данок не придонел, ниту учествувал за ваквата лоша состојба на стопанството, туку само ги сносел последиците. Научните проекти кои досега и од сега се финансираат од Министерството за наука, ниту еден проект не е финансиран кој се однесува на проблемот економски, социолошки, културен, научен од националностите. Научни стипендирања на младите научни талентирани лица од редот на националностите речиси ниту еден нема. Вработените во научните институции почнувајќи од МАНУ, па по ред не се наоѓа ниту едно лице од албанската националност. Согласен сум средствата за поттикнување и развој на погоре споменатите дејности и институции да кореспондираат со обемот на средствата што по

разни основи Албанците ги одвојуваат за овие намени.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Дами и господо, прво да се претставам вчера дојде до една збрка дека сум дипломиран економист, јас сум дипломиран инжењер, така што многумина ми го честитаа новото дипломирање, а јас бидејќи не сум тоа и затоа кога ќе зборувам можеби мојата терминологија не е така економски многу исправна.

Второ, дека ќе зборувам она што беше на Комисијата за стопанство. Според тоа, нема да зборувам од некој економски центар, благодарам на тоа што ми признаа дека има веќе таков центар и тоа е добро за сите.

Трето, јас ќе зборувам тука онака како што мислам. Немам напишано реферат, а знаете од мрза не ги пишувам, а исто и Киро е виновен, тој како партија не направи едно конфециско одделение, па да ги правиме тие апарати.

Четврто, ќе се послужам со податоци и ќе кажам од каде сум ги користел, затоа што да не испадне некаде плагијат.

Комисијата за стопанство не го прифати Буџетот и гледате ние се разликуваме и во партијата, во нашата партија Бранко го брашене Вуџетот и се залагаше за прифаќање на Буџетот, а јас сега станав и го бранам ставот на Комисијата за стопанство зошто не го прифати Буџетот и зошто го врати тој буџет да се доработи во правец прво, да отвориме процеси да ја охрабриме Владата и да создадеме клима и такви односи за да може Владата така охрабрена да се ослободи од разни притисоци, да пристапи кон драстично смалување на потрошувачката. Веднаш да се оградам од некои размислувања практично дека нашиот предлог е усмерен против Владата и дека ако не се донесе Буџетот Владата треба да падне. Па во ова време кој друг ќе состави Влада освен оваа што беше составена. Нема такви намери, туку обратно нашите намери се благородни да и создадат клима, услови на Владата, да ја охрабриме Владат а за да веќе почнеме економски да размислуваме и со драстични мерки некако да ја спасиме македонската држава. За тоа ќе зборувам малку повеќе. Наша оценка е дека луѓето кои работеле на Буџетот професионално ја обавиле таа задача и дека вложиле големи напори и дека тоа го правеле во склад со се она што поранешните парламенти и овој Парламент и ние и со Уставот сме оформиле

една огромна потрошувачка, сме направиле и општествени дејности, сме направиле и институти и институции и ние сме предложиле да се вршат интервенции во стопанството, сме направиле една огромна, глобална потребна и непотребна потрошувачка и таа е огромна. Тоа е 38% како што рече и министерот за стопанство, меѓутоа тој направи неколку лапсуса што нас не спореди со најразвиените земји во светот, со Данска, со Шведска, не рече Америка, требаше и Америка да упадне и тогаш ако имаме ние такво стопанство нема никакви проблеми, тогаш ние ќе можеме да ги поднесеме сите тие терети и ако бевме тие величини и како стопанство и како држава. Морам да признаам дека претставникот на Владата после изнесените многу детални аргументи дека Буџетот нема ниту рестриктивен, ниту антиинфлационен, ниту пазарен, ниту развоен карактер тој многу чесно и поштено тоа го призна. Тоа го кажа на некој начин и министерот за финансии, макар што се обиде во некои образложенија да каже дека е тој стабилизационен, но бидејќи нема многу аргументи тоа беше така недоречено. И ние сега чудна работа што како потрошувачи еднаш ги гледаме фактите од аспект на луѓе кои го полниме тој буџет и кои не сме во состојба тоа да го правиме и од друга страна како потрошувачи па затоа имаме и различни сфаќања по тоа. Сето ова ви е познато што јас ќе го кажам, но не е лошо тоа да се повтори затоа што многу е подобро нешто да ни влезе во главата, па да ги сфатиме вистинските состојби и да почнеме да размислуваме објективно. Од 1980 година наваму стопанството наше паѓа, паѓа по физички обем на производство. Тоа паѓа секоја година. Од 1980 година наваму паѓа продуктивноста и економичноста, тоа никој не го порекнал, само тие цифри се се различни. Од 1980 година наваму ни паѓа инвестиционата политика и минатата година доживеавме таа потполно да застане. Ние во Буџетот предвидуваме доста снажна инвестициона политика, но вон стопанството во буџетската потрошувачка некаде 10, 12 милијарди, а во стопанството практично таа престана. Гледате од 1980 година наваму колку фабрики затворивме, колку објекти отидоа во стечај, колку луѓе останаа без работа и често пати се случува да ми постават вакво прашање: Ако е таква состојбата,зошто сите досега не пропаднете, не се затворивте. Кои се причините што некои сепак останаа да живеат во стопанството. Има три причини.

Првата причина е што ние практично го јадеме стопанството од 1980 година па наваму и амортизација и се што има, некако го "цицаме" и ние во стопанството и овие вон стопанството, но на товар на крајното техничко технолошко заостанување. Ние денеска имаме стопанство како од прилика кога

ќе го спoредиме со развиениот свет како да патуваш пеш за Америка и овој со млазен авион. Во стопанството е тотална катастрофа. Ние тоа што сме го изградиле пред 10, 15, 20 години кое било некаде приближно на ниво на развиениот свет по технологии, денеска тоа е тотално заостанато. Ако ние во такво стопанство зборувам во индустрии и технолошки линии и т.н. ги изградивме и тоа време беа модерни да се води со една автоматика која беше на тоа ниво, денеска и таа автоматика е пропадната, а денеска никој на тој начин технолошки линии не води. Таму се технолошките линии се опремени со микро процесори, со компјутери, многу работни места каде што продуктивноста е ниска е заменета со роботи, погледајте вие во автомобилската индустрија што се е направено, а нема веќе фабрика која нема некаде робот внесено заради огромнат апродуктивност и т.н. Ние тоа го немаме во нашата индустрија, нема затоа што немаме пари да извршиме реконструкција, да се купи таква техника, не само да се купат микропроцесори, туку да се купат ред работи за да тој микро процесор се вклучи. Гледате ли каква ни е состојбата во земјделието, катастрофална. Ние таму имаме механизација која веќе работи по 10, 15, 20 години, комбајни кои по 20, 30% животото го оставаат на нивите, затоа што се потполно застарени, наместо 3, 4% да се има губитоци, трактори кои ќе истераат по една бразда и веднаш му приоѓаат да го реконструираат, да го поправат, бидејќи веднаш делот откажува и цела механизација ни е таква. Гледате каков транспорт имаме. Јас сакам да ве доведам, да се сфати ситуацијата. Ние три, четири возила од транспорт, овие што ги гледате шлепери, три-четири возила можат во Европа за година дена да влазат, другите не, заради заштита на човековата околина, заради страшно заостанување техничко технолошко и т.н. и да не набројувам се. Пред некој ден да цитирам една дама која е и научен работник и која е во исто време и доктор на науки од прилика кажа една анегдота за Насредин оџа. Насредин оџа видел дека нема од каде да живее и купил едно магаре. Но, магарето сакало да јаде и тој му пристапил да го научи магарето да не јаде, да го привикне, да го научи за да заштеди, да заработи повеќе и т.н. Но, магарето додека да го научи, тоа умрело. И Насредин оџа останал без работа. Ние сега дали можеме ова стопанство со сите оптоварувања да го држиме, но тоа утре ќе умре и ние не ќе можеме да обезбедиме ниту 1/3 од овој буџет. Ова што рече Тошевски мислам дека и така не го мислеше дека еве само колку земаме од стопанството 4,3 милијарди по ос-нов на данок на добивка. Па не може, тој дали и толку ќе земе, нема добивка во стопанството за разлика од другите од развиените стопанства таму е тоа доминантно, бидејќи има добивка, има пари, меѓутоа 90% практично се полни буџетот од стопанството

директно, или индиректно. Стопанство е прометот, трговијата и приходите од царина исто така е стопанство. Данокот на личен доход исто така е стопанството директно или индиректно плаќате и вие овде кои не работите во стопанството, но прво стопанството ви би обезбедува тие пари. Така што се е тоа врзано на материјална основа. Нелогично би било да не е врзано. Инаку не може. Единствено може оној што ќе донесе нешто, па ќе помине низ Југославија, ако му земеме некоја царина и т.н. за некои услуги, но да ги ставиме тие 10, 15% се друго е врзано за тоа стопанство. И кога ќе погледате сега што да се прави многу е тешко да се даде во тој поглед одговор. Кого да скинете од буџет, секој ни е драг, секој има аргументи, секој не убедува, можеме ли да речеме да не го финансираме здравството, образованието, културата. Каква држава сме ние ако немаме култура? Можеме ли да кажеме да не финансираме наука, без наука нема прогрес, напредок и т.н. Кога така човек ги гледа работите, па сега викаме како да нема вода во Велес, како да не го финансираме тоа кога е толку потребно. Се е потребно. Потребно е да градиме и судски палати и градиме и предвидени се пари. Потребно е да имаме и безбедност и таму предвидени инвестиции, потребно е да имаме и полиција и таму предвидовме големи инвестиции, сега зборуваме потребна ни е армија, но никој не се збогатил ниту од тенкови, ниту од борбени коли, ниту од авиони. Тоа е како потреба, но да ја направиме таа потреба толку колку ни е потреба. Но,ние немаме чувство колку ние потреба. Прво, не само Владата што ние сме ја оптовариле и ние овде донесуваме само одлуки, формираме агенции, да се формира ова министерство, ние ја бомбардираме Владата. Имаше предлози да се формира министерство за спорт и физичка култура, имаше предлог да се формира министерство за нашите сонародници во странство и незнам какви од кај нас не произлегуваат, а никој не мисли како ќе ги обезбедиме парите. Како што има потреби, има и можности. Ние мораме судбината да ја делиме меѓусебно и тука сега ние треба преломот да го направиме. Ние кога го напаѓаме она едноумие, но во тоа едноумие вие се сеќавате колку пати сме зауставиле нестопански инвестиции. Сега немаме храброст да запреме. Дали ни се потребни поедини објекти и поедини инвестиции кои треба да ги правиме во нестопанството. Тие се потребни, но за некое друго време ќе ги направиме. Сега сме во исклучително тешка положба и сега мораме да направиме напори да ја запреме оваа хаварија во стопанството и некако можеме ли да почнеме да растеме.

Работата е да ги запреме, а немаа запирање ако на тоа стопанство не почнеме да му обезбедиме инвестициона инекција.

Како да му обезбедиме? Така господо, ние можеме да очекуваме барем за 2 - 3 години, можеби и повеке додатна светска акумулација, кредити. Било мегудржавни, било банкарски. Не можеме да одекуваме, треба да бидеме објективни да очекуваме и некој да почне да вложува сопствен стран капитал. Ние се занесуваме дека некоја диаспора ке донесе пари. Тие пари тешко ги заработуваат и сиромашен е тој народ н е може да донесе. Што ни останува? Да се наслониме на сосптвена стратегија, на сопствени сили, ама тие сопствени сили за да се создадат нние на тоа сопствто треба дааму овозможиме да почне за сосздава акумулација. Повторно да ја цитирам онаа програма која ја донесе Владата, за жал ние што не ја гледавме овде во парламентот, па кажува дека загубите, јас морам на тие податоци да верувам, пренесени од минатата година, од онаа поминатата дека некаде 10 милијарди изнесуваат, а тоа е 4,6 пати поголеми од профитот што го создаваме. Према тоа економисти има, јасно е што ние работиме. Ли непокриен дефицит, од 1.800 во социјалнтие фондови, загуба во нестопанството од 6 до 10%, а тоа претставува 1/3 од добивката, од 650% непориени дефицити во општините итн. Една страншна тешка состојба. Друга работа е кога ние ке ги оставиме тие пари во стопаснтвото и тоа стопанство кое се бори сега да преживее. Во стопанството има голема свест да се нарпави егзистенција живот итн. зашто видоа и стопансиите работници ако не се обезедува средтва за развој, тие организации пропаѓаат, одат во стечај, работниците остануваат без животна егзистенција. Тој нема од каде да добие за да инвестира. Ние сите пари му ги собереме и се бори тој да преживее. И тогаш нема логика да тој сега вложува надчовечански напори за да на нској други сектори кои што не се потребни во овј момент да ги финансираме да тоа го правиме.

Се поставува прашање имаме ли храброст, имаме ли смелост да му пријдеме на овој проблем да го разрешаваме. Да почнеме тума од Парламентот дали толку гломазен, со толку тела, со толку платен апарат, со толкаво собрание итн. па да пријдеме на Влада. Дали нас ни треба толку министерства и дали ке бидеме во состојба да спречиме да не се повеке прават тие министерства. Или минситерства кои можеме да ги споима да се тој апарат смали гледајте тоа министерство огромни милијарди влече. Дли имаме ние спремност да направиме реформи во школството, можеме ли ние во една мала Република да имаме неколку универзитета, толку школи, толку сме се расфрлиле како да се работи за голема држава, можеме ли така да направиме, во здравството и во здравството можеме да направиме ни треба така гломазно а не ефикасно здравство, таму почнаа реформи почнаа

некои промени, можеме ли да ги охрабриме тие промени. Треба ли толкави програми овде кое ни се нуди да во овој момент ги финансираме тие. Јас мислам дека не ни треба. Тие не можат да се оборат ниедна програма од аспект да речеме ова не треба. Али во овој момент не треба да ги финансираме. Видиете за тоа треба прво, ние овде треба да постигнеме еден концензус и тоа да ви кажам дека комисиајта за стопанство се состои од сите партии, освен претседателот на Комисијата од принципелни причини гласаше другачие, сите партии морам да ви кажам беа единствени по ова прашање во каква сосотјба се наогаме и што треба да направиме. Према тоа има уште многу да се зборува, јас не ве задржувал,а ли би предложил бидејќи донесовме привремена мерка, али не другачие тоа да се сфати да ние го одложиме донесувањето на буџетот за онолку време за колку и треба на Владата за драстични мерки на реформа на целокупниот оптествено политички живот во се она што не окружува, се она што е потрошувачка инаку ке ни биде многу тешко, ке дојдеме уште во потешка состојба и тешко ке можеме да ги исправиме грешките, а и ние дел од одговорностите ке ги сносиме.

**МАНЧЕВСКИ ЈОВАН:**

Прво има едно прашање бидејки во Предлог-буџетот за 1992 година во образложението кон предлогот на буџетот во приходниот дел на страна 6 предвидени се приходи од основен данок на промет од продажба на цигари во износ од 2.918.622 илјада динари. И дури со образложението на страна 7 дека тие приходи мидијарди ке се редуцираат на 2.270 динари. Асоцијацијата на тутунските претпријатија на Југотутун семта дека овој приходен дел од буџетот од продажба на цигари во Македонија е премногу низок ниско пресметан и процена имаат дека ке изнесува околу 10. милијарди и 300 милиони динари! а тоа се засновува на предвидување дека во Републиката ке се продадат 4 милиони и 500 милиони килограми тутун и сметано 100 динари по пакло и 4 6% данок на промет излегува горната цифра. Затоа прашувам дали приходниот дел на буџетот е усогласен, затоа пшто јас им верувам на лугето мислам дека се повикани за таа работа да дадат свое видување меѓутоа, министерот сепак ми должи одговор на ова прашање.

Инаку, што се однесува до Буџетот, покрај веке чуеното, покрај сите етитети што јас не можам да му ги дадам затоа што не сум стручњак за тоа, сепак можам да му додадам мелем антиграѓански, може да му се додаде затоа што во предвидените средства за органите за внатрешни работи мислам

дека би отишло прешироко и се прашувам како можат да одат рака под рака деморкатијата или реперресијата. Како може истите луѓе да донесат граѓаниски устав, а сега да прифатат буџет кој ке ги покаже во сосема поинаква светлина. Наместо демократи, обични декларативци. Од кого ке не брани толкавата полиција, ако не од самите себе, зашто се знае нејзината улога и задача, или пак се очекува социјални немири од катастрофалната состојба во која се наога и вработнеите и невработените, иако не мислам дека решението можеме да го најдеме во зголемувањето на средствата за социјално загрозените, бидејќи ретко има социјално незгорзена категорија, сепак подобро ке беше предлагачот да ги замени позициите на министерството за внатрешни работи со стапката учество на Републиката во финансирањето на програмите за заштита на населението и преструктуираше на стопанството. Тоа е раздел 23, Министерство за труд и социјална политика.

Чувствувам потреба не што да речам за нашето Министерство за здравство, не барајќи веке ништо, туку само длабоко сум резигниран да спомнам само неколку факти. Наследивме хумано општество со развиена здравствена мрежа. фондот за здравство се дави во сопствената немоќ во отсуство на законска регулатива во локалната самоурпава полека ги затвораме истурените пунктови. Здравството се оддалечува од крајниот потрошувач. Трошиме толкав постотак на средства за здравствниот динар за хемодијализа, колку што порано трошевме вкупно за лекови во Републиката. Не успеавме да ги завршиме хирурските клиники како што треба, тие треба да донесат труно решение за заболените од хронични бубрежна суфициенција, но хемодијализата наместо привремено решение, остана трајно.

Министерството што не успеа да го наметне овој проблем и да го разреши донекаде преку буџетот, мислам дека се занимава со периферни проблеми и никако нема да успее да го разреши хроничниот недостаток на лекови, затоа што нема доволно, немањето можност на здравствените организации да ја одржуваат застарената медицинска техника, а за нова сигурно не станува збор, проблемите со платите на вработените во здравството и сето тоа преку девалвирањето на трудот на здравствените работници задржувајќи ги некој навредлив ценовник. Затоа никој не се одлучува на приватно здравство, освен одреден број ентузијазми, стоматолози, а невработените здравствени работници ќе ја чекаат својата шанса пред затворени врати. Затоа и не заслужуваат коментар 87 милиони предвидени за ова Министерство, ниту е можно амандманиски нешто да се направи

било во овој, било во поголемиот број од буџетот.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, отворајќи расправа во Собранието на Република Македонија за Предлог републичкиот буџет кој опфака 60% од вкупната јавна потрошувачка, а истата учествува во новосоздадената вредност, т.е општествениот производ што приближно 38%, односно повеќе од 1/3, пратеничката група на реформските сили Либерална партија, не може да го заобиколи отвореното прашање, врз кои принципи или поточно врз која политика се потпираат зафаќањата за обезбедување на средствата како изворни приходи и кои права се покриваат со 75 милијарди динари, односно по курсот врз кој е пресметан посебно искажан врз макроекономската политика за 140 динари за 1 долар, некаде околу 540 милиони долари.

Како што изложи и минстерот за финансии Методија Тошевски, буџетот е концепиран на основа на изворните приходи кои беа во 1991 година квантифицирани со инфлаторен коефициент или инфлација од 270%, која инфлација уште во овој момент е натфрлена, а истата состојба е со расходниот дел со промени кои се настанати само во делот на интервенцијата во стопанството и тоа од аспект тоа што се зафатени и истите приходи што во минматата година беа третирани како вонбуџетски приходи во делот на приходниот дел, така да зголемувањето во расходниот дел за интервенциите во стопаснтвото е сразмерно, односно доста зголемено. Исто така намените што се потребни како нови функции на државата после осамостојувањето на овој буџет, што еден од дискутантите предхотно укажа, многу му одат во прилог и стопанските субјекти од областа на производството и услугите каде што единствен излез се бара во зголемувањето на цените. Изострените услови на стопанисување, честите блокади, нарушените односи, директно влијаат на користењето на капацитетите кои од ден во ден се се полоши и може да се каже и катастрофални. Единствен износ се бара во зголемување на цените и се влегува веке во хиперинфлација. Таква политика во овој Парлемент не е донесена. Либерална паритија посебно пратеничката група укажува на отсуство на системските промени што треба да се извршат во делот на прераспределбата на општествениот производ и тоа на сите три носители. Морам поподробно да се задржам на овој дел, бидејќи сметам дека до реформа не може да дојде, доколку не се изврши прераспределба

на новосоздадената вреност. И тука е битката, тука се промените што треба да настанат.

Во делот на општествениот производ, акумулацијата, односно репродукцијата учестувва само со 16%, а таа треба да биде извор за покривање на потребите како во делот на јавната потрошувачка, така и на делот на личната потрошувачка.

Во делот на репродукцијата само од простата репродукција и амортизација учествува со општествениот производ само со 11%, акумулацијата 116 милијарди динари, само со 5% што значи веќе државата ги зема во своите раце, посебно и делот на стопанството, затоа што интервенциите во стопанството во Буџетот учествуваат со повеќе од 8%, односно за некаде околу 23 милијарди динари. Отворена е битката како што кажа еден од дискутантите, од 1980 година од кога почна стагнацијата помеѓу двете свери во распределбата на општествениот производ, а тоа се јавната потрошувачка и личната потрошувачка. Морам да кажам дека оваа битка помеѓу овие два сегменти во општествениот производ е и трае многу долго на штета на продукцијата.

Сметаме дека е дојдено времето и во овој момент една посебна обврска е да се пристапи кон промена во стопанскиот систем и донесување на системските закони што треба да бидат основа за промена во распределбата на општествениот производ.

Долго се чека, а јас подоцна ќе укажам на тоа, во делот на нудење на законот за сопственичка трансформација што треба да биде основа за преструктуирање во стопанството, бидејќи остануваат само неполни уште месец ипол до обврската според Уставот за донесување на системските закони, меѓу кои е и овој.

Многу сигурно се укажува и на тоа каде сме ние во делот на зафаќањата, посебно во општествениот производ, поради тоа што, најверојатно, не сме сториле ништо во пресметковниот систем за промена на нашата филозофија, како што кажа некој пред малку, во делот на учеството на зафаќањата од општествениот производ, од причина што уште приемнуваме стар пресметковен систем. Не сме го примениле пресметковниот систем на пазарни услови на стопанисување, за да можеме да споредуваме определени показатели што беа тука изнесени, од развиените земји, посебно земјите што имаат пазарно стопанство.

И овој буџет е изготвен и уоквирен според потребите на постојните органи и тела на државната власт. На Собранието на Република Македонија не му е позната политиката што ќе ја води предлагачот на буџетот, односно Владата на Република Македонија и при утврдувањето на оваа политика не го консултира Собранието, туку само го известува.

Јас, на ова или за ова посебно укажав на една од седниците, реагирав доста остро и денеска само потсетувам, а тоа е и став на пратеничката група Реформски сили - либерална партија и укажуваме на обврската што не е извршена од страна на Владата, а самата ја зеде како обврска кога ја понуди својата програма за мандатниот период, дека програмата за работа на Владата не е замена на документот за среднорочната и развојна економска политика. Со нив треба да се насочува стопанскиот и општествениот развој на Републиката.

Морам да укажам на тоа, на наше инсистираше на Комисијата за стопанство кога овој документ ќе биде понуден во Собранието да учествуваме во неговото креирање, беше укажано дека нема услови за изготвување на еден ваков документ и дека тој документ нема да биде изготвен. Но, веќе преку средствата за јавно информирање прочитав дека се подготвува, најверојатно антиинфлациона програма и најверојатно таа ќе биде замена за овој документ што треба да биде основа за политиката што треба да ја верификува овој Парламент.

Морам да укажам и на тоа кога во Парламентот се разгледуваше Програмата на Владата на Република Македонија, посебно укажувавме дека Програмата не се прифаќа туку само се поддржува, од овие причини што напред ги кажав, затоа што на таа програма и недостигаше овој документ, врз основа на кој ќе се гради политиката во Републиката.

Како Парламентарна група Реформски сили - Ливерална партија упатуваме сериозни забелешки на предлагачот, Владата на Република Македонија и тоа што не е извршена ревизија на стекнатите права, за што многу од дискутантите сега дискутираа, исклучено е Собранието да партиципира во утврдувањето на политиката што Владата веќе сама и со одредени овалстувања ја спроведува. Засилување на органите во областа на безбедноста и ревизија на таквиот однос и наместо да градиме демократска држава најверојатно, доколку дојде тој процес и да се реализира ќе се негира таквата наша определба. Потоа, забавување во предлагањето на системски закони од кои што зависи и корекцијата на Буџетот, меѓу кои Законот за локалната самоуправа, не можат да се конституираат рамките на општините

поради немање на закон за локалната самоуправа. Потоа, трансформацијата на сопственоста која исто така треба да предизвика посебно преструктуирање во стопанството.

И покрај вака сериозните забелешки го поддржуваме предлогот за донесување на Републичкиот буџет и тоа како едно времено решение. Еден од пратениците посебно во името на Комисијата за стопанство предложи да се одложи. Сметаме дека би требало да се поддржи сега донесувањето на Републичкиот буџет и тоа како времено решение, а забелешките да бидат вградени во очекуваните ребаланси што се најавени и се нужни и во тие ребаланси да бидат вградени најверојатно и амандманите што ќе бидат усвоени од страна на Собранието на Републиката.

Тоа од следниве причини. Со донесувањето или оневозможувањето да не се донесе Републичкиот буџет мислам дека ќе се овозможи програмско користење на средствата што се предвидени во Републичкиот буџет и тоа: интервенциите во стопанството што треба со посебан програма да бидат користени; поттикнувањето со посебна програма во земјоделието, финансирање на нвоите функции на државата што се нужни и неопходно потребни, исто така многу сериозна обврска тоа е финансирањето на Програмата за социјална заштита на населението. Оттука, сметам дека би требало Републичкиот буџет да се поддржи а забелешките да бидат вграднеи во ребалансите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, приклучувајќи се кон дискусијата по Предлогот на Републичкиот буџет за 1992 година сакам уште на почетокот да истакнам дека во услови, на сите нам познати, во услови на радикални измени во државното, политичкото,социјалното и економско уредување, во услови кога општествениот производ бележи перманентно опаѓање и опаѓање на индустриското производство, опаѓање на инвестициите и пораст на невработувањето и во услови на пораст на инфлација што поприма карактер на хиперинфлација тешко може овој буџет сето ова да го издржи за што сметам дека во текот на годината ќе имаме неколку негови ребаланси.

И покрај ваквите констатации, овој предлог на буџет мора да одговори на многу прашања што беа поставени и во фазата на Нацртот, па и сега. Меѓутоа, јас ќе се задржам само на прашањето колку овој Предлог на буџет, вака како што е предложен, е во функција на сузбивање на инфлацијата? А, кога сме тука, да речам само тоа дека без анционална валута не може да се сузбие инфлацијата.

Уште кога го разгледувавме Нацртот на буџетот сугериравме дека кај сите корисници на буџетот треба да се изврши рационализација на трошцоите на работењето, бројот на вработените итн. Меѓутоа, од ова произлегува дека сеуште не е извршена таквата рационализација.

Како пример ќе наведам што од 179 корисници на Буџетот прикажани во образложението под реден број, на страна 53 со вкупен број работени од 49.633 во колона 8 извршено е намалување на само 529 вработени што е само 1%. Како што знаеме Владата во почетокот најави дека рационализацијата на бројот на вработените на корисниците на Буџетот и органите на управата, секако и тоа влегува, ќе биде околу 30% што изгледа дека Владата нема храброст да се зафати со овој проблем.

Понатаму, разделот 26 и тоа за главите II,III,IV,V и VI, за што стана збор и во една од претходните дискусии.

Вкупните потребни средства што треба да се обезбедат од Буџетот изнесуваат околу 67 милиони динари. Со овие средства по пат на разни придонеси и даноци од сите граѓани се обезбедуваат во Републикава. Меѓутоа, дејноста на овие институции се донесуваат само на дел на граѓаните. Ваков однос пазарната економија не познава. Иако, според член 48 од новиот Устав на Републиката произлегуваат одредени обврски за дел на граѓани, меѓутоа, за жал не се обезбедени такви средства со ова за што и поради неможноста за функционираше на такви институции и не било можно ниту да се изготват такви програми за да се достават до надлежното министерство односно до Министерството за финансии.

Сметам дека Владата треба нешто да стори покрај овие институти да отвори разни одделенија и за дел на права што произлегуваат до членот 48 на новиот Устав на Република Македонија.

(Во отсуство на претседателот Андов продолжи да раководи потпретседателот Петковски)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Личовски.

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:**

Господо пратеници, макар што требаше ова да го дискутирам во мојата комисија, бидејќи во Комисијата имав малку некои несогласици, сметам дека не е на одмет и овде да го продискутирам бидејќи имам некои одредени забелешки.

Што се однесува за буџетот, за мене е толку голем, средствата се толку големи што нормално, произелгуваат од инфлацијата што нас не поклопува и е толку голема што мора да имаме така голем буџет.

Во приходниот дел би кажал нешто. Во нашето стопанство, нашите стопански организации се во таков колабс особено кај нас во Кичево што личните доходи не ги земаат по легален пат туку ги земаат по пат на бонови, по пат на некои други примања, така што со тоа избегнуваат плаќање на државни средства како даноци, придонеси и сл. Сметам дека во Буџетот при предвидувањето на земање за приход во однос на личните доходи, тие средства се предвидени само така како што се фиктивно искажани, толку колку што треба да бидат искажани, мегутоа неземајќи предвид дека работните организации не плаќаат придонеси.

Што се однесува до приходите од доход, сметам дека и тука се прави една голема малверзација во однос на приходот што треба да се добие на страна на буџетот. Што е тоа? Владата интервенираше во однос на добивање на овие средства што беа неопходни за егзистенција на луѓето. Тоа беше со интервенцијата на шеќеро, маслото, брашното, млекото и ред други производи што ги даде Владата.

Што настана? Тие средства од страна на претрпијатијата што се приватни, а приватните претрпијатија не се ништо друго освен формирани од оние што работат во истите општествени претпријатија, го земаат тој приход ги земаат тие интервентни средства ги кријат во своите магацини и утре задутре кога ќе дојде наголемување на средствата ги продаваат по некои нивни цени што ги обезбедиле во врска со некој ваков прилив од страна на сега што е дадено. Сите сме ние сведоци на

еден таков начин на работење и земање и создавање приход. Меѓутоа, што сега во однос на земање на тие средства? Тие средства ги земаат, не палаќаат никакви давачки на државата, а Буџетот практично го подјадуваат.

Според мене, треба под итно Владата да формира инспек-циска служба, макар што имаше инспекциски служби но тие беа стари, од стариот режим кои беа уходани во однос на таквата работа и так-вата толеранција и на одреден начин го прикриваа земањето на так-вите интервенции. Затоа ќе треба овие инспекциски служби, дали ќе бидат владини инспекциски служби, дали ќе бидат од локалната самоуправа формирани, а не оние стари инспекциски служби, така што може да се води една добра контрола по однос на ваквите интервен ции што се даваат.

Расходниот дел на Буџетот содржи за мене горе-долу неприфатливи работи, На пример, таму се предвидени средства од 5 милиони динари за градба на станови за луѓе што таоѓаат од источ-ните земји, за македонците од Егејскиот дел. Пет милиони средства, како јас гледам во Буџетот, според мене, сметам дека се предвидени за некого да се купи стан и да му се даде. Барем така нека е кажано, а не средства за македонци што треба да дојдат од источниот дел. Ако такви средства треба, гледајќи ја сегашната цена на чинење на еден стан, колку чини тој стан, пет милиони динари е точно еден трособен стан да му се купи и да се даде на соодветна личност. Јас барем така го гледам ова конто 416 што е дадено во Буџетот.

Минатата година дискутирав на Комисијата и сега пак ќе дискутирам. Буџетот, како што е вака е направен според минатогодишниот буџет помножен со некој процент во донос на добивање на овие средства што треба да се имаат. Ние знаеме сега дека преврботеноста кај нас е многу голема, особено во оние установи каде што Буџетот учествува во тие давачки. Голема превработеност, а, ако една стопанска, работна организација има голема превработе-ност и велиме дека ќе им дадеме технолошки вишок и ќе го пуштиме тој технолошки вишок во Заводот, нека земат некој минимален личен доход и нека живее како што треба да живеат односно како што не треба да живеат во оваа голема инфлација.

Драстични се неколку работи во неколку раздели што овде, многу ме иритираат во однос на големите средства што се даваат во тие раздели. Знаеме дека со добивањето на овој плуралистички начин на живеење се формираа повеќе партии. Имаме некаде 18-19-20 партии во текот на предизборната кампања што се водеше па и сега итн. Сега ги имаме овие партии што не се

застапени во Парламентот. Тие партии добиваат средства од буџетот. Меѓутоа, тие партии добиваат средства од буџетот. Но, со формирањето на тие партии се укинаа сите општествено-политички организации. Значи, политички организации не постојат. Политичките организации се преориентираа во политички партии и тие партии треба сега да добиваат на еден ореден начин средства од овој буџет.

Прво, во разделот 56 има Младински совет на Македонија. Во разделот 57 има Републички одбор на Сојузот на здружението на борците. Во разделот 58 Републичка конференција на резервните старешини. За мене овие се несватливи општствено-политички организации, бидејќи велиме дека ОПО се укинуваат а сега имаме и им даваме една одредена бројка на средства на тие организации што на одреден начин, пресметано сите заедно, добиваат некаде околу 42.340.000 динари. Тоа се огромни средства. Сега се прашувам јас конкретно, јас сум во една партија, таа на одреден начин добива средства од овој Буџет, што таа, добро, во прво време се кажа дека се добива, во ред сега можеби не се добива.

Што сега овие партии треба да добиваат толкави големи суми на пари, кои што за мене се многу драстични и големи. Јас мислам дека со овие пари тие организации што придонеле еве во оваа година и неколку месеци каде што седиме овде, јас немам видено нешто тие да дале некој предлог, освен ако прочитам во тие информативни средства дека или ВМРО го напаѓаат или некого го издигнуваат, или некого незнам што, ништо друго јас од нив немам никаков ефект. Верувам дека и сите други партии од тие организации немаат така големи ефекти.

Така, предвидени се средства 139 милиони динари за некој си нов попис кој што треба да се изврши во оваа наша Македонија. Пописот јас мислам дека заврши. На пописот се дадоа, ако не се лажам, барем тоа го имам сретнато во информативните средства дека се дадени некаде околу 130 милиони динари така речено пред една година. А сега предвируваме 139 милиони динари за некој нов попис. Мислам дека пописот кај нас во Македонија беше толку легален, беше толку демократски што воопшто не можам да сфатам сега каков попис треба да се изврши. Ако некој грешел во однос на пописот, во тој случај јас сметам дека нека си го плати тој пописот што грешел, а не да му го плаќа народот сега да одвојува средства за некој што грешел, ако грешел. Сега ако се вратам на она што го дискутиравме пред кмалку во однос на водата која што треба да се обезбеди за

Титов Велес, можеме да констатираме дека овде сега заедно со овие неколку работи јас што ги потенцирав и со пописот се обезбедени 181 милион и 340 илјади динари пари, кои што јас за мене сметам дека многу поповолно ќе биде да му се дадат тие пари на Титов Велес тоа да го реши, еден случај практички да се симне од дневен ред на овие седници кои што ги имаме да се укинат. Само на еден таков начин можеме да работиме и да ги решаваме парцијално прашањата кои што ни претстојат. Затоа, предлагам крајно овие мои предлози а ако беа дадени тие предлози сигурно ќе беа амандмански дадени затоа што од мојата комисија ќе ги предлагав како амандмани, овие мои предлози кои што се земкени, нека не се земаат сега амандмански тоа да оди пак она отстранување, па дај сега комисии, дај Владата да се изјаснува или што ти знам јас, оти ланска година јас истото ова го зборував, сега го зборувам јавно овде пред говорницата, тогаш го зборував пред комисијата, нека има предвид Владата, нека ги решава овие работи постапно и нека донесува соодветни решенија во однос на буџетот кога ќе ни биде предлаган во иднина.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, почитуван претседател на Владата,

Јас дозволете најпрво да констатирам дека како овој Буџет, така и мерките во врска со унапредувањето на аграрот за кој ќе расправаме подоцна ги донесуваме во услови кога сеуште немаме утврдено стратегија на нашиот развој и кога како Собрание немавме прилика да расправавме за макро-економската политика на Макеоднија за 1992 година. И покрај инсистирањето од страна на Комисијата за економска политика и развој. Нажалост би биле пречка непостоењето на уставен законски основ за да се расправа на седници на Собрание за такво крупно прашање како што е макро-економската политика на Македонија.

Од друга страна пак излегуваат сите други инструменти за спроведување на таа политика, а меѓу нив и Буџетот за кој денес расправаме, што е инструмкент на фискалната политика меѓутоа кој има и други компоненти, мислам релевантни, за остварување на макроекономската политика на крајот на краиштата на една земја, на една држава како што е Македонија. Оттука, да кажам да најавам дека можеби време е да се покрене иницијатива да се обезбеди таа основа во Уставот преку амандман или било како за да не биде пречка за да не

распраеме за така крупни прашања како што е макроекономската политика. Зашто, инаку ќе испадне малку парадоксално сега да се расправа за инструмент за спроведување на една политика, а не се расправа за глобалната политика. Затоа, сакав да го констатирам тоа за да знаеме. Меѓутоа, работиме, живееме, расправаме во едни ненормални услови, сепак во кој и што преминуваме од еден во друг систем, во услови кога ете така да се каже ги правиме последните чекори кон заокружување на сувереноста и самостојноста на Македонија, па и во услови кога применуваме се уште Валута што значи динар врз чија емисија немаме доволно контрола, па што е последица на што е и инфлацијата и хиперинфлацијата итн. се на се резимирано значи работиме во едни ненормални услови, па да се задоволиме со таа констатација и да расправаме за ова што е денес на дневен ред. Ке кажам дека Предлогот на Буџет беше на расправа и во Комисијата за економска политика и развој, при што секој од нас имаше прилика да го изнесе своето мислење и како резултат на расправата на седницата на таа комисија произлезе и еден мал амандман со кој бараме една мала корекција од 100 милиони динари за интервенции во инфраструктурата во недоволно развиените подрачја, за што навистина средствата што се предвидени со другите позиции од Буџетот, иако како привремено решение не се доволни за да се интервенира малку поуспешно и за да се придонесе таа миграција и натаму да продолжи засилено како и досега. Ете така уште во почетокот се залагам за тоа од резервите можни што можат да се најдат во предлогот евентуално во реализирањето на буџетот како финансиско-правен акт да се најде некое решение, значи преку една интерна внатрешна прераспределба да се обезбедат таквите средства за интервенции во оваа област. Инаку, лично очекувам дека наскоро системски ќе се реши прашањето за поттикнување на побрзиот развој на недоволно развиените подрачја на Македонија, па така да се реши и тој комплекс на прашања што не е само економски, туку има и друга да кажам димензија што задира и во рамноправноста на одредените региони со другите итн.

Инаку, мислам дека буџетот така како што е предложен би требало да се усвои, да се донесе денес, зашто нормално тој наскоро мора да доживее ребаланс, да се усогласи со движењата кои што ќе ги наметнува времето. А видете, движењата ги наметнува, на жалост, високата стапка на инфлација, хиперинфлацијата, како што реков штое горе - долу и последица на сеуште користењето на динарот како средство за плаќање. Оттука, и размислувањата мои лични, ние мораме што побргу тој чекор на премин кон сопствена национална валута

мораме да го направиме, за да ако бидеме криви да бидеме самите криви за однесувањата финансиски кај нас, а не да остане на динарот да ги припишуваме да кажеме последиците од таквите движења. Но, очекувам дека со заокружувањето, со приз-навањето на Република Македонија во самостојна независна држава, ќе се направи тој чекор, па тогаш да бидеме и среќните, па ако може да се каже и виновните ако движењата бидат поинакви отколку што ние би сакале. Инаку, во ваква ситуација ребалансите се нормални, дури би рекол, иако што буџетот како финансиско правен акт се носи една година, како да дојде време да донесуваме месечни буџети, за да го држиме чекорот. Меѓутоа, па се надеваме, дека со чекорите што ги правиме ке запливаме во помирни води и дека буџетите ќе ги носиме еднаш за цела година и да не се соочиме со ребаланси. Инаку, паѓа во очи дека буџетот е насочувачки мириса на државен буџет, иако што ние се определивме и се ориентиравме за пазарно стопанство на што со право укажуваше мојот уважен пријател и колега Иванов, меѓутоа, поради она што веќе го истканав со што мислам дека ќе се согласите работење, делување во вонредни околности и тоа нашата држава мора да интервенира, да учествува во прераспределбата на тоа наше богатство олицетворено преку општествениот производ и со тие средства да ги насочи таму каде што се најпотребни во дадениот момент и оттука би рекол јас тие 23 милијарди и 900 милиони предвидени за интервенции во стопанството, што дел од нив се предвидени и за развој, а поголемиот дел за разни премии, надоместоци, регреси, што се нормални во вакви ситуации ако сакаме да постигнеме одредена цел.

Мислам дека кога веќе зедов збор, имајќи предвид некои сознанија до кои што дојдов меѓувреме заслужуваат поддршка да кажеме некои амандмани врзани да кажам со обезбедување на средства за набавка на лекови. Нашиот колега пратеник Гоце има еден таков амандман за 500 милиони динари, затоа што навистина се чуствува хроничен недостиг на лекови во Македонија, а што во дадена ситуација значат и живот. Но и тоа јас мислам да се обезбеди преку внатрешната распределба, а никако преку надувување на буџетот со воспоставуваше на нови даноци или со зголемување на стапките Веројатно дека така ќе треба да се постапи и со средствата предвидени за здруженијата за Сојузот на борците итн., тие да останат и натаму и да се направи една разлика Сојуз на борци е едно а политички партии е друго. Мислам дека тоа е јасна ситуација, а тоа го истканувам заради тоа што имав средба со некои борци и тие инсистираат на едно такво разграничување и со право, што тие кога требаше ни ја донесоа слободата и заслужуваат еден таков третман.

Конечно, да завршам со тоа дека што се однесува до дилемите поготово околу тоа дали да се финансираат посебни институции што би работеле врз унапредување, развојот на одделните национални култури, меѓу кои и на албанската историја, јазик, литература и култура, лично мислам дека нека биде повод расправата по буџетот, Републичкиот буџет за 1992 година, нека биде повод и прилика така наречените национални институции во Македо-нија да поразмислат да создадат да отвораат одделнија или отсеци кои што да кажеме би се занимавале и со одделните аспекти на одделните национални истории, култури, литератури во Македонија, се со единствена цел на крајот на краиштата да се збогати што се вели ова што е заедничко кај нас уште повеќе.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, навистина е многу тешко да се најдат зборови прикладни за да се помогне во овој случај и да се искритикува една материја за која што е вложен голем труд. Го почитувам излагањето на г-динот министер за финансии, Мислењето и Излагањето на колешката пратнеичка Славјанка, на г-динот Љубосав Иванов, Бранко АРсовски кој даде една опширна слика на се она што се вика нестопанска сфера, трошоци, оптоварување. Мислам дека не се добие дојам дека пропаѓаме, дека сме готови и дека утре треба да умреме. И не треба така да сметаме. Да ви кажам овде престојува една новинарка една млада дама која што чинам сум информиран била прво кај г-динот Киро Глигоров, нашиот претседател, а вчера разговараше со мене, јас мислев дека само со мене, меѓутоа, денеска ја гледам пак овде разговара со некои други претставници на политички партии, тоа значи прави тест, испитува и добро е што така испитува. Почнавме со политиката, со културата, обрзованието, националностите итн., и со сиромаштијата во Македонија, како ќе се извлече, што кој и како мисли и како ќе се извлечеме и дали има воопшто да се извлечеме од сиромаштијата, од бедата. Сакам на оваа линија да кажам нешто. Бидејќи доаѓам од материјалното производство, доаѓам од ф-ка, ги знам проблемите во стопанството, не сум школарец, па сум дошол овде, нека ми простат господата што ете немаат ниту еден ден во стопанството. Мислам дека имавме големо успивање и едно време како Југославија, па уште спиеме и сега кон таму некаде 1983 година со појавата со онаа нафтена војна толку сеуспавме и ја занемаривме како да таа нема ниакво влијание кај нас, а тие црнци таму нека се тепаат итн. Почуствувавме големо влијание, нафтата и нафтените деривати. Во 1979 година исто така, во ред

1980 година почина претседателот Тито, па сите држави навалија на долговите, па ние не знаевме колку и кому должиме. Ајде крајгерова комисија, ако знаете. Некои постари како мене се сеќаваат. После три годишна работа дојдовме до одредени сознанија дека должиме икс, милијарди долари и на крајот програма за ревитализација на стопанството односно за отплата на долговите односно за задржување на стопанството, за живееше. Ништо не успеавме. Мерки на стопански реформи, не направивме ништо. Мислам дека ние се уште спиеме. Морам да го потсетам г-динот претседател на Владата претседателот Кљусев на една работа од минатата година кога овде од оваа говорница кажав, професоре, оваа програма за работа на Владата кшто ја предлагате, дали треба да претставува некои елементи за основите на плановите. Професорот бидејќи брзаше да излезе некаде рече да. Меѓутоа, отсуствува разговор овде да се видиме очи в очи за сите мерки што се нудат за излез од оваа криза како макроекономска политика. Ако за тоа, не сме разговарале како може да разговараме за некој си приходен дел од нашето стопанство што треба да биде основа за приходите во Буџетот, Велиме државата е осиромашена. Јас велам дека државата не е осиромашена, односно државата е осиромашена, меѓутоа, народот не е осиромашен. Парите се кај народот. Сега, кај кого се? Значи, кај некого се парите. Има и долари, има и марки, држи сметки во земјата, има во странство има насекаде итн. Но, што е тоа е, мораме да знаеме со Програмата за работа на Собранието или погрешно сум прочитал има на едно место пишува дека "Собранието ќе донесе и Закон за системот на општественото планирање и општествениот план на Македонија". Тоа значи ќе мора да знаеме и како треба да се движиме. Имавме огромни природни ресурси неискористени. Нашите граѓани од Република Македонија, народе, не ми замерувајте за ова ние многу брзо за еден многу краток временски период станавме граѓани. Не сакавме да живееме на село, заради тоа што нема пат, нема струја, нема вода, инфраструктура нема. Не можевме тоа да го поправиме за да останеме насело, за да се искористи секоја педа на земја. Ние во нашите продавници немаме живот, немаме ориз, немаме леб, немаме брашно. За срамота, имаме природни ресурси, ја имаме Пелагонија, го имаме Полог, ги имаме другите котлини што ова население двапати можат да го прехранат, не еднаш. Но, треба да се работи и за тоа треба техника, иновации и треба ум. Прво, измена на свеста, житните култури, градинарските култури,к производство на месо итн. Тие три работи отсуствуваат кај нас и нормално сме сиромашни. Би барал од Владата, иако макро-економската политика оној докумкент што го добивме како да се чува дека е тоа трајно и дека ние не треба да даваме виза за тоа, дека е тоа програма на Владата и дека само Владата треба

да каже нешто. Повелете, дојдете овде ние да разговараме за макро-економската политика, да ги видиме тие соодноси на репродукцијата за што јас сум убеден правејќи една сметка од 100 динари вкупен приход Македонија како едно претпријатие замислено, некаде над 65% оди на суровини и репроматеријали. Амортизацијата некаде е околу 7%, која што ја нема се подјадува и таа е отидена во џеб. Личниот доход некаде 12 или 13% што е заникаде, даноците од придонесите од доход ги знаеме еве сега создаваме овде буџет и акумулација во претпријатието е заникаде, а вкупната општествена акумулација гледано низ даноците и придонесите на доходот и амортизацијата, бидејќи тоа не останува претпријатие овде, да кажеме финансира општи и општествени потреби. Ете така создаваме буџет.

Соодносите се страшни, од година во година тие се менуваат на штета на стопанството. Заради тоа господинот Иванов овде зборуваше за едно големо осиромашување. Господа пратеници како можеше една Германија, еден Јапан дистроит , уништени после Втората светска војна така брзо да се развиваат. Едноставно прво немаа војска и направија голема услуга овие четири сили, војска не имд озволија и нема што да финансираат таму, а тие се луѓе работливи и цел век работат за да стваараат нова вредност. Кај нас се вика , "ајде учи за да не бидеш работник како мене". Тоа значи господо на нас ни треба коренита промена во свеста, во нашата потстсвест да работиме, а не ние створивме претпријатија и од маржа во маржа, од добивка во добивка цената да дојде не знам која, наместо да ја намалиме. Ние имаме хиперинфлација . Ние имаме перфектна депресивна политика нашиот динар. Дали треба наша сопствена валута? Да размислиме, Владата нека размисли и што поитно одговор да се даде на ова прашаше. Денеска марката е 250 милиони, а по неколку минути 260. Значи некој ја создава таа вредност, некои вештачки или не знам како го диктира темпото на инфлацијата. Треба малку да се свртиме назад и да имаме сопствен развој и развојот на државата.

Од друга страна ние имаме надградба која што треба да се финансира. Надградба токму за која се зборува во нашиот буџет, Плус имаме една огромна плејада од неработници немајќи работа кои треба да се финансираат, некое парче леб да им се фрли, за да проживеат, не да живеат. Да го преживеат денот, ден за ден. Што правиме сега? Што правиме со нив? Сметам дека овој проект на буџетот што го дава Владата каков е таков е, што е тоа , тоа е, мислам дека е голем товар на секој работник, на секој човек, на секој граѓанин, ако се сеќавате ние

разговаравме за растоварување на земјоделието, пред два три месеци, па од оваа говорница се предлагаа такви амандмани и беа прифатени. Сигурно нашите граѓани од селско-стопанско производство ракоплескаа на некои пратеници но од каде средства за буџетот. Мора да се најдат други средства, други кои што ќе трпат. Морам да кажам еден пример, дека при градбата на Скопје и градската порта, ѕидот најмногу доаѓаа луѓе така да ги наречам, патлиџанџиите со вреќа пари што ги истураа и ги купуваа тие станови. Добро е што имаат пари луѓето, не е лошо. Значи треба тие култури што повеќе да се негуваат односно тоа производство повеќе да расте. Меѓутоа, кај кого се парите да видиме и кој треба да го плати цехот.

Предлагам нашата Влада што побрзо да ја оформи таа даночна полиција, да не може ниту еден работник да работи некаде а да нема свој број на такси, таксичен број, како што е тоа на Запад. Тој не може да земе од 100 динари 60, ако на газдата каде што работи, макар и еден ден , туку ќе му го покаже својот такси број за да ги земе тие 60 динари, а другите 40 ќе одат за општи општествени потреби. Тоа ќе го плати газдата. Ние имаме многу девијации токму кај приватните. Плата, односно дневница во џеб се користи трудот и така се создава некој вишок на вредноста.

И покрај сета немарност во која уживаме, ако знаевме едно време отмено да живееме, па гледаме дека уште поотмено на некој начин пропаѓаме кога во пораст се општите-општествени потреби. Ке мора да фрлиме по некоја пара за образованието, воспитувањето, националностите. И јас припаѓам најнормално но што е тоа е, Владата што побрзо да ги спреми тие системски закони, од економската свера, даночната полиција, макроекономската политика и да седнеме тука да разговараме. Нека не ви биде тешко господо министри, господине претседателе, ако и ние се помешаме малку во креирањето на политиката на развојот на Република Македонија, користењето на природните ресурси, а верувам по нашето признавање, по признавањето на Република Македонија, ќе биде многу, многу подобро, затоа што во овој момент никој не се осмелува, па макар нека се и наши од дијаспората. Тие парите не ги украдоа таму па да ги фрлат овде во Македонија, во неповрат да не им се враќаат. Значи по нашето признавање веројатно ќе имаме можност да користиме кредити, а нашето стопанство е гладно за тие кредити. Само, да се користат таму каде што треба, а не за лични доходи.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство го разгледа Предлогот на Републичкиот буџет за 1992 година и притоа констатира дека воглавно забелешките и укажувањата на Комисијата дадени по Нацртот на Републичкиот буџет за 1992 година, не се прифатени со образложение дека по истите се извршени преиспитувања, усогласени се ресорните министерства и се во рамките на билансните можности.

Притоа се констатира дека за разлика од нацртот на буџетот, одделни позиции се дадени во обемот така да неможат да се согледаат намените односно корисниците што ќе се финансираат. Во врска со тоа беше образложено дека ресорните министерства врз основа на програми ќе вршат распределба на тие средства.

Во врска со претходното Комисијата го разгледа и поддржа барањето на НПП-АД Трибина од Скопје, весникот да се финансира од РЕпубличкиот буџет од причини што во Републиката е единствен весник кој ги третира прашањата од областа на аграрот и кој може да послужи на индивидуалните земјоделци да бидат целосно информирани со состојбите и проблемите во оваа област. Повторно Комисијата констатира дека и покрај зголемениот обем на средствата занемените во земјоделството во 1992 година во однос на минатите години истите се сеуште недоволни.

Комисијата има и сопствени амандмани, но за тоа после, по Текстот на буџетот.

Комисијата му предлага на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе Републичкиот буџет за 1992 година имајќи ги предвид предложените амандмани.

По повод донесувањето на Републичкиот буџет за 1992 година Комисијата за земјоделство и шумарство го предлага следниот работен заклучок:

"Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија при распределбата на средствата од разделот 30 позиција 408 конто 431 компензација на дел од трошоците за издаваше на весници и списанија да го има предвид и НПП АД Трибина од Скопје за компензирање на дел од трошоците

за издавање на весникот Трибина".

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, буџетот е еден од најважните елементи на секоја државна политика. Буџетот е оној момент низ кое димен-зионирање и сруктуирање секоја Влада ја покажува својата намера на најексплицитен начин каква економска политика ќе води во дадената година. Ние во овој буџет имаме елементи да заклучиме, но и немаме доволно елементи да извлечеме јасен одговор во врска со тоа прашање не по вина на конкретните пишувачи на буџетот, туку по вина на општата ситуација, недефинираниот економски систем на РЕпубликата кој што го имаме во овој момент.

Кога говориме за буџетот важно е две работи да процениме. Да го процениме неговиот обем колку е реален, да размислиме за структурата што ја нуди тој буџет дали е рацинална таа структура односно во врска со првото дали тој буџет ќе покаже рационирање на јавната потрошувачка или не. Што можеме да заклучиме од овој буџет, ние расправавме и на Комисијата за буџет пред два дена и низ овие амандмани што ги имавме деновиве.

Тој е димензиониран на 75 милијарди и 890 милиони динари индекс 362 односно расход 262 проценти во услови кога предлагачот или владата низ економската политика што не ја добивме пресметува дефлатор од 272. На тој начин можеме да заклучиме дека буџетот номинално ќе расте помалку од претпоставената инфлација, значи реално дури нешто ќе опадне. Од тој аспект можеме да процениме дека е тоа можеби рационално димензиониран обем на буџетот. Меѓутоа, ако ја земеме основицата од минатата година 20 милијарди и 956 милиони , која што набрзина беше зголемена во последното полугодие, тогаш реалната слика за овие 262 порасна нешто поинаква Значи, ги имаме реален пораст всушност над 270, дефлаторот што е предвиден со овој буџет или со економската политика што ја имаше дадено на запознавање. Така да од тој аспект може да се проценува, ако се оствари тој дефлатор можеме да имаме номинално некој заклучок дека тој реално можеби опаѓа но во суштина реалните зафаќања се поголеми отколку минатата година. Но, тоа пак има своја претпоставка. Дали овие бројки имаат врска со стварноста која што се случува и ќе му се случува во наредните месеци и во наредниот период. Дали претпоставената

инфлација низ цените на мало до 270 ќе биде вистинската во оваа година. Мојот одговор е дека немаат многу врска со она што се случи оваа година бидејќи тоа што ќе се случи оваа година веќе се случува , а се случува инфлацијата да биде во последниот месец речиси 64 насто, а тоа на годишно ниво значи над 24 илјади и сите овие бројки стануваат безпредметни за дискусија.

Во таа ситуација што се случува со финансиите, во економсијата на финансиите, има еден познат израз, економистите го знаат таканаречен транзиефект. Колку многу пати номинално се зголемуваат приходите на администрацијата реално тие ќе бидат се помалку во вакви услови на хиперинфлација, затоа што уплатите секогаш доцнат во касата на администрацијата. Во такви услови мошне е тешко да дадеме една реална проценка на ова што ќе ни се случи со јавната потрошувачка во оваа година. Од тие причини можеме ли да процениме што значи реално буџетот што се предлага. Тешко може да се процени што значи реално. Зошто може да се процени што значи реално? Затоа што немаме како прво политика на макроекономска стабилизација. Немаме антиинфлациона политика, како што научи народот да ја вика последниве 10-15 години во бивша Југославија, бидејќи постојано се расправаме со инфлацијата. А тоа е прв услов за натамошни чекори во реформата. Без макроекономска стабилизација, сите наредни чекори стануваат многу дискутабилни, безуспешни. А можеме ли да имаме сопствена политика на макроекономска стабилизација ние, која што ние е итекако потребна затоа што хаосот економски е тука кај нас. Одговорот е не можеме. Затоа што немаме политика на здрави пари.  Здрава валута. А без политика на здрава валута, на здрави пари нема соборување на инфлацијата нема макроекономска рамнотежа, не може да се постигне. Се губат сите реални вредности во општеството, нема позитивно насочување на енергијата на стопанските субјекти, било тоа индивидуални или колективни. Сите активности во тој случај, енергијата на луѓето се насочува кон шпекулативните дејства и активности, а ние сме сведоци какви се шпекулативни дејствија се случуваат денеска на целиот овој простор на бивша Југославија, вклучително и овде кај нас.

Сите субјекти се насочени кон  лесните заработувачки кои што се во сферата на купи - продај на брзина, заработи на курсот кој што се менува од минута во минута. Не се размислува за создавање на капитал на реални вредности.

Нашата антиинфлациона политика  во такви услови мора да биде, антиинфлационата политика или инфлационата политика на

господинот Божовиќ во Белград на Народната банка на таканаречената Трета Југославија, оти ние остануваме и понатаму во ова динарско подрачје какво што остануваме. И најглавната полуга со која што Владата може да дејствува врз стабилизација на макроекономската текови ја нема. И не може да превземе ниеден чекор без решавање на тоа прашање. Значи, или ќе легнеме на антиинфлационата политика од Белград што доаѓа од Народната банка на Југославија, на трета Југославија како што се нарекува, и ние едноствано сме немоќни. А дали таму има шанси да се води антиинфлациона политика, мојот одговор е нема, затоа што се отпочнува нова војна, нови штампања, нови активности кои што ќе се финансираат. И ние се разбира ќе ги плаќаме. Ке ги плаќаме ид ругите штети и од другата солуција. Но, тоа конечно мора да се процени ако сакаме оваа Република да тргне напатот, прво на макроекономската стабилизација, а потоа да ги земе ред по ред сите прашања од економската реформа. Обемот на овој буџет изнесува заедно со фондот за здравство, за пензиско, за вработување негде според показателите на органите на Републиката на Владата, 38 насто. Прашањето е многу или малку? Се дискутираше и овде, имавме и во експозето на господинот министер за финансии, го имавме тоа прашање и на Комисијата за буџет.

Ми беа овде предочени и некој податоци во врска со тоа, каква е јавната потрошувачка во некои земји. И добивме податоци сите се точни што ги слушнавме од господинот министер, во Шведска и над 50, а во други земји и над тоа, али над 40 многу развиени земји. Видовме дека има податоци дека далеку испод 3 8 насто е оптоварувањето што доаѓа како јавна потрошувачка од населението и стопанството. Ако се види кои земји имаат над 38 насто,оптоварените земји имаат под 38 насто. Ке видите земјите кои се со понизок степен на развиеност имаат под 38 насто оптоварување.

Нашата ситуација е многу потрагична од овие 38%, затоа што во овие 38% ни од далеку нема вклучено ниту еден од големите дефицити на стопанството и банките. Еден од тие дефицити и ги спомна со десетина милијарди Љубисав Иванов. Ако се соберат и ако се точни информациите, се разбира од надлежните органи ние можеме да собереме дефицитите во оваа Република изнесуваат близу еден годишен потрошен општествен производ. Кога ние ништо не би трошеле тоа што би го создале во 1992 година одвај ќе ни биде доволно да го платиме она што сме го потрошиле порано. Иако се вклучи во текот на годината дел од тие јавни дефицити, од тие дефицити во вид на јавни долгови тогаш овие 38% ќе бидат малку за да се покрие она што сака да се покрие. Од тој аспект

не очекуваат нови оптеретувања или пак ни треба некоја нова политика можеби радикална со која ќе се соочиме сите ќе ја платиме конечно социјалната цена која што мора да ја платиме за преминот кон пазарната економија или ни нема шанса за долг период да излеземе од економската криза.

За самата структура на Буџетот, таа структура е трансформирана истата од претходните години. Истата е не заради тоа што Министерството за финансии и во првичната подготовка не сакало да биде поинаква затоа што вкупно немаме нов порески систем, нов начин на зафаќање и она е диктирана од постојниот порески систем, а она не е најрационална и затоа имаме пак нешто веќе видено во врска со тоа односно ќе чекаме нова структура на формирање на средствата на Буџетот со тоа што ќе добиеме нов порески систем кој конечно ќе го усвои овој Парламент.

Во услови на повеќегодишно опаѓање на општествениот производ нема решение на проблемите со кои што ние се бавиме денеска со сите оние ставки во Буџетот. Општествениот производ за двете последни години е за 1/3 реално намален. Владата предвидува за 8% натамошно опаѓање на општествениот производ. Ако биде така дури тоа ќе биде во вакви услови некој резултат, но во вакви несредени економски прилики, во вака незаокружен економски систем, отсуство на здрава економска политика, политика на здрави пари во услови кога немаме политика на реални камати и сл. на тоа ништо не ќе може да се поттикне во стопанската активност за да може да се спречи падот на општествениот продизвод. Може да се проценува само дали ќе биде 8, дали ке биде 18 и дали ќе го сведиме на оние големини кои што најелементарните егзистенционални потреби не ќе можеме да ги решиме. Според тоа нема јасна буџетска политика ако нема јасна економска и развојна политика и тој хендикеп изготвувачот едноставно го има и тој буџет тоа го одразува.

Буџетот и вкупната јавна потрошувачка се димензионира и структуира јасно ако има јасна економска политика во спротивно во такви услови кои што предлага буџет нема доволно јасни ориентири и за самата вредност на буџетот многу е тешко да се суди. Може да се направи да биде со реално намалени вредности, меѓутоа ние сме во комплетна неизвесност од динамиката на монетарниот сектор што ќе ни се случува. Затоа прашањето:

Прво, дали ќе имаме антиифлациона политика конечно како Република, а реков во кои услови можеме да ја имаме, во кои услови не можеме да ја имаме. Ќе ја правиме ли неа заедно со

Белград односно НБЈ односно така наречена трета Југославија или ќе правиме сосема сами. Одговори конечно мораме брзо да имаме. Од кога ќе располага нашата Влада со новата монетарна полуга, со нова пореска политика со јасно отпочнати промени на сопственичките односи. Ке имаме ли политика на реално вреднување на капиталот, а сега што ни се случува во сферата на капиталот тоа е равно на најгруб процес на првобитна акумулација. Банките даваат кредити неколку кратно, 10 кратно под инфлацијата, држат штедни влогови неколку кратно под инфлацијата, еднаш зимаат грубо друг пат даваат грубо итн. Ке имаме ли одбрана на сопствената валута ако се определиме за туѓа валута да биде таа, ќе немаме ли, како ќе ја браниме таа валута, ќе можеме ли да носиме ние прописи како што е на пр. предлогот за продажба на становите да можат да се продаваат во девизи, а тоа значи да се откажуваш од одбрана на својата валута, ќе повлече ли тоа ланчана реакција еве нафтата слушаме дека може за некој бензиски пумби да се продава за марки, што значи тоа за економијата, економистите добро знаат. Ќе може ли да отворат и продавниците за брашно и  за млеко да речат ние ќе даваме попуст за марки, за долари и сл. на тоа. Можно ли е во такви услови да се води економска политика да се води држава. Не може да се води. Одговорот на тие прашања е првиот одговор, а потоа следи Буџетот и потоа следи се останато. Се разбира мора да имаме некое тековно финансираше на администрацијата, на овие активности, може да помине и овој буџет, може на два, месеци на три месеци да погледнеме што значи тоа, може и со одлуката за времено финансирање но за да знаеме што правиме мораме да имаме претходен одговор на овие прашања инаку господа, социјализмот кој што не сме го напуштиле, командната економија која што не сме ја напуштиле а има и елементи низ буџетот на пр. растат ставките интервенциите во стопанството многу брзо, растат притисоците за социјалните програми, вети Владата ќе се излезе со тоа, нема шанси за економија во такви услови. Притисоците државата да ни го обезбеди станот, државата да ни го обезбеди вработувањето, државата да ни го откупи производот, државата да ни го заштити стандардот комплетно, државата да ни го реши ова или ова прашање, секојдневно расте. И луѓето денеска почнуваат да викаат каде е социјализмот, зошто ни требаше пазарната економија, зошто ни требаше политичкиот плурализам една комплетна погрешна оценка добиваат луѓето врз основа на реалните состојби што ги имаат денеска. Ние не сме направиле ни прв чекор на планот на пазарната економија, денеска нашиот народ почнува да ја оптужува пазарната економија а ние уште ја немаме неа. Плурализмот сеуште не заживеал како што треба, напади врз плурализмот. На тој начин нашата перспектива станува мрачна.

Интенциите за враќање кон командна економија, кон тоталитаристичка идеологија повторно надвиснуваат над нас. Тогаш целиот програм нов идеолошки и реформата можат да паднат во вода. Затоа ни треба брзо дејствување, со овој Парламент, со оваа Влада, без овој Параламент, без оваа Влада треба да се одлучи заради тоа што одговорноста за Републиката е огромна. За реформскиот проект е окромен  сиромаштијата, прагот на сиромаштијата е се понизок и понизок.  (Аплауз).

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство, по овие изречени дискусии јас размислував да се повлечам од мојата дискусија, но излегов само затоа што во дискусијата сакав да упатам и една реплика на претседателот на Комисијата за стопанство господинот Перо Георгиев со тоа што во неговата дискусија, јас немам ништо против неговата  дискусија, но сметам дека беше нужно како претседател на Комисијата за стопанство да го потврди ставот на Комисијата. Тој го заобиколи, настапуваше од името на Партијата, јас заради тоа немам примедба, можеби беше покорисно и поректно некој друг да настапи од партијата, тој како претседател на Комисијата за стопанство да го поддржи ставот на Комисијата бидејќи исклучувајќи го него сите други присутни од сите партии од СДС, ВМРО-ДПМНЕ од Либералната партија, од Партијата ПДП-НДП, од сите надворешни членови кои присуствуваат на Комисијата практично едногласно ги поддржавме оние ставови кои ги изнесе г-н Иванов јас да не ги повторувам и нашиот став беше дека Буџетот треба да се врати на доработка заради тоа што ние не бевме задоволни онака како што е тој димензиониран, онака како што е проектиран и второ, поради тоа што има безброј многу амандмани дадени од сите партии, сите поединци или партиски или комисиски така  да практично е невозможно реално да се разгледува и сите дадени амандмани овде пореално да се разгледуваат. Покоректно е да се врати колку и треба на Владата време нека ги разгледа, нека ги сумира дискусиите, нека ги разгледа сите амандмани, нека ги погледне сите желби и нека погледне од каде ќе се полни буџетот. Желбите како што истакнаа и другите дискутанти растат се повеќе и повеќе и во колку ние ги прифаќаме во овој Парламент, желби ќе има бескрај затоа што камо среќа да има кој да дава, ако има од каде да се бара. Практично нашата заложба како претставници од стопанството е тоа дека нема кој да го полни Буџетот. Господинот Иванов овде кажа во алегорија како Настрадин Оџа го учел магарето како да не јаде па тоа цркнало, јас да го повторам практично. Ако така работиме стопанството ќе биде тоа магаре и ќе нема од каде да

се полни Буџетот.

Друго што сакав да кажам овде покрај оваа реплика е тоа дека навистина треба да ги почитуваме мислењата на комисиите. Парламентот многу пооперативно и поедноставно би работел до колку излезе по еден претставник од комисиите го каже својот став и доколку има спротивни мислења на одредени комисии можеме да водиме одредена комисиска расправа како да го усогласиме ставот. Инаку јас мора овде да заклучам дека практично работата по комисии е фрлена надвор и таа е непотребна затоа што сето она што се зборува таму се повторува овде. Оној кој не се сложува со ставот на Комисијата без разлика на мнозинството се пренесува овде и се повторува, така да комисиите според мене немаат никаков удел во работата на Собранието, како работно тело.

Друго што сакав да кажам во вид на реплика е нашата комисија за стопанство некако како комисија скоро никде не е матична, скоро никаде не е онаа која одлучува  за нешто да е таа матична и нејзиниот став треба да се почитува. Ако погледнеме од каде се полни буџетот, ќе видиме дека тоа практично е само од стопанството. Дали е тоа данок на личен доход што е огромен во оваа ситуација, дали е тоа од данок на добивка што е минимален во оваа ситуација бидејќи практично се цени дека нема да има добивка во стопанството, дали е тоа од царини, дали е тоа од данок на промет итн. практично сето тоа иако данокот на промет не е само од стоапнството како сите граѓани, но тоа е она што го полни буџетот, а Комисијата за стопанство како комисија овде е практично некоја периферна комисија која ќе констатира дана некое свое мислење итн.

Ете тоа е што сакав јас да го кажам несакајќи да ги повторувам дискусиите кои беа овде дадени од известителот на Комисијата за стопанство тоа беше господинот Иванов тие ставови јас можам да ги повторам но за тоа нема потреба, јас стојам зад тој став, тој став не е ни партиски ниту е мој личен, а и мојот личен став е таков сметам дека буџетот треба да се врати на доработка.

Ова Собрание донесе работен заклучок пред можеби 1 месец дека во новите проекти треба  зафаќањата односно даноците и зафаќањата од личните доходи да се помине на нето основица да би имале точно сознаније колку динари остануваат во стопанството, а колку динари одат надвор од стопанството за јавна, општа, општествена потрошувачка и тн., мислам дека тоа мора да се направи за да се има прав увид. Овде се кажува дека

е тоа 38 отсто од општествениот производ, јас немам точно податоци, колку е тоа ниско но јасно е дека повеќе од минатата година, а јасно е дека стопанството, мислам произвоството и понатаму опаѓа според тоа, јасно беше и јасна е нашата порака дека овие зафаќања треба да бидат помали отколку што биле минатата година односно најмалку да бидат нешто пониско отколку што ќе биде порастот или падот на општествениот производ. Со вакво собирање, се во буџетот, кој што сака се се лепи на Буџетот сметам дека нема да стигнеме никаде.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитувани пратеници, почитуван господин претседателе, мене ми е вака непријатно што еве продолживме доста, сепак се чувствувам должен да укажам на некои работи врзани со Буџетот.

Донесување на буџетот на Република Македонија претставува многу значаен документ како за финансирањето на виталните функции на државата така и на вкупните состојби во Републиката, затоа со право ова прашање наидува на голем интерес на пратениците така и пред пошироката јавност во Републиката. Претпоставувам дека надлежното министерство па и Владата му имаат посветено големо внимание и верувам во сегашните многу сложени моменти при многу недефинирани прашања тешко е да се даде одговор на сите прашања и да се задоволат многуте барања кои се поставуваат од повеќе страни, а за Владата ова претставува многу сложена и одговорна задача. Без намера да ги девалвирам досегашните ангажирања на надлежното Министерество и на Владата сакам да укажам на некои наши согледувања, сугестии и предлози.

Евидентно е најпрво да кажам дека е пријдено стручно и сериозно на изготвувањето на Буџетот. Непобитно е дека Буџетот е доста сериозен и во себе содржи висок обем на задоволување на барања на многу корисници, а тоа ќе придизвика и додатни зафаќања по џебот на граѓаните и резултатите од работењето на стопанските субјекти. Невпуштајќи се во оправданоста на поедините потреби за поедините корисници на средствата евидентно е да планираниот обем на средства према сегашните цени и односи има високо учество во општествениот производ на Републиката и значително е поголемо учеството во поредба на поранешните години, а дека сето ова ќе има многу негативен одраз на понатамошните вкупни состојби во Републиката.

Евидентно е да планираните средства за финансирање на органите, а посебно потребите за финансирање на безбедноста и народната одбрана имаат многу високо учество во вкупно

планираните средства во Буџетот. Наспроти на ова за планираните средства за унапредување на мегународните односи, економските односи во светот имаат релативно мало учество. Слична е состојбата за планираните средства за интервенции и унапредување на стопанството, но со добиеното во меѓувреме дополнување од Владата состојбите се нешто позитивно изменети во корист на ваквите намени, но сепак тоа сеуште е во релативно мало учество. Карактеристично е да во Буџетот е проширен бројот на корисниците од средствата на Буџетот во однос на минатите години, секако ова нешто е резултат на извршените измени во финансирањето на општествените потреби, но сепак ваквите промени не треба да бидат и елемент за такви проширувања на бројот и посебно за зголемениот однос во учеството на поедините корисници во вкупниот обем на средствата.

За одбележување е фактот да предлагачот на Буџетот не дава некои поконкретни критериуми и мерила врз основа на кои ги темели изведените величини за поедините корисници а поради што се создаваат погрешните впечатоци за оправда,носта на планираните средства за подеините корисници. Исто така, предлагачот на Буџетот обемот на средствата за поедини намени се дава во глобала, а без прецизираше на непосредните корисници на средствата што создава претстава да во фазата на реализацијата на Буџетот Владата отвора простор за влијание во конечната распределба.

Неповолност е и фактот што во Предлогот на Буџетот се дадени во глобала инструментите на основа на кои ќе се обезбедуваат и планираните средства. Тешко е да се осознаат условите во кои ќе се најдат поедините обврзници и спрема Буџетот, односно при немање на однапред издиференцирани и усвоени инструменти и услови тешко е стопанските субјекти навремено да ги постават условите на своето работење во 1992 година. Интерено е да се спомене во услови кога приливот на девизи по основ на извозот на стоки и услуги планираните средства за стимулација не се на завидното ниво што може да има многу негативен одраз кај извозното стопанство.

На крајот би го споменал стекнатото сознание да во Буџетот не ссе планираат средства за надоместување на одредени издатоци кои ќе произлезат во 1992 година со пренесување на поедини обврски врз Републиката, а кои досега беа обврски на Сојузниот буџет, по основ на обврските на стопанството и банките кои беа преземени порано од Федерацијата во основа го поддржуваме Предлог-буџетот, но со цел да се придонесе кон подобрување на решенијата во Предлогот на буџетот ги предлагаме следните

сугестии. Да се преиспита обемот на планираните средства на поедините корисници и нивно сведување на ниво на реалните можности на Републиката. Да се изврши додатно прераспоредување на средствата од другите корисници во корист на средствата за интервенции во стопанството, односно на делот на стимулирањето на извозното стопанство, да се испрецизира обемот на средствата по поедини корисници кои се дадени во глобала по намени да се ограничи понатамошната можност за проширување на бројот на корисниците од средствата на Буџетот. А ние денеска имавме можност да чуеме разно разни барања кои што од една страна зборуваат за предимензионираноста на Буџетот, а од друга страна на Владата и на Министерството му даваат нови задолженија, што мислам дека не е во духот на сите тие залагања, па вклучувајќи го и нашето залагање. За поедини планирани корисници на средствата од Буџетот да се преиспита процентот на учеството, а истите да се упатат на остварување на средства од други извори, а пред се во остварување на средства со билатерални односи на корисниците на нивните услуги. Да се испрецизираат критериумите и мерилата за поблиску утврдување на потребниот обем на средства за поедини корисници на средствата за Буџетот, што мислам дека треба да биде и основна и појдовна работа при утврдувањето на вкупниот обем на расходите на Буџетот. Верувам дека ваквите наши забелешки и сугестии ќе бидат правилно сфатени од предлагачот на Буџетот.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници, вклучувајќи се во расправата околу донесувањето на Републичкиот буџет за оваа година ќе почнам со цитираше на некои воведни напомени и претпоставки за изготвување на Буџетот изнесени во образложението кон Предлогот на Републич-киот буџет за 1992 година и тоа, цитирам: "Вака утврдениот обем базира на следниве претпоставки, индикаторите дека општествениот производ ќе бележи реално опаѓање од 8%, дефлатор од 270% и пораст на личните доходи од 217,2%. Веднаш морам да кажам дека иако општествениот производ се планира да бележи реално опаѓање од 8% сепак, тоа по мене претставува извесно охрабрување кое доколку би се остварило сепак, ќе биде добро. На оваа помисла ме наведуваат фактите што секој ден слушаме дека по едно, или повеќе големи претпријатија одат во стечај, на принуден одмор, или штрајкуваат. Ако опаѓањето на општествениот производ може да се смета како реално ниту во кој случај не можат да се сметаат за реални дефлаторот од 270% и порастот на личните доходи од 217%. Ова уште повеќе ако се има во предвид дека на почетокот на оваа година една западна

германска марка чинеше околу 70 динари, а вчера околу 300 динари, што претставува инфлација за само 91 ден од над 425%. Ваквиот пораст не е во состојба да го пратат и личните доходи, иако и тие растат само во овие три месеци за над 200%. Не ќе ја откријам Америка, ниту ќе кажам нешто ново, бидејќи ова што ќе го кажам економските експерти го кажале пред мене, ни се заканува четвороцифрена инфлација. За тоа има многу примери, иако Владата чини напори во некои области, но сепак во вакви услови е немоќна и воопшто не и замерувам. Кога сум тука сакам само да дадам уште некои сугестии се со цел да ја охрабрам, а не да ја критикувам. Што е можно побрзо да ги предложи системските закони за реформа на стопанскиот систем. Второ, што побрзо да воведе национална валута. Ова второто посебно е нужно да се стори побрзо, еве зошто. Деновиве на жиро сметката на претпријатието "X" за продадената стока на купувачите им пристигнаа средства на жиро сметката. "X" претпријатието од средствата требаше да ги измири индивидуалните земјоделци за откупени јагниња. Што се случи. Кога отидоа индивидуалните производители во банка за да ги уновчат готовинските чекови, дојдоа до сознание дека можат да подигнат дневно само 100 илјади нови динари. Причина, трезорот на банката не располага со готовина, бидејќи од Топчидер не доаѓала готовината. Како што гледате националната валута е неминовност.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Јас не сакав да се јавам за дискусија, меѓутоа еден претходен дискутант укажа на еден проблем, односно еден предлог кој укажа дека организацијата на Сојузот на резервните воени старешини, на Сојузот на борците и на младината треба да се избришат од Буџетот. Од таа причина дозволете ми да кажам неколку реченици. Познато е дека општествените организации секаде, па и во нашата Република треба да имаат посебен статус. Имено, тие не се политички партии, не се борат за власт, туку секогаш биле во функција на општествените и државните интереси како на пример во областа на културата, здравството, науката, образованието и т.н. Поголем број на општествени организации ако непосредно, тогаш преку своите министерства се финансираат од средствата на Буџетот на Република Македонија, како на пример Црвен Крст, Министерството за здравство, Народна техника преку Министерството за наука и култура, додека по одделни општествени организации-, како на пример Здружението на борците, Младинскиот совет, резервните воени старешини немаат други извори на финансираше освен Буџетот на Републиката. Заради тоа, во принцип овие значајни и општествени организации кои се од посебен интерес и кои во него се инкорпорирани сите

националности во Република Македонија колку што ги има, сметам дека навистина такви предлози не треба да се прифатат. За да не се случуваат понатаму проблеми со овие општествени организации кои исклучиво ги остваруваат општествените, а не личните интереси на членството, нивното финансираше треба да се уреди со законот за општествените организации, или пак со посебен закон каде децидно ќе се каже дека тие се финансираат од Буџетот.

На крајот, да потсетиме дека кога го усвојувавме Законот за одбрана беше речено дека нивниот статус и егзистенција ќе се уреди со Законот на општествените организации, а се до тогаш мораме да го почитуваме важечкиот закон и новиот Устав.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, користам прилика преку изнесувањето на економските состојби на поодделни стопански претпријатија во Крива Паланка да ја искажам и мислата како од прилика би требало да изгледа и оформувањето на Буџетот. Сакам да кажам дека во скоро сите претпријатија кои се на ниво на општина продуктивноста е смалена, така да кажам од оправдани причини. Прво, работничката класа која е во состав на претпријатијата кои се на подрачјето воглавно е делумно вработена и во земјоделието, така што една таква работничка класа никогаш не може да даде таква продуктивност како што може да се очекува од работникот да кажеме од Република Словенија.

Второ, техничката опрема со која располагаат одделните поголеми претпријатија скоро се преку 50% неискористени, а може повеќе од 25% се амортизирани. Една таква состојба јасно може да ни зборува за каква продуктивност можеме да зборуваме. Освен тоа вие сите сте сведоци дека во поранешниот систем и начин на работеве е работено така да на некој начин каптирајќи го проблемот на социјалата вработените во производството толку се обременети така да кажам со непроизводни дејности, со луѓе кои не се бават директно со производство, така што тој однос е скоро 50% и сега во тој случај може да мислите вие за каква продуктивност може да се зборува. Имајќи го тоа во предвид и гледајќи ги сите овие рекапитулари во Буџетот кој се предвидува, а пред се поаѓајки од оптоварувањето на стопанството преку Буџетот кои изнесуваат некаде скоро 50% може да замислите каков расчекор се јавува помеѓу дејноста во стопанството и вонстопанството. Заради тоа сакам да кажам дека

најнеопходно што мора во одредените наредни периоди да се преземе од страна на Владата е покрај тоа што направија една обиколка со која верувам дека имаат точен увид за состојбата на стопанството во целата Република што исто така беше и случајот во Крива Паланка. Можам да ви кажам дека ние од поранешните вообичаени средби на стопанствениците во Крива Паланка, во сегашниот период од формирањето на нашата млада држава тој начин на работење, на регулирање и на согледување на состојбите до некаде се измени со тоа што статусот на локалната управа така да кажам се смали, така што одредена група на директори на некој начин не се ни чувствуваат одговорни тие да земат учество во едно колективно договарање, а тоа колективно договарање вие знаете колку беше важно и колку сега е важно во оној процес на мултикомпензација како на долгувањата кои се внатре во самата Република, така и во надворешните републики. И да заклучам имајќи ја предвид таа состојба што верувам дека е во сите други поголеми индустриски градови, предлагам поаѓајќи од претпоставката дека Македонија има добар стручен кадар кој е филтриран во сите сегменти на стопанството, ние не би смееле во никој случај да мислиме дека би требало да западнеме во една таква состојба да бидеме на некој начин место за подсмев на другите кои едвај ја чекаат таквата прилика. Ова сакав да ви го потврдам со тоа што имав прилика со неколку годишно работење во странство да видам дека нашите фирми и нашите стручни работници кои ги водеа беа меѓу најдобрите што треба да биде и гарант тоа да биде и тука внатре во нашата земја. Затоа предлагам Владата имајќи го ова во предвид да го има во предвид во конституирањето на Буџетот и на ребалансот на Буџетот задолжително да се направат одредени позициони и така да кажам предвидени мерки со кои инвестициите во развојот на стопанството ќе се фаворизираат од една страна, а од друга страна гледам тука имаше и општественици кои не го спомнаа проблемот на невработеноста и индиректно овој проблем посебно за овие кои се со факултет, има по пет до 10 години невработени без одлагање да најде место во Буџетот и да се стави ставка со која тој проблем задолжително да се разрешува. Понатаму мислам дека сите согледувате дека сите институции, поготово ресорите кои се во истурените министерства, вработените во малите места и т.н. не само што се зголемува нивниот број што во сегашниот момент би требало да биде обратно, туку и енормно им се зголемуваат личните доходи во однос на тие кои се вработени во стопанството. Така што тоа е една потенцијална причина да може во догледно време да дојде и до социјални тензии, а за што треба да се има во предвид. Јас можам да ви кажам дека ние во Крива Паланка на одредени временски согледувања на 6 месеци, година дена правевме едно непишано согледување и вработување на

одредени категории на луѓе кои чекале работа 5 до 10 години а завршиле факултет и се вработуваат. Сега имаме назначуваше од министерствата за служби каде што се на пример во Геодетска служба  шест нови лица се примаат, во другите не знам колку и тоа се одредени луге на кои им се даваат и одредени положајни места со високи лични доходи и тоа на некој начин има негативни политички последици во мали средини како што е на пример во Крива Паланка. Мислам дека Владата би требало и овој проблем да го има во предвид.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи дискусијата се одолжи доста долго и доста конструктивно беше дискутирано околу Буџетот на Република Македонија и во тој правец тврдо сум уверен дека сите овие дискусии што претходно беа изнесени овде, нема никаква партиска обоеност. Напротив јас ги видов сите овие дискутанти во своја права светлина, особено ценетите пратеници Гошев, Љубисав Иванов и други кои навистина дадоа добри и конструктивни дискусии. Јас нема ништо ново да кажам, но сакам да потенцирам една работа за која навистина очекував од оваа Влада и од овој Буџет да се согледа една нова тенденција во нашата македонска држава и решавање на еден акутен проблем што јас го сметам за многу суштествен и кој исто така и за другите напредни држави е основен генератор за одредени појави во нив. Конкретно станува збор за овој Буџет кој навистина не водел доволно сметка околу финансирањето на бирократијата во Република Македонија. Јас во овој буџет гледам само продолжување на она што е од претходниот систем, а и нормално при оваа трансформација не може тоа, свесен сум  дека за краток период сето да се премости и да се направат длабоки резови. Меѓутоа, навистина очекував дека на тој план за ова време додека е избрана оваа македонска Блада, очекував дека од сите тие ресорни министерства и сите тие буџетски корисници во Република Македонија ќе се направи еден елаборат или една анализа, подлабока анализа колку се реалните потреби на луѓе и за нивно суштинско вклучување и реализирање на одредени работи во тие служби, а сето она што претста-вува вишок и баланс за оваа држава мислам слаба економски, со слаба економска подлога мислев дека навистина од оваа Влада на овој план ќе донесе нешто поконкретно и во Буџетот ќе ги запре тие славини од каде што треба да се одливаат средствата од производството да одат во непродуктивни работници. Немојте да ме сфатите погрешно дека имам злонамера да ја напаѓам Владата, да напаѓам и било кој друг во Република Македонија, а тука се ставам и самиот себеси како пратеник. Јас често пати тоа го имам потенцирано на оваа

говорница, но по се изгледа ниту во комисиите, ниту во Владата и ние пратеници и по ова прашање немаме одреден дециден став. И до ден денес навистина немаме. И затоа и во овој Буџет продолжуваат одлевањата во тие непродуктивни работни места и дуплирани кои беа од порано во тие институции на Република Македонија.

Уште еднаш сакам да повторам ова го кажувам од прак-тиката само за илустрација. Земете предвид колку за нашиот мандат откога влеговме во овој Парламент отидоа под стечај. И колку работници се најдоа во заводите за вработување. А наспротив оваа бројка земете ја бројката колку од овој бирократкси апарат од Македонија денес се наога на списокот од овие трудови, како технолошки вишок или вишок кој бесцелно се наога во овие институции на Република Македонија. Јас имам доволно храброст да кажам во Битола во полно институции луѓето нема што да работат, туку преку целиот ден се шетаат низ градот, а тоа не е добра слика за оние кои работа непосредно во производството. И да ви кажам се случува во 7 месеци да добиваат загарантиран личен одход, а во вие служби на Републичката управа да земат два-три пати зголемување на плати, вклучувајки не и нас како пратеници. Тоа не е добра слика и треба да сватиме дека во напредните земји кога се носи буџетот и одредени политички партии се натпреваруваат токму на тој план бирократија ќе ја скрати и ќе ја затне тие славини на истекување на доходот. Јас искрено очекував дека откако ќе се направи една ваква анализа во Македонија дека тие средства што ќе се ослободеа буџетски без потребно што одеа и без да се оплоди тој капитал, мислев дека Владата ќе има шанса, заедно со Парламентот да се вклучат во некои други продуктивни цели, или во стопанството каде што ќе можеше да се прави обрт на тој капитал и продуктивно повторно оние луѓе што се наоѓаат во трудот да бидат вработени по било која основа и на било кој начин. Јас само ова сакав да го изнесам и навистина ако продолжиме со оваа тенденција и ако не отвориме битка против бирократијата во оваа слаба економска држава, јас навистина не го гледам крајот., затоа што историјата добор ја читам големи светски империи почитувани пратеници, како што беше Римската, и Александровата и Наполеоновата, и Руската и незнам кој други, пропаднаа токму од таа бирократија, а нашиот поранешен систем да би кажам искрено не беше имун за создавање на вештачка бирократија. Додека за другите западни системи, тоа не е својствено и во тие системи, апсолутно во тој приватен капитал, никој не дозволува да се создаде вештачка бирократија, или вештачки да се вработи, па макар и половина работник, ако тоа работодавецот не гледа посебен интерес и профит од она што треба да значи учество во

негобвата фабрика и оплодување на капиталот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, јас ке се вратам повторно дали овој буџет одел во свој позиции може дасе извршува или не, дали има законска подлога или уставна. Тогаш говорев за јавните правобранителства, а претставникот на Владата пред ЗПК се повика дека сега пак се предвидени на основа одредбата од член 6 од Уставниот закон дека ке се усогласат законите кои што не се во согласност со Уставот во рок од 1 година. Усогласување ке постои само ако таков орган постои и натаму да работи. Ако со устав се укине една институција, законот кој ја разгледува и дава организација за таа институција, автоматски престанува и тој орган не може да работи. Што значи разделот за трошоците за јавнит е правобранителства немаат уставен основ да може да се плака од буџетот.

За вториот дел, други пратеници говореа дали разделите од 56, 57 и 58 каде се однесува за младински совет, републички одбор на сојузот на здружението на борците од НОБ и Републичка конференција на Сојузот на резервни старешини. Оваа доредба сега претставникот на Владата пред ЗПК сакаше да го подведе пododредбата на член 36 од Уставот. Оваа одредба не се однесува на тие организации, туку на членови на Републиката им гарантира посебни и социјални права, а никако да им гарантира плаќање на нивни организации. Према ова, ние не можеме од едно социјално право, да го применуваме и на друго. Тие органиазции ако сакаат да стојат и да ги има, сами ке се финансираат затоа што на здружението, односно на членовите на тие организации Уставот одредил на нив и на нивните членови на семејства посебни социјални права. Према тоа, овие две категории немаат уставна поткрепа. Понатаму што ми падна во очи, ако ги земеме судовите, јавните обвинителства, без разлика на нивниот ранг, ке видите дека во буџетот сите останале студени, само на 4 места се предвидува греење, по материјални трошоци, другите ги нема никаде. Јас не знам на кој начин ке се покрива и како ке функционираат овие институции. Погледне те го разделот за секој суд посебно, за секое обвинителствол посебно, од највисок, тука се извинувам н естанува збор за Врховниот суд, за Републичкото јавно обвинителство, затоа што му се дадени средства на Окружниот суд во Скопје, зградата целосна да се загрева, таму се предвидени околу 4 милиони динари средства, додека сите други се без средства за загревање. Немаме поднесено закон за промена на општинските судови за прекршоци. Колуарно слушам дека нема да се изменуваат. Мегутоа, дали овој

вид на судови, затоа што се работи за вид на суд, а ни е дадено предлог за измена на Законот за организација на судовите и таму предвидува, основни, виши, Врховен суд на Република Македонија и Уставниот суд што е предвиден со Уставот. Ваква работа сега да се даваат средства за судии за прекршоци, а нема организациона промена, не може да оди и тие немаат уставна потреба. Ке значи дека Владата или ке ни понуди закон ова како посебна врска на суд ке го имаме, па ке го финансираме, или ке престане да се финансира. Ние не можеме една уставна одредба, а друго ке видиме што ке направиме. Затоа она што го говореше господинот Гошев и другите за ова компетентни луге јас по однос на економскиот дел на Уставот не сум компотентен и за тоа не сакам да говорам.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитувани претседателе и пратеници, го респектирам фактот дека сите сме прилично заморени и проади должината на расправата и поради темата, меѓутоа, има потреба пред да се направи
евентуална пауза или да се премина на расправа по буџетот на некој
од прашањата што беа покренати во расправата да дадеме дополнителни
објаснување и одговори. Преку 100-тина аспекти бележев од она што беше содржина на расправата. Ке ги групира по неколку групи и така ке се обидам да одговорам.

Прво, околу основот за буџетот. Кога би расправале денеска за Нацртот се ова што беше денекса кажано како прашање на дилема, мислам дека можеше да биде прифатено и во таков случај да се договориме што да правиме натаму. Ваквата расправа по Нацртот беше обавена. Собранието даде виза да се подготвува предлогот на база на насоките што беа дадени во расправата по Нацртот и да се земат предвид укажвуањата, забелешките, сугестиите и предлозите. Тоа е направено и на Собранието му е предложено.

Второ, во основата на подготовката и на правната подлога на буџетот стојат заклучоците на Собранието по расправата за економската положба на стопанството и посебно на заклучоците од

анализата за состојбата на аграрот.

Трето, ја имаме конкретната законска регулатива која е врзана со правата и обврските со дејностите општествени, на Републичката управа и на републичктие организации. Ги имаме предлозите на законската регулатива за правата сврзани со интервентните и поттикнувачките мерки во стопанството и посебно во земјоделстовото и на оваа седница и на расправата на Собранието Конечно ја имаме  независно дали таа програма ја разгледуваше и усвојуваше Сбоанието, со Програмата за макроекономската политика на Владата во 1992 година која таа е утврди и врз основа на неа како еден од инструментите на економската политика во годината го подготвува овој и многуте други акти на економската политика.

Второ, мислам дека сосема држат забелешктие и укажувањата што беа напрвени овде дека во  со отсуство на други акти на економската политика Програмата за макроекономска политика и други сегменти што ја следат, не може да има правна сигурна, насочувачка и друга подлога да се подготви буџетот и особено не може да се води успешна буџетска политика. Тоа е точно. Буџетот во многу елементи зависи од составните потсистеми и другите политики во областа на економскиот систем. Но точно е дека буџетот сам за себе е автономен акт на економската политика во која се инкорпорирани создадените и важечките права обврски и други содржини од работата на државата  во кои зависно од потребите се инкорпорираат и нови содржини што се актуелни за конкретната година. Според тоа, само делимично можат да бидат прифатени овие аргументи и потребата за донесување на буџетот ако се поаѓа од тие причини, мислам дека не треба да бидат земени предвид но ако има причини други кои во расправата од многу пратеници беа истакнувани и ако тоа Собранието го процени за прифатливо тоа е сосема друго прашање.

Трето, јас се плашев дека ке дојде ред да одговорам на прашањата на пратеникот Љубисав Иванов ке биде отсутен и ке замолев да биде повикан да слушне еден коментар. Тој е тука и тоа ни ја олеснува ситуацијата. Уводот што го направи ние олеснува по втор пат положбата да одговорам дека се е тоа добро речено. Точно е тоа како тоа Иванов го изложи. Само една мала разлика имам. Тоа сепак е став, теорија на договор на економија. Ако имаме сега една сосема нова ситуација, макар и

на почетокот во која сопственичките односи почнуваат да делуваат во стопанството и во општествениот живот, може ли државата да им каже на тие сопственици и акциониери што ке прават со својот капитал? Не може. Може друго. Да му ги утврди условите во кои ке ги остваруваат своите права. И тоа го прави. Затоа мислам дека независно што се почетни чекори на нашата економија далеку од она што е потребата, тука беше многу успешно елаборирано прашањето за отсуството на процесот на приватизација, на санацијата, на другите сегменти што се сврзани со прашањето на дефинирање на обврските на стопанските субјекти и слично, и за тоа јас немам забелешка. Во мера која Собранието ке утврди насока, Владата тоа ке мора, независно од својата воља и убедување да го направи.

Конечно во овој дел има и една друга вистина. Процесот на ивнестициите е запрен одамна, затоа што нема капитал, затоа што дел на акумуалциајта е сведен на минимум, затоа што си ги затворивме низ политиакта што се води последните 5-6 години сите стопански контакти со околината и со светот. Во таква ситуација нормално е дека да се постигне нешто. Има и една друга вистина. Таа е дека во договорната економија, најголемиот дел од инвестициите ги иницираше или ги правеше државата преку инструментариум кој го формираше и кој во сите досегашни активности ги критикувавме со право. Сега се менува таа позиција и на државата и на стопанството, односно на субјектите кои партиципираат во оптшествениот и стопанскиот живот. Значи инвестицитие и активноста со капиталот се остава на самите субјекти, а со тоа се остава и одговорноста, но односно носењето на одговорноста од успешноста или не успешнота во користењето на тој потенцијал.

Трето, овде се изнесе една оценка дека буџетот е државски. Точно е. Буџетот и единствено може да биде државски. Може да биде и домашен, може да биде и на земјоделието и на некоја друга асоцијација итн., но овој мора да биде државски. Зошто мора да биде државски? Затоа што организацијата на сите општествени, стопански и други субјекти кои претендираат да работат во едо организирано општество кооe го викаме условно држава мора да ги воспостави своите односи и на страната на правата и на страната на задолженијата. На таа држава и се паднало на задача да изврши одредени општествени функции. Во самата содржина на буџетот тие се присутни. Од управата, од општествените дејности, од интервенциите во стопанството. Било

која од таа структура на содржини Собранието да каже дека од денес па натаму нема да биде присутна, Владата ќе ја изостави и ќе ја билансира нејзината програма на задачи на она што ќе биде нејзина обврска. Во овој момент тие се содржините и задачите на Владата што мора, во мерка, во која ќе оцени Владата и Собранието да го тоа билансира.

Собранието оцени и Владата оцени, секој во делот на своите надлежности, оти тој буџет, со државски ингеренции може да изнесува најмногу до 38% од општествениот производ и најмногу до оптоварувањето во 1991 година, со тенденција тоа да се намалува. Тоа, во овој буџет е присутно.

Четврто, нема јасна економска политика, према тоа нема јасни економски ориентири и нема јасна буџетска политика. Делумно и ова е точно. Но, само делумно. Зошто? Јасна буџетска политика има до толку што во насоките на Собранието и во претпоставките што се во политиката, макроекономската политика за 1992 година се зацртани контурите на економската политика. И во делот на стопанството, и во делот на аграрот и во делот на општествените дејности и во делот на приватизацијата и во делот на интервенциите. Дел од таа економска политика, овде беше посочено од повеќе пратеници, со конкретни законски проекти, дополнително ќе мора да се регулира. Не е основата на таа регулатива Буџетот. Приватизацијата, правата по основ на, веројатно подоцна ќе се сетам и на тој проект што беше спомнат тука,на локалната управа и некои други што овде беа цитирани, ќе дојдат и ќе се расправаат. Но, до тогаш ние мора да ја користиме не за тоа што Владата сака или Министерството за финансии настојува. Туку, затоа што животот мора организирано да се одвива за да ги организираме оние цели што ова Собрание ги поставува низ сите документи што ги донело до сега.

Петто, околу третманот на некои позиции. Јас зборував повеќе на комисиите во кои учествував, а настојував максимално да бидам присутен во расправата по Буџетот. Меѓутоа, во третманот на некои позиции што тука ги изнесоа пратениците Арслан Селмани во потполност се согласувам и нема да ги проширувам образложенијата околу општествените организации, а во врска со забелешките што ги изнесе пратеникот Томе Стојановски, мислам дека во тој дел може само да ни помогне ЗПК во следната насока. Точно дека синојќа расправавме по тоа

прашање и не го кажавме следното, а тоа го кажав и во образложението:

Додека не се изменат законите, законите ќе се применуваат. Ако законите се изменат, престанува приемната на сите права, обврски што произлегуваат од нив, а тоа го прави Собранието.

Во врска со ова прашање што е со правобранителството, со општинските судови за прекршоци и другите, јас нема да интерпретирам ниту давам одговор. Ќе го прифатам становиштето на ЗПК, ако таа дефинитивно цени дека тие функции треба да се бришат, нема причина Владата тоа да не го прифати.

Во име на Владата и во име на функцијата што ја извршувам, јас молам да се одговори не само на овие прашања што беа покренати, туку и на некои дилеми што произлегуваа од расправата во комисиите во врска со предложените амандмани за зголемување на износот на Буџетот, оти ние се судираме а не е првпат што ќе го кажам, со една контрадикторна ситуација. Сите ние викаме дека Буџетот е многу голем, а сите предлагаме нови обврски за буџетот. Таа контрадикторна ситуација мора не само Владата туку и Собранието во својата расправа да ја расчисти.

Решенија се три: или приходите, а тоа ќе каже даночните обврски ќе се зголемуваат за да се покријат новите обврски или ќе се прошири рамката за учество во вкупната распределба на општествениот производ или ќе се редуцираат намени. Четврто нема. Секое четврто претставува комбинација на првите три. Во таа смсила, јас го молам Собранието да помогне и на тие што надлежно-стручно се задолжени да го направат Буџетот и на оние што треба да ја прават селекцијата.

Пак ќе завршам со пратеникот Љубисав Иванов, ако во дискусијата што тој ја имаше ја респектирам од аспект на резонот кажеше стопанството не може да го поднесе овој сегмент од структурата треба да се брише, тој ќе помогнеше и на Собранието и нам ќе ни помогнеше. Меѓутоа, тој ги изнесе сите работи што го оптоваруваат стопанството, но не понуди помош. Помош како тоа да го растовариме. Јас мсилам дека не можам да предложам друг начин освен овие три што ги понудив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Иванов побара реплика.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Само една мала реплика.

Се извинувам што повторно се јавувам бидејќи две прашања беа спомнати за што почитуваниот министер за финансии спомна, а јас за нив зборував.

Првото прашање беше како да делуваме врз акционерите своите средства да ги насочат во правец на развојот. Таа работа министерот за финансии многу убаво ја знае. Тој е и банкар и е образован и знае како да не натера во тој правец да дејствуваме.

Во даночната политика, во светот тоа прашање е разрешено, има решение, има модели. Ако оди во инвестиции, потполно ослободено од даноци, за дивидентата. Ако оди за лични доходи, за порастот на своето богатство, тогаш даноци 90-60-70-30-40, зависно колку е износот и се знае тогаш се секој заинтересиран да оди во правец на инвестирањето, да ја зголемува дивидентата, богатството итн. Мислам дека во тој правец Министерството сигурно размислува и мислам дека ќе понуди предлог.

За второто прашање, мислам дека предложив. Можеби Тошевски доволно не ја следеше мојата дискусија.

Прво, да ви кажам, во делот на интервенциите во стопанството, освен во делот што се однесува на земјоделството, тоа е проверен модел во светот, модел на регреси, премии итн., па дури и во тој дел ние мораме да направиме значајни промени. Еве, нашата промена треба да биде да обезбедиме гарантирани цени за производи што обезбедуваат профит, како што направи светот. Тоа производство да го откупуваме, па ако треба да го фрлиме. Никогаш нема да го фрлиме. Ке бидеме принудени да го реализираме.

Втор начин е низ системски решенија. Во царините, во данокот на промет, таму треба да направиме крупни промени. Ако знаеме дека во земјоделството е потребно ѓубриво, а тоа ѓубриво не се употребува вон земјоделието, ќе го ослободиме од царински давачки, царини, царински оптоварувања итн., и земјоделството ќе добие евтино ѓубре. Или, фабриките што купуваат суровини за тоа ѓубре нив ќе ги ослободиме. Ќе ги ослободиме од данок на промет. Ако треба ние ќе ги сносиме трошоците околу уплатата на пензиско, здравствено осигурување итн., да го заинтересираме народот да се занимава со земјоделие и таму да се обработува.

Понатаму, ќе оставиме нешто дел за регресите. Да ви кажам, еве јас работам во извозно ориентирана фирма и која, од ова што предлага Владава најголем колач ќе лапнам со премиите за извоз. Но, нам не ни требаат премии за извоз. Ние треба курсот на динарот да го направиме така да го следиме доларот, како што е решено во светот. Каде имате во развиените земји да се премира извозот. Тој модел пропадна во Југославија. Нема корист од него. Нема ефекти. Него, соодветни односи на доларот на црната берза. Е сега, велите ни треба извоз. Но, со тие премии нема да го зголемиме извозот. Исто ќе бидеме заинтересирани ако имаме адекватни однсои. И многу таму прашања во делот на стопанството.

Исто така, мислам дека и останатиот дел во делот на здравството, во делот на образованието, за тоа зборував, во делот на културата, во делот на науката, во делот чак на ова што сакаме стандардот Бранко што зборуваше, стандарот да го зголемиме, за социјалата. Во сите тие делови мора да внесеме пазарни елементи. Да финансираме ептен само она што мораме. Другото да го препуштиме на донапорите, како што светот тоа го направи.

Ова се огромни ломови,огромни промени. За ова треба огромни напори. Ова треба да се совлада. Кај можеш да го откачиш оној кој 40 години лежел на јаслите на Буџетот. И мене ќе ме нападне и Министерот за финансии и претседателот на Владата, и ние сега, како партии, мојата партија СДС ќе застане сега зад нечии интереси и ние ќе ја нападнеме Владата зошто, на пример не обезбедува пари за Институтот за фолклор. Овој пример го кажувам најбезначајно. Зошто културата не ја финансира. Може ли една нација без култура?

Ова може да се реши, само под услов ние да имаме консензус во Парламентот, да застанеме зад таа Влада жестоко, а не сега да ги искористиме напорите на Владата тоа да го решава па после да ја напаѓаме од партиска гледна точка. Ако како партии, како што беше во Комисијата за стопанство ако како партии сфатиме дека живееме во оваа држава  и застанеме зад таа Влада да направи крупни реформи и крупни ломови и да претрпи огромни притисоци и влијанија од сите страни, тогаш таа ќе може тоа да го направи. Таа не е убедена дека ние ќе застанеме зад неа. Сега е тука тој дефект. Не Владата, ние треба да се договориме дали можеме машки, чесно во тој поглед да се ориентираме. Ако можеме, ќе имаме ефекти, ако не нема да имаме ефекти. Ништо Владата не може да направи без нас овде. Немаме ние партија која има мнозинство. Овде ќе се обидеме да правиме маркетинзи и врз напорите на Владата тоа да го решаваме. Ако во тој поглед можеме да постигнеме договор, има решение. Ако не, Владата ќе ја изложиме само на напор. Владата го кажа Буџетот, го предложила на база на постојните законски норми, одлуки, решенија, Устав, до сега стекнати привилегии итн., на база на тоа. Сега можеме 5 дена тука да расправаме, но шестиот ден да видиме дали можеме да се договориме или не. Во тој поглед да имаме ист став како партии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор побара господин Манчевски.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Прашањето не беше воопшто формално што го поставив и затоа барам одговор, во приходниот дел на тутунот, данокот на промет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор побара господин Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Потполно се согласувам со пратеникот Иванов за да иам предност стопанството, меѓутоа не сум задоволен од образложението на министерот бидејќи не добив одговор.

Јас не побарав да се зголемат средствата определени со Буџетот. Меѓутоа од Буџетот да се партиципира. Тоа е економска логика. На крајот на краиштата од правата и обврските одат заедно. Колку плаќам толку да партиципирам толку да земам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот Тошевски.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Прво, околу прашањето за проценка на приходот.

Точна е проценката дека основниот данок на промет и посебниот данок на промет, не само основниот, се потценети. Но, вие го имате во прилог амандманот кој се однесува на отстапување на дел на данокот на посебниот данок на промет, како стои во амандманот, што се однесува на општините. Според тоа, тоа го објаснував и на комисиите, таа проценка не е грешка, туку е свесна,

Второ, околу другото прашање, покрај другите функции знаете дека Буџетот има една алокативна функција, да земе од едно да даде на друго. Да упросечи стандард, да обезбеди критериуми да се применуваат и таму каде што објективно немаат реална основа да можат да бидат применувани.

Јас одбегнав да одговорам директно на прашањата и на сите аспекти спомнав стотина беа овде спомнати, свесно, затоа што секој пратеник има право и има свој поглед на одредено прашање. Јас немам право да се конфронтирам со сите тие погледи на секој пратеник.

Меѓутоа, функцијата на алокативност ако не биде присутна во Буџетот, Буџетот воопшто нема потреба да се носи. Секој ќе ги плаќа своите на начин како тоа ќе биде уредено на пазарот или во општеството како обврски и со тоа се заврши. Меѓутоа, ние имаме ситуација во образованието каде што е бесплатно, каде што правиме први обиди за некаква партиципација за што дури сега се размислува да се воведе. Имаме едно здравство во кое нешто е позначајна партиципацијата, меѓутоа, сеуште недоволна

да може тоа секој да го прави.

Трето, принципот што го спомна пратеникот Симо Ивановски принципот на нето пресметка на давачките, ќе го намали вкупното оптоварување пдо претпоставка дека целиот друг инструментариум останува меѓу 2,5 и 3% во структурата на стапките. Не на зафаќањата, на обемот на средствата, туку на стапките. Зошто?

Мултипликацијата по она што низ одредени анализи во минатото сме ја констатирале изнесува на таа големина. Ние имаме обврска од Собранието и овие денови ќе ја испратиме таа информација што би биле ефектите ако се премине од бруто принцип на нето принцип на пресметка на даноците и на придонесите. Би се случило тоа, ако останат овие обврски по законите, значи правата создадени со законите би се случило тоа само за ефектот меѓу разликата на бруто и нето да се зголеми висината на стапките. Ако е тоа 50, за 50%, ако е тоа двојно, тогаш за двојно. Ништо друго не би се добило. Би се избегнала само мултипликацијата. И тоа не е за потценување. И тој дел на прашањето би го надминале како проблем за расправа.

Меѓутоа, ако обемот на правата утврден со законите остане, оној што е тука во здравство во образование, во управа во стопанство, во земјоделство итн., принципот бруто нето нема да ја промени ситуацијата, а со тоа во врска беше и прашањето на сметководното искажување. Проблемот не е во сметководното искажување, макар што и таму има одредени тешкотии во поглед на следењето, на компарирањето и слично. Меѓутоа, од аспект на добивката, на акумулацијата, прашањето е во производството и во обемот на трошењето.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Јас само малку околу ова нето и бруто да кажам дека не се сложувам со излагањето на министерот во еден дел, не во целото, се сложувам дека ако се помине на основица нето дека со тоа не значи оти ќе се растовари стопанството, затоа што стапките ќе се зголемат, поради обемот на средствата. Тоа е сосема јасно. Но, една работа која министерот ја избегнува, ја знае но не сака да ја каже. Ако поминеме на нето основицата да пресметаме даноци и зафаќањата, јасно ќе ни биде кога ќе дискутираме овде ако треба да се зголеми стапката или да се намали ќе речам

намерно, на пример, инавлидско-пензиското осигурување, да знаеме дека само за него дискутираме и за него можеме да ја зголемиме стапката или да ја намалиме и да го оцениме обемот. Во тој случај сите други зафаќања, придонеси и даноци остануваат исти. Во сегашниот систем на пресметка се случува ако ние за еден од овие кои партиципираат од буџетот, само за еден ја промениме стапката, за 1, 2 итн., се зголемува основицата на бруто и сите другите без свои барања, без своја обврска без да бараат им се зголемуваат дажбините. Никој не сака  и не сакал едноставно затоа што се зголемила стапката оваа година од 16,5 на 18 за инвалидско-пензиското осигурување, сите во основицата по 2-3 проценти добија во своите зафаќања, се зголеми зафаќањето и сите добиваат повеќе средства, отколку што воопшто имаат право и што имаат договорено постапка. Така, сметам дека неминовност е поради расчистување и знаењето што сакаме и кај кого алиментираме, на кого колку му даваме. Тоа е моето барање, а не она дека ќе се намалат средствата. Тие во почетокот односно во стартот ќе бидат исти. Затоа што, нормално ако не се намали расходниот дел сакале или не сакале приходниот дел ќе биде. Но, сметам дека тоа е нашата заложба и мојата заложба, минатиот пат се прифати заклучокот и барам тоа да се разработи и тогаш да расправме и да се убедиме дека е така.

**ФАИК АБДИ:**

Незнам дали погрешно го разбрав министерот можеби при изнесувањето пред малку г-динот министер кажа дека ќе биде договорена економија ако ние на нас стопанствениците притоа што се преструктуираат, во приватна сопственост тоа станува, ако им се мешаме во работа, што и колку да произведуваат и како да ги уредат односите. Незнам дали точно сум го разбрал, но мислам дека не сум го разбрал доволно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во ред, погрешно сте го разбрале г-динот министер.

**ХАМИД АЛИУ:**

Се извинувам, само да го потсетам г-динот министер дека во член 48 од Уставот, алинеја 3 пишува: "Припадниците на националностите имаат право да основаат културни, уметнички ин-

ституции, и научни и други здруженија заради негување и развивање на својот идентитет".

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитувани пратеници, јас би се задржал на неколку моменти што беа кажани, иако мислев да се откажам од дискусија, меѓутоа, сепак кога се веќе продолжи да ги кажам јас моите мислења. Мислам дека, буџетот кој е важен документ немаме некои критериуми по кои критериуми го донесуваме. На пример, да гоземеме Министерството за финансии има испостава во општините, колкав е тој број на вработените во општините, го поставија тоа прашање, нема одговор. Исто така, имаме испостава за стопанство, колкав е тој број по општините, дали е тој број потребен толкав или треба да биде уште поголем исто така. Колкаво е финансирањето за ваквите министерства кои ги имаме, да не ги набројувам сите, за комуналии и за другите министерства што ги имаме по општините испоставени. Само имаме за правосудните органи, за судовите, обвинителствата, за судии за прекршоци и имаме за правобранителства. Исто така, се надоврзувам некои финансирања вршиме кои што не се во Законот и во Уставот, а ги финансираме. Ние можеме да финансираме дотација, да дотираме, но не целосно да ги финансираме таквите установи, не сакам да ги набројувам, заради тоа што сакам да го скратам времето. Мислам дека ако сакаме на некој начин да бидат приходите поголеми во идната година, мораме да го насочиме сите средства расположливи кои ги имаме да ги насочиме во развојот на стопанството, а во прв ред во искористувањето на земјата која ја имаме 143 хектари необработлива површина, а 1949 година била обработлива таа површина. Тоа стои во статистика. Инаку, да провериме можеби е повеќе или помалку. Имаме неискористени доста ресурси кои ги имаме а на некој начин не ги користиме. Топлата вода во Кочани само за една година треба да се финансира и да се заштитат огромни средства на мазут и на друго греење. Меѓутоа, не ја користиме. Зошто немаме експерти некои да проверат ваквата документација. Додека ќе одиме, едно огромно богатство го испуштаме во реката не го користиме онака како што треба рационално. Јас кажав, за што и најмногу се јавив Програма за рационализација. Мораме да направиме во сите сфери рационализација и во здравството и во образованието, во управата и во заводи кои ги имаме, во сите сфери да има рационализација. Не сум за тоа да ги намалиме работниците ако се тие потребни, меѓутоа, да искажеме да видиме каква е таа состојба. Се залагам за буџетот мора да има по општини и да

знаеме што работиме дали се тие доволни или не и што локалната самоуправа не функционира. Исто така, надлежните минситерства мислам дека се преокупирани со други проблеми, можеби оправдано, меѓутоа, заради тоа не доаѓа во стопанството односно во основните организации во индивидуалното земјоделство неприлики. Мислам дека треба да бидеме поприсутни во стопанството и треба да ги поттикнуваме сите развојни можности што може, тогаш сигурно средствата ќе бидат поголеми. Ова што се предлага, додатни средства, па никогаш во земјоделството не се толку средства предложени. Меѓутоа, кога ќе се користат, начинот на користењето ми се чини се уште не стигнува до индивидуалниот земјоделец за премиите и регресите, не стигнува до индивидуалниот земјоделец. Прво, од буџетот, од министерствата, Владата презема мерки. Средствата доаѓаат до банката, доаѓаат до организациите на здружениот труд, во земјоделството и тука затајуваат, додека земјоделецот не стигне. Мислам дека треба да се изврши таа проверка, дали е тоа така што го зборувам или не е така и ако е така да се најде решение како да стигнат до земјоделецот како можеме земјоделецот да го поттикнеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Ако никој не сака збор, ние со ова еве констатирам го заклучуваме претресот во начело. Сега тука има неколку отворени прашања за тоа како да продолжиме понатаму. Нормално е сега јас да отворам претрес по текстот на предлогот на буџетот. Тоа сега да го сторам или утре, да се договориме. Меѓутоа, овде има од една комисија еден предлог кој беше поддржан од повеќе дискутанти. Тој предлог е, јас би го поврзал со некои други размислувања. После начелниот претрес да сугерираме на Владата, тоа е нивни предлог за неколку дена да се одложи разгледувањето на текстот на буџетот и Владата да направи пречистен текст на сите амандмани, на целиот текст, затоа што имаме многу амандмани за кои не им ја знаеме ни судбината на повеќето од нив итн., и притоа да се обиде некои од овие укажувања кои овде беа дадени околу обемот на Буџетот, околу намената на буџетот на некој начин да ги апсолвира и да ги прифати. Тоа е сега прашање упатено до Владата. Дали Владата може да прифати еден наш таков заклучок па поопстојно да се обработи буџетот или да ризикуваме, ние не знаеме какво е влијанието на заклучоците на оваа комисија во свеста и определбите на секој од пратениците.

Да не ни се случи да минеме на претрес по текстот на буџетот без да се отстранат односно да се вложи напор да се отстрани некои од тешкотиите за кои зборувам, па да се случи да направиме некоја потешка блокада во донесувањето на буџетот. Јас ве молам одговорот на ова прашање да го оставиме за утре, за почетокот на седницата, ние не мораме сега. Бидејќи е тоа предлог од Комисијата, ќе го давам на изјаснување на Собранието, па нормално вие поразмислете во Владата, да знаеме утре кога ќе дојдеме овде каков и вашиот став. Тогаш ќе ни го соопштите. Тоа е една работа.

Сега јас не би минал на претрес по текстот кна Предлогот на буџетот, затоа што не можеме многу работи да завршиме многу од пратениците ќе си заминат, така и беше договоро до 7,00 часот да работиме а од друга страна сега треба да минеме по договорот на точката 33 формирање на група.... како што беше таму форулирана, а при беше Договор Собранието пред да минеме на донесување на Одлука за формирање група, г-динот Фрчковски, министерот за внатрешни работи да даде една куса информација за настаните во Радовиш вчера. Расправата по тоа нема нема да водиме, се разбира, заради тоа што мора да ни се понуди комплетен материјал за да можеме да се подготвиме за расправа. Треба да имаме некој документ за тоа. Молам, ако расправаме по тоа што сме чуле, тоа е друга работа.

Го молам господинот Љубомир Фрчовски да дојде и да земе збор.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Морам да кажам дека малку не ми е јасно сега улогата која треба да го има ова повторување на соопштението кое е писмено доставено. На господата пратеници им е доставено едно писмено соопштението кое главно го сумира во една збиена форма настаните кои што се случија 31.03.ог. во Радовиш. Имено,сите ние знаеме дека наспроти овие социјални тензии кои се јавуваат, се јавува полицијата како некаков истурен орган кој е на судирот на овие социјални тензии од различни страни и тоа беше случајот во Радовиш. Имено, барањата смената на директорот на споменатата фабрика беа прекршени преку овластувањата и обврската на полицијата да ги чува објектите кои се во општествена или државна или како сакате сопственост од луѓето кои во нив не се вработени, а кои насилно сакаат да влезат во

нив, не навлегувајќи во намерите на тие граѓани. Настаните се прикажани во соопштението децидно, а кога е потребна подетална информација таа заедно со овие последни, бидејќи и денес попладне има најави на собирање во Радовиш, исто така, ќе бидат посебно доставени до Собранието во посебна детална информација. Јас надвор од оваа информација немам потреба ништо повеќе подетално да кажам.

Истовремено, ако ми дозволите јас би кажал уште една информација за еден настан кој овде беше поставен од пратеникот Положани за кој немате информација и веројатно посебно денес нема да биде доставена до вас. Имено, се работи за еден настан кој се случи вчера после митингот под мотото "За демократија и рамноправност" одржан во организација на партијата ПДП-НДП во Скопје. Имено, група на наши граѓани, учесници на митингот користеа транспарент, всушност два транспарента на кои беше нацртана картата на Голема Албанија на едниот а на другиот замислената политичко-териториjална автономија на албанците во Македонија, што според член 21 од Законот за прекршоците е казниво. Гледајќи стриктно во рамките на правната држава и нејзиното функционирање, тие беа идентифицирани и на железничката стара станица, платото на старата железничка станица беа симнати од автобусот и побарана идентификација, односно земени основните лични податоци. После тоа тие се пуштени и против нив, нормално ќе биде покрената нормалната прекршочна постапка и тука да нема сомневање дека ќе има било какви отстапувања. За некакви малтретирања не може да стане збор воопшто, тоа се дезинформации, тоа се случувало пред голем број на луѓе на платото на старата железничка станица. Пуштени се после нормално рутинско проверуваше на податоците без никаква интервенција од никаква политичка партија или пратеничка група, кога еден од пратениците, не се сеќавам точно на презимето ми се јави, веќе тие беа пуштени, така што тука нема никаква интервенција. За тоа, се работи, инаку, сите четворица граѓани кои се идентификувани се во некаква роднинска врска со пратеникот Мерсим Положани, веројатно, поради тоа е и директната интервенција од него. Меѓутоа, тоа се не го менува ставот на полицијата дека во овој случај е сосема коректно интервенирано без било каква злоупотреба на службената должност Напротив, многу брзо и многу ефикасно е завршен целиот случај, што велам нема никаква врска со тоа што против дадените граѓани ќе биде покрената прекршочна постапка, што е исто така сосема нормално.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Ке ми извинете господа пратеници не отворам расправа вчера, како што е наведено во соопштениeто, имаше демостративен собир во Радовиш, пред ЈАКА-Радовиш од страна на земјоделци, во некој дел прикажани некои состојби, можеби бројките не се точни. Но, така ги видел тој што ги составувал. Сепак, ова соопштение е од орган, полиција, што јас многу не верувам на таквите соопштенија и белешки, затоа што работев повеќе од 16 години како обвинител, го знам тоа искуство во дописите и преписите од полицијата. Тоа се може само основни податоци. Ние стигнавме со другиот пратеник некаде околу 20,00 часот. Тогаш беше хаос на подрачјето во Радовиш. По ниви, влезот спрема Радовиш од Монополот спрема центарот насекаде беше луѓе. Бројката каде што се исполнува 1500 сметам дека е прилично намалена, се зборува дека имало преку 4000 демонстранти. Како се зголемувал бројот на демонстрантите така се зголемувал и бројот на полицијата. Се спомнува бројка до 500 полицајци и тоа специјалци. Причините од тоа што јас има како сознание, од обавени разговори, сепак, со замене видни луѓе во Радовиш кои што биле на настанот за да видат што ќе се случи. Основна причина е што разговорите помеѓу штрајкачкиот одбор и управниот одбор на "ЈАКА-РАДОВИШ" кој што се водел скоро 6 или 7 часа често пати биле манипулирани штрајкачкиот одбор изигрувани и понижувани. Вика во секој момент ќе ви дадеме ние ваква одлука, таква одлука, ги исцрпуваме луѓето кои што барале. Единствено се свеле да незаконитите директори да си отидат од колективот. Вчера разговарав и со претседателот на Владата, и со потпретседателот. Некои од нив сметаат дека не е тоа работа на луѓето што излегле да демонстрираат. Министерот рече дека тие луѓе немаат право да влезат во кругот, бидејќи не се нивни работници. Јас длабоко сум убеден дека тие се итекако нивни работници. Можеби и најголеми работници, затоа што тие се врзани за тој монопол со Закон. И тоа со Закон. Законот му налага да склучи договор исклучиво со тоа претпријатие и исклучиво да му го однесе тутунот на него. Тоа се правата што ги имаат тутунопроизводителите. А другите права при проценката на тутунот, при цените ги одредува "Југотутун". Досега на повеќе начини државата, гарантирани цени, а по класи "Југотутун" , а тој што цени тутунот дали е прва или втора класа тоа е народната "Кадија те тужи, кадија те суди". Токму од тие причини а една и тоа што оваа година е крајно висока инфлацијата. Цената на тутунот исплатена во декември месец и март месец не се споредува. Во декември месец кога се покачија цените со 50 посто и стигна просечна цена на тутунот во РАдовиш

околу 170-180 динари и сега во март 180 динари, тоа се рамно веројатно 50 динари во однос на таа цена. Тие луѓе тоа го прават од социјални причини. Побараа со заклучоци работната организација АД "Јака-Радовиш" која што во Радовиш ја викаат "апашко друштво" не акционерско друштво, побараа да им ги зголемат цените во просек да стигнат до 400 динари.

Лично сум убеден дека тоа претпријатие може тоа да го стори. Можеби не можат другите, не ги знам состојбите, имаат такви технолошки решенија, претпријатие во кое што работат 200 работника, произведува тутун, и тоа квалитетен над 3 милиони кгр. годишно од што се остваруваат итекако разлики. Разликите одат во друго. Од формирањето на Акционерското друштво се формира и приватно претпријатие на директорот и неговиот син. Целокупната трговија ја вршат преку тоа. Токму тоа, тој народ го иритира бидејќи државните органи затаија и никој не влезе таму. Тие бараа да се испита какво е работење и зошто директорот на АД "Јака-Радо-виш" кој што во јануари месец 1991 година ги исполнил условите за пензија и по сила на законот на него му престанал работниот однос кое што еконстатирано од трудова инспекција (општинска, Републичка, прекршочна постапка водена) и тој не си оди. Зошто не си оди? Затоа што има интерес. Ако по предупредувачкиот штрајк на 20 март кога се одржа, тие постапеа по тоа до ова не ќе дојдеше, Во петок, на 27 побарале прием во Владата. Претседателот на Владата бил зафатен со потпишување на договори со армијата. Било предадено да ги прими Јован Андонов, но излегло работа тој отишол за Штип. Се јавиле кај министерот за земјоделие после седницата на Комората ги примил. Ги примил и Богоевски. Ако постапел Богоевски по договорот, ако тие дошле во понеделникот со инспекциски служби да ја проверат работата што ја бараат тие немало да дојде до тоа. Тие луѓе се работници. Тие луѓе створаат храна и не се спремни да се тепаат со полиција. И таа полиција е нивна.

Имав прилика на 20 март да бидам присутен таму, ниту еден не дигна камен, тревата не ја стапнаа. Беа пуштени во кругот, таков мирен собир, единствено што преку звучници бараа да дојдат тие директори да кажат за тоа што бараат. Тие им се исмејуваа. Дури синот на директорот, нека ми извини овој аудиториум и маке-донската јавност се фаќаше за половите органи према граѓаните, тие земјоделци "ќе земете вие од ова претпријатие" и се фаќал за раката. Тоа е приватизирано претпријатие. Ние немаме органи, немаме инспекциски органи.

Претседателот Кљусев често пати го спомнува, но јас замерам што не го спроведува тоа. Тие инспекциски органи се на Владата односно на Минситерството. Седумдесет посто од нив се вклучени во криминалот, 20 посто ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да не влегуваме во проценти.

(реагирање на пратениците од место)

Па, ние и немаме расправа. Ве молам тишина.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Токму тоа, во 16,00 часот кога управниот одбор им дал одлука велејќи на штрајкачкиот одбор еве донесовме решение да си отиде директорот од утре. Тие кога прочитав им напишал одлука дека ќе распишат конкурс за директор. Настанал судир. Рекле дека ќе донесеме друго решение. Отишле, наводно напишале решение и кога требало да го предадат рекле нема кој да го заведе. Така ги довеле граѓаните во една таква состојба, револтирани и никогаш не се обиделе да влезат во кругот. Патот бил цел ден отворен, иако демонстрациите се одвивале на патот.

Биле повлечени, кој бил за Радовиш надвор од патот. Тогаш побарав од милицијата архиварката да ја најдат, да и кажат побрзо, затоа што времето си оди, се стемнува и ќе стане лоша состојбата. Бидејќи полицијата не можела да излезе во пресрет за тоа, да ја најде архиварката, рекле патот ќе го блокираме за 20 минути. Кога тие се обиделе да го блокираат патот за 20 минути, се дало сигнал од лицето кое раководело со полицијата да се употреби сила. Тогаш се фаќаат полицајците за палка, неспорно дека тогаш и овие измалтретирани почнале да зимаат камења. Настанала општа тепачка.

Се употребиле димни бомби, овде пишува 10 и 30. Не располагам со такви податоци, не знам, но граѓаните зборуваат дека се фрлени повеќе од 300. Овие ги фрлале према нив, а тие ги вра-
ќале назад према полицијата.

Пишува дека се повредени 14 полицајци. Вчера разговарав со Горѓи од Струмица, старешина на тој орган, беше во полицијата

кажаа дека има само 4 полицајци, за 10 зголемени. Се зборува дека 11 граѓани, а повредени беа 35 што се јавиле на лекар. Другите се разгонети по патиштата за да си отидат по селата. Повредите биле нанесувани прилично брутално. Биле разгонувани луѓето по 200 и 300 метра далеку вореката. Ги ваделе од колите. Еден лекар кој отишол да пружа помош го извадиле од кола и го тепале. Затоа не сакам сега да се спорам со тој настан. Ми се чини дека овој Парламент ќе одлучи правилно.

Лично сметам дека ги пречекориле правата, органот за внатрешни работи, но затоа веднаш да се формира парламентарна група која може и утре да отиде на лице место. Состојбата е прилично тешка бараат присуство на претседателот на Владата и министерот Фрчковски.

Исто така, покрај формирањето на таква група предлагам тоа што ветил Богоески, министерот Фрчковски да се задолжи од ова Собрание веднаш и пред да испрати инспекциски служби, да се вклучи и СОК. Таму има работа за 10, 15 и 20 дена. Дури тогаш ќе ги видиме вистинските состојби и овој Парламент ќе може да одлучи правилно.

Благодарам на вниманието.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Овде се работи дали сега на некој начин со новите министерства ќе проработи и палката. И на источниот и на западниот дел од Македонија. Јас на господинот министер сакам да му верувам, немам никаква родбинска вреска, но исто така сакам да им верувам на 40 потписи и револтираните граѓани што овде мене ме изнесоа од седница. Не се работи за тоа полицајците, односно инспекторите да ја вршат нивната должност, тоа е нивно право и обврска и никој не ги спречува. Се работи за нивниот однос, за нивната грубост. Се работи за една лоша инерција на стариот начин на однесување. Никој не се лути да ги легитимирале. Ние во западниот дел сме научени, еве јас лично по пет пати во неделата сум учен да се легитимирам, иако сум познат како црвена пара.  А најповеќе, најмногу болен беше револтот на еден 70 годишен борец, кој ми ги даде и овие медали.

(Ги вади медалите од џеб).

И ми рече врати му ги на министерот, не сум се борел за ова.. Кога овој се обидел да им објасни на полицајците бил наречен и магаре, како што биле наречени и сите други граѓани. Во тоа е проблемот, господине министре, во ништо друго.

Затоа на некој начин ова треба да се гледа на ист начин и со исти аршин. Не е ова за смеење господа. Ние не се смееме со струмичкиот случај, не се смејте и вие, да бидеме културни, затоа што и ние можеме и поинаку да се однесуваме.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Бидејќи колегата ја објасни ситуацијата вчерашна и денешна во Радовиш, јас само едно надополнување.

Како претседател на победничката партија во Радовиш сакам да кажам дека овој проблем е издигнат на едно ниво на јавен проблем што беше иницииран кај нас и уште од почетокот на конституирањето на Собранието, после изборите веднаш беше изнесен пред собраниските органи. Мислам при ресорните министерства во општините, па до ресорните министерства во Републиката.

Министерот за труд и социјална политика имаше дадено решение за престанок на работниот однос, бидејќи незаконски го има продолжено. Исто така и на заменик директорот, имаме интервенирано повеќе, нешто се презема, нешто не, бидејќи тој не е легално примен на работа. Реков дека ова и издигнато на ниво на еден јавен проблем. Бидејќи во малите општини поинаку се гледа на работите, бидејќи сите се познаваат.

Бидејќи министерствата не можеа ова да го решат Одборот во Радовиш решивме да поднесеме кривична пријава до јавниот обвинител и тоа е сега во процедура. Целта ни е ова да го кажеме. Биравме мирни средства, а Владата ако беше поажурна воопшто немаше да дојде до овој несакан сега момент. Пред некој

ден тоа и на телевизија го истакнав бидејки Владата е запознаена, па и премиерот и требаше тоа до сега да се реши.

Друго, сакам да истакнам дека вчера, не знам како Владата и ресорното Министерство планирале, но на еден начин според мое гледање неправилно е постапено бидејќи уште сабајлето кога доаѓавме, а знам луѓето доаѓаа и кај мене како пратеник, земјоделците, организираа штрајк но по редослед, по закон со најавување, со сите работи, до милиција, до секаде каде што тоа треба да го направат. Утрото имаше многу полиција околу "Јака"- Радовиш. Тоа беше навистина грозна слика, ние не сме научени да гледаме такви слики, да се брани еден објект од своите граѓани. Тоа е навистина иритирачко. Тоа беа полицајци наоружани доста, кое што навистина го иритира народот.

Потоа рековме дека ќе формираме комисија, ќе се разјасни случајот. Јас имам свои видувања, но сега да не нагаѓаме дали така или онака.

**СТОЈАН АНДОВ:**

После групата што ќе ја испратиме.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Треба да се испита овој случај посебно и овде да го разгледаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да се договориме. Ако одиме во расправа сега не треба група да формираме.

Ако одиме во расправа по овие искази овде и соопштението што е поделено, како и исказите на министерот и двајцата пратеници таму живеат и од таму се избрнаи, вчера таму отидоа и беа очевидци, како и пратеникот Положани кој донесе список на

овие што вложиле протест, ако одиме натаму во расправа треба да се договориме дали има потреба да формираме група. Изгледа дека ќе ни биде доволно ова што е кажано и по тоа да водиме расправа.

(Реагирање од место за формирање на група).

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници воопшто немам намера да расправам и материјална расправа да отворам, мегутоа сакам да изразам еден мој револт. Не знам дали вие забележавте, меѓутоа за мене е нон-сенс Министерството за внатрешни работи да комуницира со овој Парламент, од кој Парламент е избран министерот за внатрешни работи на начин како што е сега направено, со соопштение. Мислам дека овој македонски Парламент воопшто не е ни македонската Радио-телевизија, не е ни НИП Нова Македонија и т.н.

Ова е таканаречен втор случај каде што се применува, така да речам груба сила. За едниот случај, за Куклиш беше предложено да се оформи таа анкетна комисија, па би напомнал само дека ме загрижуваат ваквите појави или треба некој да ни каже дали сме влезени во една диктатура или се наоѓаме во еден демократски парламентарен живот.

Мислам дека до еден минситер за кого сме свесни дека пред малку време, некаде месеци повеќе го избравме, човек кој беше еден ое творците на Уставот И БИ РЕКОЛ НАЈГОЛЕМИОТ творец на Уставот на Република Мкаедонија каде во членот 21 верувам дека е тоа и негова заложба, стои децидно дека граѓаните без претходна најава и тн. имаат право да искажуваат свои протести, Устав во кој се гарантираат синдикалните здружувања и тн., мислам дека не води кон добро и кон зачувување и продлабочување на демократијата во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, прво да ги утврдиме задачите на групата.

Групата треба да ги испита причините што довеле до ова, кои субјекти учествувале во создавање на причините, потоа како е одлучено да дојде со собир, како дошло до собир, каков е односот на сите инволвирани таму на оние од "ЈАКА", од Владата, од Министерството за внатрешни работи и целиот настан како течел, со предлози, извештај со предлози за утврдување на степенот на одговорноста на оној кој треба да сноси одговорност. Сето тоа да го утврдат тие. Во кои услови дал наредби, кога дал наредби, дали дал наредби, дали е тоа генерална наредба ако нападната полицијата да мора така да се реагира и тн. Сето да се опише како билореално.

Дали се согласувате со така утврдените задачи, односно со таквата целосна задача.

Молам, кој е за нека крене рака? (пратениците креваат рака)

Благодарам.

Тоа е задачата на групата.

Групата треба да ја составиме вечерва, за да може утре да појде на лице место.

Предлагам групата да ја води потпретседателот Киро Поповски, кој со собири на граѓани....

(Бурно реагирање од пратениците)

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**

Парламентот нека предложи, зошто вие предлагате?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, добро. Па и јас сум во Парламентот. Ве молам, ве молам, господине Мицевски, седете си малку мирно, треба да држиме атмосфера на работа. Не треба толку лутење. Ке се договориме за се.

Ве молам, ако може за тишина да продолжиме со работа.

Можеме да ја задолжиме Комисијата за избори и именувања да даде предлог, да формира предлог, за тоа време ние да насправиме пауза па да го слушнеме предлогот на Комисијата.

Кој е заменик на претседателот на Комисијата?

(Бурни реакции од присутните пратници во смисла не предлага Комисијата туку Парламентот)

Како Парламентот? Сите ли ќе предлагате? Како ќе предлагате?

(Бурни реакции од пратениците)

Ве молам за тишина да можеме да работиме.

Прво, принципите, треба да има член на групата од секоја пратеничка група. Значи, од секоја пратеничка група ќе има член во групата. Еден независен член треба да има.

Има збор господинот Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Бидејќи овде се стекна недоверба дека претседателот некого

ќе предложи мој предлог е секоја пратеничката група нека предложи свој пратеник. Дали може така? (Може)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, но еден мора да ја води таа група.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Оние што ќе бидат предложени, меѓу себе нека си предложат водител.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Се извинувам, само не разбрав за задачите на таа група кој треба да бидат. Претседателот го цитираше само случајот Радовиш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, не, Предлогот е и за Куклиш.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Па не спомнавте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, не, тоа го знаете од дневниот ред, задачата е и за Куклиш.

**БОРИС ЃОРЧЕВ:**

По предлогот од секоја партија да има по еден член, покрај тоа, јас би додал да има и еден независен кандидат, а покрај нив и двајцата пратеници од Радовиш, а раководител на групата независниот пратеник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Двајцата пратеници предлагам да не бидат членови на групата, но да бидат консултирани и да бидат вклучени во работата бидејќи тие се непосредни инволвирани, таму се итн.

Се согласувате ли со овој предлог, независен кандидат да биде претседател на групата.

Кој е за тој предлог мора да крене рака?

(Од пратениците има инсистирање членови на предложи и раководител Комисијата)

Еве, има инсистирање Комисијата да предложи. Предлагам пауза од 15 минути за да се состане Комисијата.

(Паузата започна во 19,оо часот)

(По паузата седницата започна со работа во 19,35 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам известителот од Комисијата да го соопшти предлогот на Комисијата.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на седницата одржана на 1 април 1992 година утврди предлог за состав на Парламентарната група која ќе ги испита сите околности околу протесниот собир во кругот на АД "Јака" - Радовиш и за испитување на настанот со блокадата на магистралниот пат Струмица-Валандово.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И овде што биле запирани после митингот.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Добро, одлуката ќе се формулира, не е проблем. Работната група е во следниот состав: за претседател Тодор Петров. Членови: Панчо Минов, Џелил Таири, Стоиле Стојков, Алил Џаферовски, Ристо Ќелешов и Бранко Арсовски. Тоа е предлогот на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за составот молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Благодарам.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека го утврдивме составот на групата. Групата треба утре да замине на лице место и да даде предност на настаните во Радовиш, а потоа да ги испита другите настани.

(Од пратениците се напомнува тоа да се направи во Куклиш)

Не, не, прво во Радовиш затоа што сеуште таму траат немирите. Прво, Радовиш, па Куклиш, па случајот после митингот овде.

Предлагам да заклучиме: сите надлежни органи од Владата да обезбедат комплетна кооперативност со Комисијата. Да се пренесе препопрака на сите органи од локалната самоуправа да обезбедат комплетна кооперативност и од сите инволвирани учесници од "Јака" -Радовиш, од Штрајкувачкиот одбор и здравствен дом и тн. Собранието препорачува на сите тие да обезбедат соработка со групата.

Предлагам сега да завршиме со работа, а да продолжиме во 11,оо часот утре.

(Пратениците инсистираат седницата да започне порано, не во 11,оо часот)

Чекајте, им дадовме задача да направат пречистен текст не ќе можат тоа да го направат, а Владата треба да биде присутна и овде.

Ве молам, утре ќе се работи, дајте да се организираме, тешко е сите 120 да зборуваат, а нешто да се договориме, Тао е невозможно. Значи, утре во 11,00 а бидејќи неверувам дека тие можат да направат пречистен текст на целиот буџет, нема технички можности за тоа, нека направат чист преглед на прифатените и одбиените амандмани. Инаку, невозможно е да направат цел пречистен преглед.

Дали се согласувате со ова, односно може ли така?

Во ред,  договорено.

(Седницата прекина со работа во 19,40 минути).